УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
„БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

м-р Зоран Николовски

АНГЛИСКИТЕ ЛЕКСИЧКИ ЗАЕМКИ ВО ФРАНЦУСКИОТ ЈАЗИК од 1945 до 2005 ГОДИНА (ЛИНГВИСТИЧКИ И СОЦИОКУЛТУРЕН АСПЕКТ)

Докторска дисертација

Ментор: проф. д-р Звонко Никодиновски

Скопје
2012

На мајка ми Вера, предоцна

СОДРЖИНА

СОДРЖИНА.....3

ПРЕДГОВОР.....7

ПРВ ДЕЛ-ЗАЕМКАТА КАКО ЈАЗИЧЕН И СОЦИОКУЛТУРЕН ФЕНОМЕН.....17

ГЛАВА 1: ЗАЕМКАТА КАКО ЈАЗИЧЕН ФЕНОМЕН….....19

1.1. Краток историски преглед на истражувањата на заемките.....21

1. 2. Поимот *заемка*.....23

1. 3. Критериуми за идентификација.....29

1. 4. Причини за позајмување.....32

1. 5. Фактори кои го поттикнуваат позајмувањето.....34

1. 6. Посредници во позајмувањето.....36

1. 7. Адаптација на заемката.....37

1. 8. Начини на позајмување.....43

1. 9. Природа на заемките.....45

1. 10. Поимот *англицизам* наспрема *американизам* и *британизам*.....47

1. 11. Поимот *франгле*.....55

1. 12. Контакт на јазиците и јазични интерференции.....57

ГЛАВА 2: ЗАЕМКАТА КАКО СОЦИОКУЛТУРЕН ФЕНОМЕН.....63

2. 1. Дефинирање на поимот *култура*.....65

2. 2. Поврзаност на јазикот и културата.....70

2. 3. Поврзаност на јазикот и општеството.....76

2. 4. Англискиот како јазик-давател.....83

2. 5. Фактори за ширење на англицизмите во другите јазици.....85

2. 6. Француското општество од 1945 до 2005 година.....92

ВТОР ДЕЛ- АНАЛИЗА НА АНГЛИСКИТЕ ЛЕКСИЧКИ ЗАЕМКИ ВО ФРАНЦУСКИОТ ЈАЗИК.....99

ГЛАВА 3: ОБЛАСТИ НА АНАЛИЗА НА АНГЛИСКИТЕ ЛЕКСИЧКИ ЗАЕМКИ ВО ФРАНЦУСКИОТ ЈАЗИК…….....101

3. А. Области на анализа на англиските лексички заемки во францускиот јазик.....104

3. Б. Признаци на единиците.....106

3. 1. Општествени и хуманитарни области.....113

3. 1. 1. Лингвистика, литература, издаваштво и образование.....114

3. 1. 1. 1. Лингвистика.....114

3. 1. 1. 2. Литература и издаваштво.....121

3. 1. 1. 3. Образование.....125

3. 1. 2. Антропологија, историја, социологија, општество, право, политика, правни и политички институции, култура, религија.....126

3. 1. 3. Психологија и филозофија.....156

3. 1. 4. Економски подобласти.....166

3. 1. 4. 1. Економија, берзанско работење, финансии…..…...166

3. 1. 4. 2. Трговија и огласување и рекламирање.....182

3. 2. Природни и технички области.....196

3. 2. 1. Технологија, индустрија, вооружување.....197

3.2.1.1 Машинство, материјали, алатки, јавни изведби, рудници.....197

3. 2. 1. 2. Тешка индустрија (нафта, металургија).....207

3. 2. 1. 3. Текстилна индустрија, лесна индустрија.....212

3. 2. 1. 4. Вооружување, армија.....216

3. 2. 2. Транспорт.....224

3. 2. 2. 1. Пловидба.....226

3. 2. 2. 2. Железници.....234

3. 2. 2. 3. Автомобилизам.....235

3. 2. 2. 4. Аеронаутика и астронаутика.....240

3. 2. 2. 5. Други превозни средства.....251

3. 2. 3. Медицински науки (биологија, здравје, фармакологија, дрога).....254
3. 2. 4. Физички науки, електроника, хемија, астрономија, статистика и математика.....290
3. 2. 5. Информатика.....310
3. 2. 6. Науки за земјата, метеорологија и океанографија.....334
3. 2. 7. Земјоделство, растенија.....338
3. 2. 8. Зоологија.....342
3. 2. 9. Мерни единици.....345
3. 3. Уметност.....347
3. 3. 1. Музика и танц.....347
3. 3. 1. 1. Музика и танци.....348
3. 3. 1. 2. Џез.....361
3. 3. 1. 3. Репродукција на звуци.....365
3. 3. 2. Кино и фотографија.....370
3. 3. 3. Уметност, спектакли, театар.....383
3. 4. Секојдневен живот.....394
3. 4. 1. Исхрана.....395
3. 4. 1. 1. Храна.....395
3. 4. 1. 2. Пијалаци.....404
3. 4. 2. Живеалиште, покуќнина, урбанизам и хоби.....409
3. 4. 3. Облека.....415
3. 4. 4. Нега на тело (козметика, разубавување), фризура, хигиена……..427
3. 4. 5. Медиуми, комуникации.....431
3. 5. Спортови и слободни активности.....454
3. 5. 1. Спортови 455
3. 5. 1. 1. Спортови-општо 463
3. 5. 1. 2. Спортови со топка 466
3. 5. 1. 3. Спортови со топче: тенис, голф, други спортови со топче.....468
3. 5. 1. 4. Други спортови 469
3. 5. 1. 4. 1. Атлетика 470
3. 5. 1. 4. 2. Боречки спортови 471

3. 5. 1. 4. 3. Механички спортови 472
3. 5. 1. 4. 4. Спортови на вода 474
3. 5. 1. 4. 5. Спортови-разно 477
3. 5. 2. Игри 481
3. 5. 2. 1. Игри со карти 482
3. 5. 2. 2. Други игри 484
3. 5. 3. Туризам и риболов 488
3. 6. Разно 493

ЗАКЛУЧОК.....509

БИБЛИОГРАФИЈА.....519

БИБЛИОГРАФИЈА НА КОРПУСОТ.....531

Индекс на обработени лексички заемки.....535

ПРЕДГОВОР

За време на одржувањето на X Меѓународен конгрес на лингвистите во Букурешт во 1967 година, повеќе лингвисти истакнуваат дека еден од фундаменталните проблеми на лингвистиката е одредувањето до кој степен еден јазик влијае врз друг. Таквиот став може да се оправда со фактот што механизмите на заемката фрлаат нова светлина во проучувањето на структурата на јазикот. Заемките исто така сведочат за историјата и цивилизацијата, а со нивното проучување се доаѓа и до други научни резултати во општата лингвистика, јазичното планирање и филологијата. Тежиштето на проучувањето се наоѓа на точката на вкрстување на синхрониската и дијахрониската лингвистика, општата лингвистика и филологијата. Заради сеопфатност и точност на резултатите, испитувањето на заемките е поддржано и се збогатува од искуството и резултатите од други научни дисциплини.

Политичката, социјалната и економската состојба по Втората светска војна доведуваат до зајакнување на позицијата на англискиот јазик во светот. Социоекономската надмоќ на САД, врз која почива нивната културна хегемонија, придонесува англискиот да стане најупотребуван јазик во меѓународната комуникација за само неколку децении.

Во шеесеттите години во Франција, за првпат со толкав голем интензитет се јавува силен алармен сигнал во однос на преголемата употреба на заемки од американско или британско потекло. Рене Етиамбл (René Étiemble) во својата книга *Parlez-vous franglais*?[1] смета дека францускиот јазик е во опасност и е преплавен од странски, односно англиски примеси кои го обезличуваат и задушуваат. Тој за првпат го употребува терминот *franglais* што значи прекумерна употреба на неологизми, лексички заемки и синтаксички структури од англиско потекло. Оттогаш започнува силната дебата околу овој проблем во француското општество. И франкофонската заедница во Канада одлучува да стави ред во мошне англицизираниот француски јазик во оваа земја што се должи на интензивниот контакт меѓу

[1] R. Etiemble: *Parlez-vous franglais*?, Gallimard, Paris, 1991, (1 изд. 1964).

двата јазика. Квебечаните сметаат дека францускиот јазик од Франција не треба да биде модел за јазично уредување во нивната земја зашто и тој самиот е јазично контаминиран. Од тоа време во Франција започнува една нова јазична политика[2] чијашто цел, меѓу другото, е создавање на француски термини кои ќе ги заменат англиските кои сè повеќе се одомаќинуваат во францускиот јазик.

Целта на овој труд е да се истакне проблемот на англицизација и американизација на францускиот јазик проучувајќи ги англиските лексички заемки во определен временски период по Втората светска војна, од 1945 до 2005 година. Со тоа би се потврдило и англоамериканското влијание врз француското општество и култура. За појдовна година ја означивме 1945 година кога завршува војната и започнува еден нов период од историјата, а 2005 е година кога ги завршивме подготовките за започнување на проектот.

Според првото издание на Речникот на англицизми од 1986 година на авторите Жозет Ре-Дебов (Josette Rey-Debove) и Жилберт Гањон (Gilberte Gagnon), вкупниот фонд на лексички заемки во францускиот јазик од американскиот и британскиот англиски јазик изнесува 2714[3]. Во второто издание на истиот речник од 1990 година, таа бројка се зголемува за нови 140 зборови. Анриет Валтер (Henriette Walter)[4] смета дека современиот француски јазик содржи околу 2.500 англицизми и дека секој втор англицизам навлегол во францускиот јазик во текот на 20 век. Овој број може значително да се зголеми со продлабочено истражување на лексиката во одредени специјализирани области. Сето тоа претставува основа за други понатамошни истражувања, дебати и размислувања.

Покрај лексиколошкиот, односно јазичниот аспект за истражување на овој проблем, истиот може да биде анализиран и од социолошка и културолошка гледна точка. Поаѓајќи од фактот дека јазикот е тесно поврзан со општеството и културата, а имајќи ги пред нас како аргумент англицизмите што во францускиот јазик се употребуваат во временски

---

[2] З. Николовски: *Современата јазична политика на Франција во однос на францускиот и регионалните јазици*, Педагошки факултет & Киро Дандаро, Битола, 2003.

[3] Josette Rey-Debove & Gilberte Gagnon: *Dictionnaire des anglicismes,* Le Robert, Paris, 1990, стр. XIV.

[4] Henriette Walter & Gérard Walter: *Dictionnaire des mots d'origine étrangère*, Larousse, Paris, 1998, стр. 382.

период од шеесет години, ќе се обидеме да ги прикажеме и односите меѓу Франција и Соединетите Американски Држави и Англија во овој временски период што директно придонеле за навлегување на богатиот лексички материјал. Мошне сеопфатните јазични и социокултурни истражувања што ги направил Мекензи (Mackenzie)[5] во 1939 година покажуваат дека постојат длабоки и мошне силни вековни релации меѓу Франција и Англија, односно Соединетите Американски Држави. Присуството на англиските лексички заемки во францускиот јазик сведочи за силното влијание на англофонското општество врз франкофонските говорители. Истиот феномен е присутен и во англискиот јазик каде што можат да се сретнат многу галицизми што укажува на силното француското влијание низ вековите. Според Мекензи, до објавувањето на неговиот труд, околу 5.000 галицизми навлегле во англискиот јазик.

Присуството на лексички замки не е показател само на обичен контакт меѓу двата јазика. Заемките во францускиот јазик по Втората светска војна не навлегле ниту по пат на воена инвазија или пак анексија како што што често се случувало низ вековите. Дел од причините за навлегување на англиските зборови во францускиот јазик се новиот начин на живеење, модернизацијата на општеството, зголемената употреба на средствата за комуникација, засиленото присуство на мас-медиумите, брзиот и незапирлив развој на информатиката, особено во англосаксонските земји итн. Сето тоа покажува дека новите потреби коишто го карактеризираат современото живеење доведуваат до зголемен прилив на туѓи зборови во францускиот јазик.

При проучување на феноменот *заемање*, поаѓаме од поврзаноста на лингвистичките, социјалните и културолошките елементи чија испреплетеност се потврдува во текот на нашето истражување. Од голема помош нѝ е и оригиналниот пристап на Жорж Маторе (Georges Matoré)[6] кој, продолжувајќи ја социолошката традиција на Бреал (Bréal) и Меје (Meillet) дава нов приод кон лексикологијата. Тој поаѓа од постулатот дека вокабуларот на една култура е нејзин показател и него го проучува во историско-социолошки контекст. Маторе доаѓа до забележителни резултати

[5] Fraser Mackenzie: *Les relations de l'Angleterre et de la France d'après le vocabulaire*, Droz, Paris, 1939.

[6] Georges Matoré: *La Méthode en lexicologie. Domaine français*, Didier, Paris, 1953.

во прочување на општеството, а неговото мото гласи дека „*сè поаѓа од проучувањето на зборовите за да се разбере процесот на општествениот развој*“[7].

Феноменот на заемање е проучуван и во нашата земја. Во забележителните трудови на повеќемина научници[8] јасно е искажан интересот за овој јазичен феномен. Нивните трудови даваат мошне добри резултати и значителен придонес за развојот на лингвистиката.

Во однос на *методологијата на работа*, заради интердисциплинарноста на лингвистичкиот и социокултурниот пристап, нашиот метод ќе биде аналитички, синтетички, компаративен и дескриптивен со цел да се добијат што подобри резултати од истражувањето.

Покрај обемната литература од оваа област, нашиот корпус опфаќа и повеќе речници, енциклопедии, CD-ромови, бази на податоци, научни трудови, статии и друг документиран материјал (види Библиографија на корпусот).

Трудот е составен од два дела **ЗАЕМКАТА КАКО ЈАЗИЧЕН И СОЦИОКУЛТУРЕН ФЕНОМЕН** и **АНАЛИЗА НА АНГЛИСКИТЕ ЛЕКСИЧКИ ЗАЕМКИ ВО ФРАНЦУСКИОТ ЈАЗИК**.

Првиот дел ***Заемката како јазичен и социокултурен феномен*** е составен од две глави **ЗАЕМКАТА КАКО ЈАЗИЧЕН ФЕНОМЕН** и **ЗАЕМКАТА КАКО СОЦИОКУЛТУРЕН ФЕНОМЕН**.

Во првата глава **ЗАЕМКАТА КАКО ЈАЗИЧЕН ФЕНОМЕН** ќе дадеме краток историски преглед на истражувањата на заемките, ќе го дефинираме поимот *заемка*, ќе ги прикажеме критериумите за идентификација на заемката, причините за позајмување, факторите коишто го поттикнуваат позајмувањето и посредниците во позајмувањето. Исто така, во првата глава ќе зборуваме за адаптацијата на заемката, за начините за позајмување и природата на заемките, а ќе го определиме поимот *англицизам* наспрема *американизам* и *британизам*, потоа, ќе го објасниме поимот *франгле* и ќе го опишеме, накратко, контактот на јазиците и јазичните интерференции.

---

[7] *ibid.*, стр. VI.

[8] Оливера Јашар-Настева, Марија Јанева, Екатерина Бабамова, Александра Саржовска, Мирјана Алексоска-Чкатроска, Агим Полоска, Силвана Симоска, Јован Алаѓозовски, Нина Чундева, Мито Аргировски, Љубинка Басотова и други.

Во втората глава **ЗАЕМКАТА КАКО СОЦИОКУЛТУРЕН ФЕНОМЕН** ќе го дефинираме поимот *култура* и ќе ја прикажеме поврзаноста на јазикот и културата и поврзаноста на јазикот и општеството. Исто така, ќе ја објасниме ситуацијата на англискиот како јазик-давател, ќе ги прикажеме факторите за ширење на англицизмите во другите јазици и ќе дадеме приказ на француското општество од 1945 до 2005 година.

Во вториот дел **АНАЛИЗА НА АНГЛИСКИТЕ ЛЕКСИЧКИ ЗАЕМКИ ВО ФРАНЦУСКИОТ ЈАЗИК** ќе извршиме анализа на лексичките заемки во францускиот јазик кои се поделени во 6 области и тоа **Општествени и хуманитарни области**, **Природни и технички области**, **Уметност, Секојдневен живот**, **Спортови и слободни активности** и **Разно**.

Општествените и хуманитарни области се составени од 4 подобласти: 1. ***Лингвистика, литература, издаваштво и образование***, 2.***Антропологија, историја, социологија, општество, право, политика, правни и политички институции, култура, религија***, 3. ***Психологија и филозофија*** и 4. ***Економските подобласти***.

Потоа следуваат **Природните и технички области** кои се составени од 9 подобласти: 1. ***Технологија, индустрија, вооружување***, 2. ***Транспорт***, 3.***Медицински науки (биологија, здравје, фармакологија, дрога)***, 4. ***Физички науки, електроника, хемија, астрономија, статистика и математика***, 5.***Информатика***, 6. ***Науки за земјата, метеорологија и океанографија***, 7.***Земјоделство, растенија***, 8. ***Зоологија*** и 9. ***Мерни единици***.

Областа **Уметност** е составена од 3 подобласти: 1. ***Музика и танц***, 2.***Кино и фотографија*** и 3. ***Уметност, спектакли, театар***.

Областа **Секојдневен живот** ја сочинуваат 5 подобласти: 1. ***Исхрана***, 2.***Живеалиште, покуќнина, урбанизам и хоби***, 3. ***Облека***, 4. ***Нега на тело (козметика, разубавување), фризура, хигиена*** и 5. ***Медиуми, комуникации***.

Областа **Спортови и слободни активности** е составена од три подобласти: 1. ***Спортови***, 2. ***Игри*** и 3. ***Туризам и риболов***.

Последната област **Разно** ја сочинуваат единици коишто тешко можат да се класифицираат во претходните области бидејќи имаат општо значење или премногу специфична употреба и не припаѓаат на некоја одредена област. Во неа се наоѓаат и единици кои се однесуваат на *Именување на лица*, единици кои се однесуваат на *Сексуалност и сексологија*, *Пцости*,

Безбедност на информации и шпионажа и други единици кои припаѓаат истовремено на повеќе области.

Корпусот го сочинуваат вкупно 1170 единици. Најголем број или **498** единици или **42, 56%** има во **Природни и технички области**, на второ место се наоѓаат **Општествените и хуманитарни области** со **232** или **19, 83%** од вкупниот број единици во корпусот, а на трето место се наоѓа областа **Секојдневен живот** со **159** единици или **13, 59 %** од вкупниот број единици во корпусот. На четврто место се наоѓа областа **Уметност** со **127** или **10, 85 %** од вкупниот број единици во корпусот, на петто место се наоѓа областа **Спортови и слободни активности** со 89 единици или **7, 61%** од вкупниот број единици во корпусот и на последно шесто место се наоѓа областа **Разно** со **65** единици или **5, 56 %** од вкупниот број единици во корпусот.

Секоја единица во корпусот претставува засебна целина составена од повеќе извори и делови. На почетокот од секоја единица, ја даваме графиската форма односно, името на единицата, потоа следи нејзиниот изговор заснован на релевантните речници од корпусот и граматичката категорија на единицата. Во продолжение ја прикажуваме годината на навлегување во францускиот јазик, евентуално годината на регистрирање во англискиот јазик, потеклото и составните елементи кои ја сочинуваат лексичката единица, а потоа, следуваат нејзините дефиниции и значења. Најчесто, настојувавме секоја единица да ја поткрепиме со примери за нејзината употреба од речниците во корпусот или од актуелен француски весник или списание. На крајот, се наоѓаат предлозите на JO (Journal Officiel de la République française), GDT (Grand dictionnaire terminologique) или друг релевантен речник на францускиот јазик за замена на позајмената единица од англискиот јазик, потоа, евентуалните постоечки зборови во францускиот јазик и изворите од кои е составена таа единица.

Врз основа на овој распоред, секоја единица ја сочинуваат повеќе признаци кои го обликуваат нејзиниот изглед.

Со признакот **ГРАФИЈА** ја прикажуваме графиската форма на единицата. Доколку се појавуваат две или повеќе графиски форми ги предаваме сите варијанти забележани во корпусот. Со овој признак се регистрира и адаптираната графиска форма преку која се открива и одредува степенот на графиска адаптација на заемката во францускиот јазик.

Признакот ГРАФИЈА е присутен кај 77 единици или 6, 58% од вкупниот број единици во проектот.

Признакот **ИЗГОВОР** е составен од два признаци[2] **ИЗГОВОР 2 ИЛИ +** и **ИЗГОВОР0.** Со овој признак се регистрира фонетската состојба на единиците на корпусот. Со признакот[2] **ИЗГОВОР 2 ИЛИ +** се регистрираат и се презентираат сите забележани варијанти на изговор на единиците во корпусот и се прикажува фонетската адаптација на заемката во францускиот јазик. Значи, во проектот ги претставуваме сите пронајдени форми на изговор во корпусот. Признакот[2] **ИЗГОВОР0** ги опфаќа само оние единици од корпусот кај коишто не постои запишан изговор на позајмените лексички заемки во францускиот јазик.

Признакот[2] **ИЗГОВОР 2 ИЛИ +** е присутен кај вкупно 122 единици или 10, 43% од вкупниот број единици во проектот, а признакот[2] **ИЗГОВОР0** е присутен кај 10 единици или 0, 85% од вкупниот број единици во проектот.

Признакот **ВЗГК** ги опфаќа видовите зборови и нивната граматичка категорија. Тој е составен од други признаци[2] како **ИМ** кој се однесува на именките, потоа признакот[2] **ИМ(МН)** кој се однесува на именките кои се појавуваат исклучиво во множина и немаат варијанта во еднина (plurale tantum) и признакот[2] **РОД2** којшто ги опфаќа сите именки кои имаат два рода. Исто така, со признакот[2] **ПР** се опфаќаат придавките, признакот[2] **ИМ+ПР** се однесува на единиците кои истовремено се именки и придавки, признакот[2] **ПР+ГЛ** се однесува на единиците кои истовремено се придавка и глагол, признакот[2] **ПР+ПРИЛ** се однесува на оние единици кои истовремено се придавка и прилог, потоа признакот[2] **ГЛ** ги опфаќа глаголите, признакот[2] **ИЗРАЗ** ги опфаќа изразите, признакот[2] **ИЗВИК** се однесува на извиците, признакот[2] **ПРЕФ** со кој се опфаќаат префиските и признакот[2] **СУФ** кој се однесува на суфиските.

Признакот[2] **ИМ** е застапен кај **1068** единици или **91, 28%** од вкупниот број единици во корпусот, признакот[2] **ИМ(МН)** е присутен кај 18 единици или 1, 54% од вкупниот број единици во корпусот, а признакот[2] **ПР** е присутен кај 129 единици или 11, 03% од вкупниот број единици во корпусот. Што се однесува на признакот[2] **ИМ+ПР** тој е застапен кај 74 единици од корпусот, признакот[2] **ГЛ** е застапен кај 23 единици или 1, 97% од

вкупниот број единици во корпусот, а признакот[2] **РОД2** е присутен кај 17 единици или 1, 45% од вкупниот број единици во проектот.

Со признакот **SA** се бележат оние единици од корпусот кај кои не постои забележана година на навлегување во францускиот јазик. Значи, тоа се оние единици коишто не се датирани, и, често, периодот на нивното појавување го определуваме врз основа на дополнителни консултации со други извори или по аналогија со настаните кои се случиле во тој период. Овој признак е присутен кај 35 единици или 2, 99% од вкупниот број единици во проектот.

Во однос на изборот на **дефинирањето** на единиците, настојувавме да ги одбереме најопсежните дефиниции од корпусот коишто даваат најширок приказ и најдобро го објаснуваат односниот поим. Во однос на **примерите**, наша цел беше, дури и во случај кога со електронското пребарување наидувавме на голем број примери, да го одбереме примерот којшто дава најголемо дообјаснување на дефиницијата и најмногу го дополнува објаснувањето на поимот.

Признакот **З/Д** ги опфаќа единиците коишто имаат две или повеќе значења или дефиниции или припаѓаат на две или повеќе области. Единицата ќе ја распределиме во одредена област врз основа на значењето при нејзиното прво појавување или употреба во францускиот јазик. Овој признак е присутен кај **152** единици или **12, 91%** од вкупниот број единици во корпусот.

Признакот **FF** се однесува на адаптираните, приспособени пофранцузени форми во францускиот јазик. Тој е присутен кај 224 единици или 19, 15% од вкупниот број единици во корпусот.

Признакот **ND** ги опфаќа брендовите односно, трговските марки кои претставуваат знак, симбол, име, број, услуга, личност или производ преку кој претпријатијата ги означуваат своите производи и се различни од оние на другите продавачи. Овој признак е присутен кај **45** единици или **3, 85%** од вкупниот број единици во корпусот.

Признакот **NPR** се однесува на сопствените именки кои служат како име на човек, животно, географски поим, држава, град, река, планина, регион итн. Овој признак е присутен кај **19** единици или **1, 62%** од вкупниот број единици во корпусот.

Признакот **ИЗ** ги опфаќа изведенките, односно, изведените зборови кои настанале од постоечкиот збор во англискиот јазик или пак изведените зборови во францускиот јазик кои се образуваат врз основа на англиските лексички заемки. Во корпусот во проектот забележавме **180** единици со овој признак или **15, 38%** од вкупниот број единици во корпусот кои произвеле 193 именки, 65 глаголи, 50 придавки, 2 прилози, 1 израз и 1 извик.

Признакот **ПЗ** се однесува на зборовите коишто веќе постојат во францускиот јазик или се образувани како неологизми непосредно по навлегувањето на заемките и по значење се еквивалентни или мошне блиски на позајмените англиски лексички заемки. Овој признак е присутен кај **157** единици или **13, 42%** од вкупниот број единици во корпусот.


Признакот **JO** ги опфаќа предлозите и решенијата на Commission générale de terminologie et de néologie објавени во Journal Officiel de la République française. Со него може да се утврди реакцијата на Франција во однос на новодојдените позајмени зборови. Овој признак е присутен во **281** единица или **24, 01%** од вкупниот број единици во корпусот.

Со признакот **GDT** се опфаќаат предлозите на Office québécois de la langue française кои се објавуваат во Grand dictionnaire terminologique и се различни од предлозите на Journal Officiel de la République française. Со него може да се утврди реакцијата на Квебек во однос на англиските лексички заемки. Овој признак е присутен во **305** единици или **26, 07%** од вкупниот број единици во корпусот.

Со признаците **DAC**, **TLF**, **PL**, **ASF**, **AA**, **CETTF** се опфаќаат предлозите од другите извори на корпусот коишто се релевантни и се различни од оние на JO и GDT.

Цитатите што се среќаваат во трудот се предадени на македонски јазик во наш превод. Изворите на примерите се наведуваат со скратеници чиј список се наоѓа на крајот од трудот во Библиографијата на корпусот.

На крајот од предговорот го предаваме табеларниот преглед на вкупниот број на англиски лексички заемки во францускиот јазик според единиците од нашиот корпус:


ВКУПНО ЕДИНИЦИ:
1170
Природни и технички области:
498
42, 56%
Општестве-ни и хуманитар ни области:
232
19, 83%
Секојдне-вен живот:
159
13, 59 %
Уметност:
127
10, 85 %
Спортови и слободни активности:
89
7, 61%
Разно:
65
5, 56 %

ПРВ ДЕЛ

ЗАЕМКАТА КАКО ЈАЗИЧЕН И СОЦИОКУЛТУРЕН ФЕНОМЕН

ГЛАВА 1:

ЗАЕМКАТА КАКО ЈАЗИЧЕН ФЕНОМЕН

1. 1. Краток историски преглед на истражувањата на заемките

Истражувањата на заемките спаѓаат воглавно во доменот на лексикологијата, иако многу години наназад лингвистите се обидуваат да откријат примери за позајмување на фонеми, морфеми и други елементи со цел да докажат дека феноменот позајмување ги надминува рамките на лексиката. Точен е фактот дека можат да се позајмат и други елементи, меѓутоа и најмалиот елемент се позајмува преку зборовите. Така, иако постои голема продуктивност на суфиксот *–man* во францускиот јазик (*walkman*, *Superman*, *cableman*, *karatéman, tennisman*), сепак самиот суфикс не е позајмен посебно од англискиот јазик, туку во рамките на позајмените лексички единици.

Во јазичните истражувања од 19 век научниците особено имаат за цел да го проучуваат и раздвојат основниот зборовен фонд во јазиците од фондот на позајмени зборови. Благодарение на откривањето на заемките од персискиот јазик, Меје (Meillet) и Хипшман (Hübschmann) можеле да докажат дека ерменскиот е посебна гранка од индоевропското јазично семејство[9].

Со настапот на структуралната и дескриптивната лингвистика, запираат или во значителна мерка се намалуваат истражувањата на заемките во многу земји. Тоа се должи пред сè на фактот што нејзините приврзаници сметаат дека проучувањето на заемките ѝ припаѓа на дијахронијата, особено приврзаниците на американскиот дескриптивизам кои сметаат дека нема никаква посебна причина да им се даде посебно место на заемките во јазичните истражувања. Таквиот став тие го темелат на фактот дека треба да помине извесен временски период додека една заемка не навлезе во јазичниот систем и заради тоа, лингвистот мора да изврши дијахрониски проучувања со цел да дојде до објективни резултати. На овој начин, се објаснува отсуството или малиот број студии кои ги проучуваат заемките во поранешната американска лингвистика, со бихејвиористичка насока.

Европските структуралисти се повнимателни во однос на ставот за заемките заради советот на Сосир кој инсистира на комплементарност на

[9] A. Meillet : « Sur les mots iraniens empruntés par l'arménien », во *Bulletin de la société de linguistique de Paris*, 17, 1911, стр. 142- 250.

синхрониските и дијахрониските истражувања и повеќе се отворени во однос на овој проблем.

Салверда де Граве (Salverda de Grave)[10] и неговите наследници имаат цел да ги проучуваат контактите меѓу цивилизациите и сметаат дека преку вокабуларот може да се дојде до значителни резултати и да се има солиден успех во истражувања. За таа цел, тие изработуваат ономасиолошка шема која може да се применува во дијалектологијата. Нив главно им се замерува дека ги занемаруваат јазичните во корист на цивилизациските истражувања.

Меѓу двете светски војни школата од Гисен (Giessen)[11] го продолжува текот на холандските истражувачи и нејзините претставници продолжуваат да ги проучуваат темите поврзани со јазикот и цивилизацијата притоа опишувајќи одредена состојба на јазикот. Така, за да го открие англиското влијание врз францускиот јазик, Ширер (Sheerer) го истражува францускиот печат од 1914-1919 година[12]. И покрај тоа што за оваа школа не се зборува многу во современиот период, таа ги донесува првите модели на прецизност во опишување на заемките што ќе поттикне подоцна и други истражувачи да тргнат во таа насока.

Ејнар Хауген (Einar Haugen) објавува формална типологија на заемките[13] и се ограничува на прашањата за модификација на заемките особено во однос на странскиот модел и воспоставува логични и јасни категории кои овозможуваат проучување на јазиците на малцинствата на имигрантите во Соединетите Американски Држави. Тој го елиминира ономасиолошкиот пристап на холандските лингвисти и прави разлика меѓу „*importation*“ и „*modification*“. Исто така, Хауген дава значителни резултати во проучувањето на заемките и поттикнува други лингвисти да се занимаваат со оваа проблематика.

Жорж Маторе и Жан Дибоа (Jean Dubois) го започнуваат движењето за *дескриптивна социолошка лингвистика* и создаваат метод за истражување кој ги опфаќа сите заемки коишто навлегле во речникот на еден јазик и

[10] J. J. Salverda de Grave, *De franse woorden in het Nederlands*, Amsterdam, 1906.
[11] Behrens, *Ueber englisches Sprachgut im französischen*, Giessen, 1923; Id., *ibid.*, 1927; Glaser, *Neologismus und Sprachgefühl im heutigen französischen*, Giessen, 1930.
[12] Scheerer, *Englisches Sprachgut in der französischen Tagespresse der Gegenwart*, Giessen, 1923.
[13] E. Haugen: « The Analysis of linguistic borrowing », во *Language*, 26, 1950, стр. 210-231.

овозможува поголема прецизност во одредување на местото, бројот и степенот на навлегување на туѓите елементи во речничкиот фонд на одреден јазик. Во своите истражувања Маторе врши класификација на собраните, испитани јазични факти кои се засноваат врз цивилизациски факти. Таквата лексикологија го отфрла проучувањето на еден збор како засебна единица и предлага негово проучување во рамките на еден јазичен контекст. Маторе во своите истражувања воспоставува поделба на семантички полиња каде што секое поле е центар на една јазична констелација околу кое би конвергирале субординарните поими. За него речникот на еден јазик не претставува една глобална структура туку целина од повеќе структури кои целосно или делумно се поклопуваат. Местото на лексичките единици т.е. на заемките не зависи од нивната зачестеност, ниту од критериумите на нивната форма туку од нивната *социолошка вредност*, односно од важноста што ја имаат тие зборови во одредена социјална група. Во своите два труда Луј Гилбер (Louis Guilbert) го испитува нивното присуство во аеронаутиката[14] и астронаутиката[15], а своите истражувања ги врши врз основа на добро определен корпус кој е извлечен од печатот.

Во овој кус историски преглед во однос на истражувањата и реакциите во однос на заемките, можеме да ги сместиме и приврзаниците на јазичното интервенирање кои имаат пуристички став во врска со навлегувањето на заемките во одреден јазик. Пример за тоа се италијанските националисти од 19 век кои се борат против заемките во италијанскиот јазик[16], потоа сличните движења во Франција[17] и во Канада чија цел е не само откривање на туѓите елементи во францускиот јазик, туку и надгледување и усвојување на неологизмите во јазикот итн.

1. 2. Поимот *заемка*

Заемањето е универзален јазичен феномен кој постои откако постојат и јазиците. Ниеден јазик не е исклучен a priori. Јазикот не може да остане статичен и затворен на туѓото влијание. Многу лингвисти кои работеле на

[14] Louis Guilbert : *La formation du vocabulaire de l'aviation*, Paris, 1965.
[15] Louis Guilbert : *Le vocabulaire de l'astronautique*, Rouen, 1967.
[16] T. Hope, *Lexical borrowing in the Romance languages*, Oxford, 1971, стр. 562.
[17] З. Николовски, op. cit. стр. 49-59.

овој проблем, дале и многу дефиниции и се обиделе да го објаснат истиот. Заради поголема сликовитост ќе претставиме некои од нив.

Луј Дероа (Louis Deroy) во неговото маестрално дело *L'emprunt linguistique*[18], смета дека позајмениот збор, по својата суштина, претставува неологизам, односно ново значење кое се воведува во речникот на одреден јазик во определен временски период. Тој се јавува во различни форми како нов збор, потоа како стар збор со ново значење или пак збор кој ја менува својата граматичка категорија. Во истото дело, на страна 18, Дероа ја презема и дефиницијата на Виторе Пизани (Vittore Pisani) според кого: „*Заемката е форма на изразување што една јазична заедница ја прима од друга заедница*“[19].

Жорж Мунен (Georges Mounin) со неговите соработници во *Dictionnaire de la linguistique*[20] означуваат дека поимот *заемка* е дел од лексикологијата и го дефинираат како интегрирање на елемент од еден јазик во друг. Потоа се истакнува дека процесот на заемање е поврзан со интегрирање во фонетскиот систем на јазикот позајмувач, промена на значењето и приспособување на постоечките лексички парадигми на новодојдените позајмени зборови. Тие сметаат дека масовното позајмување може да доведе до промена на физиономијата на лексиката на одреден јазик како што се случи со англискиот јазик во 13 и во 15 век кога настанува масовно позајмување од францускиот јазик.

Во *Nouvelle grammaire française*[21], Гревис и Гос ги дефинираат заемките како елементи што еден јазик во текот на својата историја ги презел од други јазици. Најчесто се позајмуваат именки, глаголи и придавки, а јазиците кои имаат голем престиж и од кои многу се позајмува, можат да дадат и други елементи како суфикси, синтаксички изрази, поретко и фонеми. Исто така, од нив може да се пренесе и изворниот начин на пишување на одреден збор. Говорителите на јазикот позајмувач многу често

---

[18] Louis Deroy: *L'emprunt linguistique*, Les Belles Lettres, Paris, 1956, стр. 4.

[19] «*L'emprunt est une forme d'expression qu'une communauté linguistique reçoit d'une autre communauté*» (*ibid.*, стр. 18).

[20] Georges Mounin: *Dictionnaire de la linguistique*, Quadrige/Presses Universitaires de France, Paris, трето издание 2000, стр. 124.

[21] Maurice Grevisse & André Goosse: *Nouvelle grammaire française*, Duculot, Paris, 1989, стр. 53.

особено во почетните фази на примање на заемката се колебаат во однос на нејзиниот изговор зашто таа се уште не е одомаќинета.

Енциклопедијата *Wikipédia*, заемањето, поточно, лексичкото заемање, го дефинира како "*процес при кој еден јазик воведува во својата лексика термин од друг јазик*"[22]. Според оваа енциклопедија заемката може да биде *директна* (кога јазикот А директно позајмува од јазикот Б) или *индиректна* (кога јазикот А позајмува од јазикот В преку еден или повеќе јазици-пренесувачи Б).

Во *Dictionnaire de linguistique*[23], Дибоа со своите соработници истакнуваат дека „*постои јазична заемка кога еден јазик А употребува и интегрира во себе јазична единица или црта која претходно постоела во јазик Б (јазик-извор) што јазикот А не ја поседувал. Самата позајмена единица или црта се нарекува заемка*"[24]. Тие сметаат дека заемањето е најважен социолингвистички феномен во сите јазични контакти и е поврзано со престижот на еден јазик или народ-мелиорација (mélioration) или со презирот кон истите-пејорација (péjoration). Во истиот наслов овие автори зборуваат за *внатрешна заемка (emprunt interne*) кога феноменот на заемање се извршува во самиот јазик. Тоа се случува кога постои заемање од една област во друга, на пример зборот *мени* е позајмен во информатиката од ресторанското работење. Истиот феномен се однесува и при преминување на еден збор од научниот регистар во секојдневниот говор, на пример зборот *complexe* кој од психоанализата преминува во општиот јазик. Авторите го определуваат и поимот *надворешна заемка (emprunt externe)* што претставува друг начин на восприемање на феноменот *екстензија на значењето*.

Во овој речник е објаснет и поимот *pérégrinisme*: „*Понекогаш ги нарекуваме* перигринизми *заемките од странските јазици*"[25]. Понатаму упатуваат на терминот *xénisme* „*лексичка единица составена од збор кој*

---

[22] «*Le processus consistant, pour une langue, à introduire dans son lexique un terme venu d'une autre langue*», во „Emprunt lexical", во Wikipédia, на сајтот: http://fr.wikipedia.org/wiki/Emprunt_lexical

[23] Dubois et alii: *Dictionnaire de linguistique*, Larousse-Bordas/HER, 2001, стр. 177.

[24] « *Il y a emprunt linguistique quand un parler A utilise et finit par intégrer une unité ou un trait linguistique qui existait précédemment dans un parler B (dit langue source) et que A ne possédait pas; l'unité ou le trait emprunté sont eux-mêmes qualifiés d'emprunts »*, (*op. cit.*, стр. 177).

[25] «*On a appelé parfois pérégrinisme les emprunts aux langues étrangères*», (*ibid.*, стр. 353).

потекнува од странски јазик и означува реалност којашто е својствена на културата на говорителите на тој јазик“.[26] Како пример го наведуваат англискиот збор *pub*.

Xénisme претставува прв стадиум на заемката кога еден странски збор ретко се среќава во говорот, се уште не е интегриран во него и упатува на туѓата стварност. На стадиум кога еден странски збор се употребува повремено, но притоа нема потреба од дополнителни, метајазични ознаки за објаснување на истиот, станува збор за *pérégrinisme*. Заемката (emprunt), според овој речник, е последниот стадиум кога еден туѓ збор се внесува во домашниот вокабулар и може да учествува во деривација и композиција на други зборови кои произлегуваат од него.

Преминот од *xénisme* во заемка може да се провери врз основа на неколку критериуми:

а) *Фонолошки критериум*: една заемка од англискиот јазик може да претрпи многу силни фонетски асимилации. Така англиските зборови *packet boat*, *riding coat* и *bull dog* во францускиот јазик дале *paquebot*, *redingote*, *bouledogue*.

б) *Морфолошки критериум*: една целосно интегрирана заемка може да стане основен формант за деривација на други зборови. Така, на пример, *strip-tease* произвело *strip-teaseuse*, *stress* дало *stresser* итн.

в) *Семантички критериум*: воведувањето на заемката се манифестира исто така преку промена на значењето, односно силна рестрикција на значењето во однос на зборот од појдовниот јазик. Кога ќе се изврши целосно приспособување на заемката таа може и да го прошири своето значење. Така, на пример, позајменото значење на заемката *black-out* е „*Obscurité totale commandée par la défense passive*“ за подоцна да се прошири на „*Silence gardé (sur une nouvelle, une décision officielle, une affaire politique ou financière)*“ .

Во *Dictionnaire de la linguistique* од Мунен не е објаснет поимот *xénisme*, а *pérégrinisme* се објаснува како заемка од странски јазик или калка и, притоа, се става ознаки за реферирање кон поимите заемка и калка (стр. 253).

---

[26] «*Un xénisme est une unité lexicale constituée par un mot d'une langue étrangère et désignant une réalité propre à la culture des locuteurs de cette langue*», (*ibid.*, стр. 512).

Во делото *Linguistics, an introduction to language and communication*[27] заемката (borrowing) се дефинира како: „*внесување на зборови (или некоја друга карактеристика) од еден јазик во друг*“[28].

Во *Le Robert Dictionnaire historique de la langue française* под поимот *emprunt* се даваат две објаснувања. Првото се однесува на позајмувањето како „*Процес преку кој еден јазик прима јазичен елемент од друг јазик кој најчесто е лексички елемент, збор или израз*“[29]. Второто објаснување е „*Лексичка единица која е интегрирана во еден јазик и која не претрпела внатрешен развој (на значењето или формата з.н.) на јазикот кој ја позајмува...Овие заемки можат да бидат глобални или само семантички ...Тие можат да бидат пишани или усни*“[30]. Овој речник го објаснува и поимот *Réemprunt* како „*Второ позајмување кое се врши од ист извор, ист етимон и кое доведува до иста форма на заемката, но со друго значење и со друга употреба. На овој начин, многу полисемични зборови повторно се позајмени зборови*[31]“. *RDHLF* го обработува и поимот xénisme кој е „*Збор или лексичка единица од странски јазик која ја чувствуваме дека не припаѓа на јазикот-примател (за разлика од заемката). Тој претставува ознака за егзотичност или за автентичност*“[32]. Во овој труд не е обработен поимот *pérégrinisme*.

Леман (Lehmann)[33] смета дека во најголем број јазици ние можеме да детерминираме два вида на зборови: основни зборови (native words) и позајмени зборови (borrowed words). Кај основните зборови можеме да ја видиме претходната форма во развојот на зборот во текот на историјата на

---

[27] Adrian Akmajian et al.: *Linguistics, an introduction to language and communication*, The MIT Press, Cambridge & London, 1991, трето издание.

[28] "*The incorporation of words (or some other characteristic) from one language into another language*", *ibid.*, стр. 479.

[29] « *Processus par lequel une langue reçois d'une autre langue un élément linguistique, le plus souvent un élément lexical, mot, locution* », *Le Robert Dictionnaire historique de la langue française*, стр. 4170.

[30] « *Unité du lexique qui est intégrée à une langue et qui n'a pas subi les évolutions internes de la langue qui l'emprunte...Ces emprunts peuvent être globaux, ou seulement sémantiques...ils peuvent être écrits ou oraux* », *ibid.* стр. 4170.

[31] « *Emprunt second effectué à une même source, à un même étymon, et aboutissant à une même forme avec un autre sens, un autre usage. De nombreux mots polysémiques correspondent ainsi à des réemprunts* », *ibid.*, стр. 4184.

[32] « *Mot ou unité lexicale emprunté à une langue étrangère et senti comme n'appartenant à la langue emprunteuse (à la différence de l'emprunt). Le xenisme constitue une marque d'exotisme ou d'authenticite* ». *ibid.*, стр. 4191.

[33] Winfred P. Lehmann: *Historical Linguistics, An Introduction*, Holt, Rinehart and Winston, New York, 1962, 2 изд. 1973.

одреден јазик, а позајмените зборови се внесени од друг јазик. Можат да настанат промени во еден јазик кога неговите говорители внесуваат елементи од друг јазик или пак кога говорителите од еден дијалект на одреден јазик прифаќаат форми од друг дијалект од истиот јазик. Процесот на внесување на такви елементи е познат како позајмување (borrowing) (стр. 3).

Encylopédie Hachette поимот *emprunt* го дефинира како „*Постапка преку која еден јазик интегрира една јазична единица која припаѓа на друг јазик. Истиот поим ја опфаќа и самата јазична единица*“[34].

Слично на оваа енциклопедија, речникот *Petit Robert* го определува поимот *emprunt* како „*Чин преку кој еден јазик прима елемент од друг јазика или пак самиот елемент (збор, израз) којшто е внесен*“[35]. За *Petit Larousse* истиот поим е „*Елемент или збор земен од друг јазик*“[36]. Дефиницијата на речникот *Petit Larousse* не го опфаќа чинот, односно процесот на заемање.

Trésor de la Langue Française поимот го определува како „*Чин кога еден јазик внесува една јазична единица, особено збор од друг јазик; а преку метонимија, значи инкорпорирана јазична единица*“[37]

Во *The Penguin Dictionary of Language*, Дејвид Кристал (David Crystal) го објаснува поимот *borrowing* како „*Воведување на збор (или некои други лингвистички признаци) од еден јазик или дијалект во друг. Лексичките заемки воообичаено се нарекуваат loan words*“[38]. Како примери Кристал го наведува *smoking* и *computer* од англиски во француски јазик и *restaurant* и *chic* од француски во англиски јазик. Под *loan blend* авторот подразбира кога „*се позајмува значењето, но само еден дел од формата, кога англискиот збор restaurant го задржува францускиот изговор на крајот од слогот*“. *Loan shifts се кога* „*се позајмува значењето, но формата на зборот се приспособува на јазикот-примател, како што е случајот кога restaurant*

---

[34] « *Procédé par le quel une langue intègre une unité linguistique appartenant à une autre langue. Cette unité linguistique elle-même* », („Emprunt“, во *Encyclopédie Hachette Multimédia*, на сајтот:
http://www.ehmelhm.hachette-multimedia.fr/infos/accueil).

[35] « *Acte par lequel une langue accueille un élément d'une autre langue; élément (mot, tour) ainsi incorporé* », („emprunt“, во *Petit Robert*).

[36] « *Élément, mot pris à une autre langue* », („emprunt“, во *Petit Larousse*).

[37] « *Fait pour une langue d'incorporer une unité linguistique, en particulier un mot, d'une autre langue; p. méton., l'unité de langue incorporée* », („emprunt“, во *Trésor de la Langue Française*).

[38] „The introduction of a word (or some other linguistic feature) from one language or dialect into another. Vocabulary borrowings are usually called *loan words*“. (David Crystal: *The Penguin Dictionary of Language*, Pinguin Books, London, 1999, (2 изд), стр. 40).

добива целосно англиски изговор“[39]. На крајот од заглавниот збор *borrowing*, авторот упатува на поимите *calque* и *vocabulary*.

За основа на нашето истражување ќе ја преземеме дефиницијата на Ре-Дебов (Rey-Debove) која смета дека: „**Лексичката заемка во стрикното значење на зборот /e/ процес преку кој еден јазик J1 чија лексика е фиксирана и определена во временски отсечок B, прима збор З2 (израз и значење) што го немал и кој припаѓа на лексиката на јазикот J2 (исто така фиксна и определена)**“[40]. Оваа дефиниција на Ре-Дебов е особена важна за нас зашто точно се однесува на категоријата заемки што се предмет на истражувањето коешто нема да ги опфати семантичките заемки и калките.

1. 3. Критериуми за идентификација

Идентификацијата на заемката зависи колку туѓиот елемент од јазикот-давател (ЈД) се разликува од структурата на јазикот-примател (ЈП)[41]. Во случај кога не може да се разликува туѓиот елемент, тој треба да се истражува на сите јазични нивоа за да може да се препознае.

Дероа наведува четири критериуми за идентификација на заемката: историски, фонетски, морфолошки и семантички.

Историскиот критериум се состои во временско следење на позајмениот лингвистички елемент и на односниот позајмен предмет, се разбира, колку што овозможува ексцерпираниот материјал или пак археолошките документи доколку станува збор за постар документ. Со примена на овој критериум може да се дојде понекогаш и до изненадувачки резултати.

---

[39] …In a *loan blend*, the meaning is borrowed but only part of the form, such as when English restaurant retains a French pronunciation of the final syllable. In *loan shifts*, the meaning is borrowed but the form is nativized, such as when restaurant is given a totally English pronunciation” (*ibid.*).

[40] «*L'emprunt lexical au sens strict du terme /est/ le processus par lequel une langue L1 dont le lexique est fini et déterminé dans l'instant T, acquiert un mot M2 (expression et contenu) qu'elle n'avait pas et qui appartient au lexique d'une Langue L2 (également fixe et déterminé*).», (цитирано според John Humbley: "Vers une typologie de l'emprunt linguistique", во *Cahiers de lexicologie*, volume XXV-II, 1974, стр. 52).

[41] Заради фрекфентната употреба на овие поими, понатаму во нашиот труд ќе ги преземеме скратениците ЈД (јазик-давател) и ЈП (јазик-примател) коишто веќе ги пронајдовме во консултираната литература на македонски јазик од оваа област, особено докторската дисертација на Екатерина Бабамова, види Библиографија.

При детектирањето на потеклото на заемките, многу често се поставува прашањето кон кој јазик да го насочиме истражувањето за нивното потекло. Дероа предлага следење на историските, цивилизациски текови во однос на настанувањето и развојот на одреден предмет или во однос на значајни историски или воени настани. Оттаму, Алексоска-Чкатроска смета дека „*логично е повеќето зборови што се однесуваат на облеката и модата да се поврзуваат со францускиот или со италијанскиот јазик, ако се има предвид важноста на монденскиот живот на аристократијата во овие земји; или, пак, термините од областа на музиката и архитектурата да се поврзуваат со развојот на уметноста во Италија и нејзиното влијание во Европа во 15 и 16-от век*“[42].

Понекогаш лингвистите со сигурност знаат дека еден збор е позајмен од некое јазично семејство, но не се сигурни за јазикот од каде доаѓа зборот. Во тој случај, а во недостиг на други показатели, треба да се набљудува географската поставеност на подрачјето каде се зборува односниот јазик и да се утврди и етничкото географско преселување на неговите говорители.

Фонетскиот критериум е најзначаен и одлучувачки критериум за идентификација на заемката. Со него се овозможува потврдување на заемката и прецизирање на историското потекло на одреден збор. Говорните навики на говорителот на ЈП не дозволуваат совршен изговор на гласовите на ЈД. Секој јазик има изградено пристап за адаптирање на новодојдените фонеми кои се приспособуваат на неговиот фонетски систем. Со помош на фонетскиот критериум можеме да го одредиме и датумот и регионот на некој јазик од кадешто доаѓа заемката.

Во македонскиот јазик каде што се употребува кирилското писмо кое е фонетско, многу вешто и лесно може да се маскира одредена заемка[43]. Тоа не е случај со францускиот јазик каде што, особено кај поновите заемки, целосно и интегрално се прифаќа графијата на ЈД и позајмениот збор лесно се препознава дури и од страна на јазично неупатените читатели. Фонетскиот критериум е корисен како во синхрониските така и во дијахрониските истражувања на јазиците. Неговата примена дава поголема сигурност и

[42] Мирјана Алексоска-Чкатроска, *Романизмите во македонскиот јазик*, необјавена докторска дисертација, Филолошки факултет Скопје, 2005, стр. 25.
[43] *Ibid.*, стр. 25.

прецизност во одредувањето на заемките во еден јазик. Употребата на фонетиката во проучувањето на јазичното позајмување бара голема внимателност и прецизност во толкувањето на фонетските закони на јазиците со цел добивање на поверодостојни резултати.

Третиот критериум кој служи за откривање на заемката е *морфолошкиот* кој има иста толкава важност како и претходните два критериуми и овозможува да се открие потеклото на заемката или да се определат јазиците посредници кои ја пренеле заемката, притоа давајќи ѝ свој, определен белег. За лингвистот кој ја проучува оваа проблематика од особена помош во изведувањето заклучоци е набљудувањето и проучувањето на структурата на лексемата и откривањето на присуството на одреден префикс или суфикс.

Така, се детерминира присуството на префиксите и суфиксите од англиско потекло во францускиот јазик: **-ic** (a*utomat*ic*, mag*ic*, opt*ic*, prat*ic) **-gate** (*Watergate*, *Irangate*), **cyber-** (cyber*espace*, cyber*naute*, cyber*café*, cyber*criminalité*, cyber*culture*, cyber*néticien*, cyber*nétisation*, cyber*nétisé*), **mini-** (mini*robe,* mini*short*, mini*légume,* mini*vacances* (PR), (mini*bag,* mini*bike,* mini*camera,* mini*cab,* mini*car,* mini*computer,* mini*gun,* mini*recession,* mini*ski,* mini*tractor,* mini*war* (DADG).

Четвртиот и последен е *семантичкиот критериум*. Тој е најслабиот критериум и ретко кога е единствен критериум за одредување на заемката. Овој критериум најчесто само ги дополнува другите критериуми за идентификација на заемката. „*Кога еден позајмен збор се наоѓа во повеќе јазици кои фонетски може да биле извор на заемката, нејзиното потекло треба да се бара во јазикот кој го поседува првичното значење од кое можеле да се развијат другите значења, но кое, напротив, не може да се изведе од нив*“[44].

Така, на пример, глаголот *réaliser* сè повеќе се употребува во францускиот јазик со значење „*concevoir, se rendre compte*“. На прв поглед, ова значење може да изгледа дека е резултат на нормалниот семантички

[44] « *Lorsqu'un mot emprunté se retrouve dans plusieurs langues qui, phonétiquement, peuvent avoir fourni l'emprunt, l'origine doit être attribué à la langue qui possède un sens primitif dont les autres peuvent être dérivés, mais qui, inversement, ne peut en être issu*", (A. Dauzat: "Les mots d'emprunts dans l'argot français", во *Études de linguistique française*, Paris, 1946, стр. 263- 264).

развој на глаголот *réaliser*. Но, штом се проучат изведените значења на овој глагол може да се констатира дека новото значење не произлегува од првичното значење на глаголот *réaliser*, туку тоа се развива од значењето на англискиот глагол *to realize*. Во овој случај, семантичкиот критериум ни го потврдува влијанието на странскиот јазик.

Сите четири критериуми се меѓусебно поврзани и препорачливо е поголема нивна комплементарна примена заради добивање на пообјективни резултати во истражувањето за идентификација на заемката.

Иако многу често, на прв поглед, заемките мошне лесно можат да се препознаат, сепак нивното истражување бара многу прецизност и голема внимателност. Во истражувањата на заемките, постојат многубројни ризици за грешка при нивната идентификација.

При проучувањето на корпусот на документи кое се однесуваат на одредена заемка, не треба премногу да се инсистира на хронологијата на документите за да се дознае потеклото на заемката и јазикот давател. Така, Лео Шпицер (Léo Spitzer) нагласува дека многу англисти на успеале да го препознаат француското потекло на многу англиски зборови само затоа што истражувале во речници кои го опишуваат нормативниот, академски француски јазик, а не го опфатиле и проучиле лексичкиот фонд од регионалните француски дијалекти или пак старите исчезнати зборови[45].

Овие четири критериуми за идентификација овозможуваат полесно утврдување на заемките. Сепак, во многу јазици, сè уште постојат заемки коишто не се идентификувани или пак се само делумно разјаснети.

1. 4. Причини за позајмување

Дероа наведува две главни групи на причини за позајмување и тоа *Практична потреба за позајмување* и *Емотивни причини за позајмување*[46].

---

[45] Léo Spitzer: "Mots anglo-français", in *Le Français Moderne*, 14, 1946, стр. 87- 99.

[46] Louis Deroy, *op. cit.*, стр. 137- 187. Марјолејн ван ден Берг (Marjolein van den Berg) во својот труд *L'influence néerlandaise sur le vocabulaire français*, (2004), наведува неколку причини за позајмување: *Il y a une nouvelle chose, un emprunt est international, un emprunt est uniforme, un emprunt est utilisé dans un jargon, un emprunt a plus de standing que le mot hérité, un emprunt est utilisé comme euphémisme, il y a une petite différence de signification et un emprunt est plus sommaire*, на сајтот: http://users.belgacom.net/ethesis7/influ_ned/unflu_ned.htm.

Во однос на *Практична потреба за позајмување*, Дероа смета дека најчесто позајмуваме она што ни недостасува. Кога една социјална група е интелектуално или материјално супериорна во однос на друга група, тогаш втората има потреба од позајмување од престижната група и се создава тек (процес) на позајмување на зборови кој тежнее да воспостави рамнотежа меѓу двете групи. Значи, во основата на заемката се наоѓа *силата на јазичната потреба*. Говорителите на еден јазик преземаат некој туѓ збор со прагматична цел зашто тој означува или тие веруваат дека тој означува нова стварност која е различна од онаа на која тие се навикнале со веќе постоечките зборови во нивниот јазик. Говорителите го лоцираат позајмениот збор во споредба со другите зборови од исто семантичко поле, притоа правејќи ја нужната разлика помеѓу нив. На позајмениот збор му се додава употребна вредност која е нова во однос на другите зборови и честопати може да дојде до промена на изворното значење на зборот кое се наоѓа во јазикот давател. Ваквата потреба за заемање може да се појави во сите области на човековото делување. Така, Дероа во својот труд „Јазична заемка“ дава повеќе примери од растителниот и животинскиот свет, преработката на суровините, техниката и технологијата, уредувањето на домот, архитектурата, правното, економското и општественото живеење на човекот, природните феномени, науката, медицината итн. (*op. cit.*, стр. 137-170).

Шантал Бушар (Chantal Bouchard) разликува материјална заемка (emprunt matériel) и културна заемка (emprunt culturel)[47].

Материјалната заемка ги означува предметите, а културната заемка ги означува обичаите, идеите, концептите, однесувањето на луѓето. Многу е тешко да се одреди количината на едните и на другите заемки, но според Бушар материјалните заемки се побројни во Квебек во однос на Франција во периодот пред 1950 година.

При објаснување на *Емотивните причини за позајмување*, Дероа истакнува дека многу често се случува говорителите на еден јазик да употребат зборови или изрази од друг јазик кои се „пофини“, „поелегантни“ од оние коишто веќе постојат во нивниот јазик. Во овој случај, не станува

[47] Chantal Bouchard: *On n'emprunte qu'aux riches, La valeur sociolinguistique et symbolique des emprunts*, Édition Fides, Québec, 1999, стр. 32.

збор за практична потреба за позајмување на нови предмети, туку за желба на говорителот да ја искаже својата волја, вкус, психичка состојба, став, чувство итн. Сето тоа предизвикува силен интерес и мотив за проучување на овој феномен од страна на лингвистите, психолозите, социолозите и други специјалисти. Карактеристика на ваквите позајмени заемки е нивното можно брзо застарување и излегување од употреба. Најчесто, тие се наоѓаат во одредени области од човековото живеење: начин на однесување, мода, гастрономија, трговија, музика, жаргон, спорт итн. Во овој случај сакаме да го истакнеме заемањето заради *снобизам* кое нема никаква практична потреба и произлегува од модата и од *snob appeal* кое е социјално чувство на оние говорители коишто сакаат да ги имитираат богатите и познати луѓе во облекувањето, потрошувачката, забавувањето, зборувањето, однесувањето итн. Во Франција постојат два периоди кога особено се случувал ваквиот вид на позајмување и тоа во 16 век кога настанува голема употреба на италијанизми и англоманијата која започнала од 18 век и има особено засилени тенденции од крајот на Втората светска војна. Проучувањето на втората појава е и цел на нашето истражување што ќе го елаборираме понатаму во нашиот труд.

Џон Хамбли наведува исто така две причини за позајмување и тоа *надворешни* и *внатрешни*[48].

Надворешните причини се појавуваат кога се појавува нов концепт или нова реалност и тие треба да се воведат во ЈП.

Внатрешните фактори постојат во структурата на ЈП и го одредуваат усвојувањето на одреден елемент од друг јазик. Таквото усвојување, пред сè, зависи од сличноста на внатрешните структури меѓу ЈП и ЈД.

1. 5. Фактори кои го поттикнуваат позајмувањето

Постојат повеќе фактори кои го поттикнуваат или намалуваат заемањето. Еден од нив се з*асилените политички врски помеѓу земјите.* Тоа се случува кога јазиците на земјите кои имаат постојан или засилен контакт започнуваат меѓусебно да си позајмуваат зборови, особено доколку едниот од

[48] John Humbley, *op. cit.*, стр. 47.

двата јазика ужива поголем престиж. На таков начин, говорителите ја изразуваат блискоста со туѓата престижна култура или свесно или несвесно сакаат да се стекнат со престижот на другиот јазик. Бушар смета дека тоа се заемки кои навлегуваат несвесно од другиот јазик и се производ на интерференцијата (*op. cit.*, стр. 34). На тој начин, членовите на средната класа позајмуваат зборови од повисокиот слој, па затоа, повеќе се употребува *barbecue* од *grillade*s, *fun* од *plaisir* итн. Најчесто заемките од престиж опстојуваат заедно со веќе постоечките лексеми на ЈП и говорителите кои ги употребуваат тие заемки се „обвинуваат“ за снобизам. Овој феномен ѝ е добро познат на лингвистиката не само во доменот на лексикологијата туку и од други фонолошки истражуваања од науката за јазикот[49].

Религијата е исто така значаен фактор. Големите религии пренесуваат и голем јазичен багаж со себе. Кога се пропагира една религија се позајмуваат и зборови од јазикот на којшто се извршуваат проповедите и литургиските обреди во една земја или се преведуваат светите книги. Токму поради таа причина, францускиот јазик позајмил многу зборови од латинскиот кои се однесуваат на оваа област зашто тој е јазик на католицизмот, најголема религија во Франција.

Културната надмоќ на одредена нација претставува исто така значаен фактор за позајмување, додека пак, *контактите со јазикот на поробувачот* во воени услови, не се плодна почва за позајмување во јазикот на поробениот народ. Заради негативното чувство, најчесто населението се спротивставува на агресорот и одбива да го зборува неговиот јазик, освен соработниците кои тогаш гледаат можност за личен напредок преку усвојување на јазикот на агресорот. Влијанието на војната зависи во голема мера од нејзиното *траење*. Имено, доколку војната трае кратко јазикот на окупаторот, најчесто, нема силно влијание врз јазикот на покорениот народ, меѓутоа, во случај кога војната и окупацијата траат подолго време, тогаш јазикот на покорениот народ може да има влијание од јазикот на окупаторот. Како пример за тоа, Ван ден Берг го наведува силното влијание на латинскиот јазик врз галскиот

[49] Во социолингвистиката се познати фонолошките истражувања на Вилијам Лабов во Њујорк, а и Лоран Сантер (Laurent Santerre) во Монтреал кој во својот труд "Les [r] montréalais en régréssion rapide", во *Protée*, vol. vii, n˚2, стр. 117-132, дава пример за сè поголемата употреба и промена на гласот [r] заради факторот престиж и имитирање на друга повисока општествена категорија.

јазик и подоцна, влијанието на францускиот врз англискиот јазик во текот на поранешните војни меѓу овие две земји.

Исто така, фактори кои го поттикнуваат позајмувањето се современиот начин на живеење, модернизацијата на општеството, зголемената комуникација меѓу луѓето, зачестената употреба на средствата за комуникација, зголеменото присуство на мас-медиумите, брзиот и незапирлив развој на информатиката, особено во англосаксонските земји итн.

1. 6. Посредници во позајмувањето

Најпрвин, употребата на еден странски збор или израз најпрвин има индивидуална карактеристика. Потоа, тој се проширува на определена социјална група за, на крајот, да влезе во општа употреба на некој јазик. Дероа разликува *внатрешни посредници*, поединци и помали општествени групи кои, писмено или усно, ја воведуваат заемката и *надворешни посредници,* поширока општествена група која употребува друг јазик од која е преземена заемката.

За една заемка да премине од еден јазик во друг кога меѓу нив нема директен контакт или не се во географска близина, треба да се пренесе *преку соседен јазик* на ЈД. Посредник може да биде и *народ кој има засилени трговски контакти со други земји*. Тоа може да се докаже преку лингвистички истражувања на историски документи каде што е можно да се следи патот на заемката меѓу два јазика. Недостатокот на такви документи може да го наведе лингвистот да формулира само хипотези за одредена можност за заемање без сигурен доказ. Пренесувачи на заемките се и *доселените двојазични малцинства* од други земји кои со текот на времето и промената на генерациите целосно ќе се асимилираат и ќе престанат да го применуваат нивниот мајчин јазик. Посебно место заземаат *луѓето кои престојуваат во странство* дипломати, колонизатори, војници, технички персонал, трговци кои извесно време поминуваат надвор од својата земја извршувајќи одредена мисија во служба на друга нација или во поранешните колонии. Во оваа група спаѓаат и студентите и наставниците по странски јазик кои престојуваат во странски училишта, а подоцна при враќањето во

својата земја, тие го шират влијанието на јазикот којшто го изучувале притоа внесувајќи заемки во својот јазик.

Значаен посредник на туѓите зборови или изрази е *спортскиот жаргон* преку кого се внесуваат голем број на заемки од странските јазици. На тој начин во поново време се внесуваат англицизми во сите јазици низ целиот свет во сите современи спортски дисциплини.

Во однос на пренесувањето на заемките, не смее да се занемари и *влијанието на матичните земји-колонизатори врз нивните колонии*, улогата на *мас-медиумите* и *новинарите* кои имаат сè поголемо влијание во јазикот со засилената употреба на средствата за масовна комуникација, потоа влијанието на *преведувачите* и *толкувачите* коишто заради „интелектуална мрзливост“ или недостаток на време не го преведуваат воопшто или несоодветно го преведуваат туѓиот поим, итн.

За да се појави одреден нов збор или израз во еден јазик не е потребна состојба на билингвизам кај говорителите, ниту задолжително да се зборува јазикот од каде е земена заемката. Повеќекратното повторување на еден ист термин од една одредена социјална група, во определени услови, преставува плодна почва терминот да почне да се шири како заемка.

1. 7. Адаптација на заемката

Кога еден туѓ збор во ЈП покажува голема виталност и способност за изведување на други зборови, можеме да кажеме дека тој веќе припаѓа на домашната лексика. Во овој случај, тој збор го достигнал највисокиот степен на заемањето и целосно се интегрира во домашниот фонд на зборови.

Туѓите зборови можат да минат низ неколку адаптации: фонетска, морфолошка и семантичка.

Фонетската адаптација е првата адаптација на заемката. Говорителите настојуваат точно и верно да го репродуцираат туѓиот изговор, меѓутоа сето тоа е проследено со одредени потешкотии особено ако постои голема разлика во фонетските структури меѓу ЈД и ЈП. Ова особено се истакнува доколку говорителот којшто ја употребува заемката не го познава странскиот јазик или пак потекнува од пониска социокултурна средина.

Заемките коишто порано влегле во ЈП фонетски веќе се приспособиле и се одомаќиниле во неговиот фонетски систем.

Постојат четири начини да се приспособи изговорот на еден туѓ збор или израз:

1. преку изоставање на непознатите фонеми и на оние кои тешко се изговараат,
2. нивна замена со фонеми кои се веќе присутни во фонетскиот систем на ЈП,
3. воведување на нови фонеми заради приближување на туѓиот збор и
4. поместување на квалитетот и местото на акцентот на туѓиот збор во согласност со установениот акцент на ЈП.

Многу често една иста заемка може да се изговара на повеќе начини. Во Франција, во речниците, најчесто се прифаќа најодомаќинетата форма во францускиот јазик кој е и најблиска до неговиот фонетски систем и до официјалните препораки за интегрирање на туѓите зборови во јазичниот систем. Сепак, во секојдневието можат да се чујат различни варијанти на една иста заемка. Така на пример зборот *feeling* се изговара како „filigne“ од образованата млада популација и како „féligne“ од необразованите[50], иако нормата на изговорот што ја предава *Petit Robert* е формата [filiŋ]. Тука се забележува интегрирање на еден нов назален, веларен глас [ŋ][51] кој не претставува посебна тешкотија за францускиот гласовен систем. Забележано е сè поголемо присуство на овој глас особено во заемките по Втората светска војна. Валтер регистрира нешто помалку од 200 зборови во францускиот јазик коишто го содржат овој глас од кои половината датираат од 1945 година па наваму. Некои од нив брзо застаруваат, а неговата употреба се намалува околу деведесеттите години во 20 век[52]. Слободно може да се рече дека / ŋ / е фонема која пополнува празнина во францускиот јазик. Таа има ограничена дистрибуција и не се среќава во иницијална положба, туку исклучително во суфиксот *-ing* кој е преземен со заемките од англискиот јазик (*rewriting*, *brainstorming*, *brainwashing*, *cocooning*, *coping*, *mobbing*, *benchmarking*, *factoring*).

---

[50] Maurice Pergnier: *Les anglicismes*, PUF (coll. Linguistique nouvelle), 1989, стр. 33.
[51] Henriette Walter: "La nasale vélaire / ŋ /. Un phonème du français?, во *Langue française*, 60, 1983, стр. 14-29.
[52] Georges Molinié: *Le français moderne*, PUF (Coll. Que sais-je?), Paris, 1991, стр. 53.

Ван ден Берг дава некои фактори коишто влијаат врз изговорот на некоја заемка како географското потекло на говорителот, нивото на образование, аналогијата со другите зборови, нејзината зачестена употреба, датумот на влегување во ЈП, регистарот, возраста и контекстот на употребената заемка.

За да може една заемка да функционира јасно и колку што може поприродно во системот на ЈП таа мора да претрпи и *морфолошка адаптација*. Таа се состои во препознавање на морфемите и нивна замена со соодветни морфеми кои му припаѓаат на ЈП, се разбира доколку формата на позајмениот збор го допушта тоа.

Кога еден збор минува од еден јазик во друг може да се случи и промена, односно адаптација во однос на граматичкиот род. Доколку во ЈД постои граматички род, тогаш ЈП може да го зачува истиот род како во ЈД, но може да дојде и до негова промена во зависност од полот на лицето или животното, од формата на зборот, од неговото значење, па дури и од психолошките фактори кои се менуваат во зависност од секој говорител. Така, именките во англискиот јазик немаат граматички род кој пак игра важна улога во францускиот јазик и позајмените именки можат да се интегрираат во него во еден од двата рода. На пример, заемката *wagon* се приспособила во Франција во машки род *un wagon*, додека во народниот француски јазик во Канада може да се чуе и формата за женски род *une wagon*. Исто се случува и со заемката *gang* која е во машки род во Франција *un gang,* а во женски род во Канада *une gang*. Некои понови именки позајмени од англискиот јазик можат да покажат колебање во родот како на пример заемката *interview*. Регистрирана уште на самиот почеток во женски род *une interview* (PR), оваа заемка сè повеќе се употребува и во машки род *un interview*. Сепак именките коишто минуваат од англиски во француски јазик најчесто, со некои мали исклучоци[53], го преземаат машкиот род. Перње смета дека тоа е несвесен процес за регулирање на родот на заемките чија цел е избегнување на можната несигурност пред која може да се најде говорителот во ЈП. Најверојатно така може да се објасни и промената на

[53] *France Inter* во дневникот од 17 мај 1987 година ја емитува следнава реченица:"*La star la plus adulée du football raccroche en pleine gloire*". Во овој случај женскиот род la star се однесува на познатиот француски фудбалер Мишел Платини (Pergnier, *op. cit.*, стр. 41).

родот на *interview* од женски во машки, т. е. тоа е искажување на несвесната волја на говорителите оваа заемка да влезе во општата шема на позајмените зборови. Во корпусот на нашиот проект пронајдовме повеќе единици со два рода како *country*, *enduro*, *fullerène*, *happy end*, *sex-shop*, *township*, *trial* итн.

Позајмената придавка од англискиот јазик најчесто останува непроменета во францускиот јазик: *une personne chic*, *une femme snob*, *une musique swing*, *une récolte record*, *une tenue shocking*, *une lettre express* итн.

Истата причина се однесува и на зборовите коишто во англискиот јазик завршуваат на *-ing*. Сите тие влегуваат во категоријата именки во францускиот јазик, иако во англискиот јазик тие можат да имаат повеќе граматички функции (именка, придавка, герунд итн). Дури и кога навлегуваат во францускиот јазик како заемки од други граматички категории, сепак на крајот по извесно колебање, тие преминуваат во именки. Така *parking* на англиски јазик значи *action de garer un véhicule*, а на француски *un parking* значи *parc de stationnement pour les automobiles*. Или пак *living-room* (каде *room* е именка) по извесно време на адаптација се редуцира на првиот, глаголски дел од заемката изведувајќи ја новата форма *un living*. Исто така, суфиксот *-ing* доживува голем успех во францускиот јазик така што се генерираат лажни англицизми (faux anglicismes)", т.е. лажни заемки (faux emprunts) коишто завршуваат на овој суфикс: *pressing, forcing, footing*, итн.

Една од карактеристиките за приспособувањето на англиските заемки во францускиот јазик е тенденцијата за нивно скратување која се должи пред сè на олеснувањето на изговорот на зборовите заради јазичната економија која во овој случај дава еднослоҗни и двослоҗни зборови. Тоа доведува и до појавување на заблудата дека англискиот јазик се карактеризира со кратки зборови и изрази што секако не е точна и е предрасуда. Секогаш кога една англиска лексичка заемка содржи повеќе од два слога тогаш таа безмилосно се скратува од страна на Французите. Непознавајќи ја семантичката и граматичката структура на позајмениот англиски збор франкофонот го задржува само почетниот дел од сложената заемка кого го конвертира во именка без разлика дали тој збор спаѓа во друга граматичка категорија. Со оглед на тоа дека придавката во најголем број случаи стои, за разлика од францускиот јазик, пред именката, францускиот говорител несвесно поаѓајќи

од својот јазик каде што канонскиот ред е именка - придавка, на епитетот му дава улога на именка. Па така: *parking* < *parking lot*, *camping* < *camping ground*, *flash* < *flash light*, *surf* < *surfing*, *self* < *self service restaurant*, *rollers* < *roller-skates*, *smurf* < *smurf-dancing* итн[54]. Перње исто така смета дека не станува збор за карактеристика на англискиот јазик, туку тоа е еден вид „манија“ на Французите зашто феноменот на скратување на зборовите е многу чест во францускиот јазик дури и во скоро сите јазични регистри на пишаниот и устен француски јазик.

При преминување од еден јазик во друг, зборовите можат да го променат нивното значење, особено ако ЈД и ЈП не припаѓаат на исто јазично семество. Тогаш кај заемките настанува *семантичка адаптација* каде што доаѓа до нивно приспособување на другата јазична и општествена средина зашто предметите и поимите од новата средина не се идентични на изворната. Во овој случај значењето на заемката станува поопшто, помалку прецизно. Семантичката адаптација бара одредено време, односно значењето на зборот евоулуира под влијание на новите услови. Во најчест случај доаѓа до поеднаставување на оригиналното значење на заемката. Заемките во ЈП најчесто доаѓаат само со едно значење, иако тие во ЈД се повеќезначни. Така *square* на француски јазик значи « *Petit jardin public, généralement entouré d'une grille et aménagé au milieu d'une place* » (PR), додека пак *Merriam-Webster* заедно со изразите упатува на повеќе различни значења меѓу кои "*an open place or area formed at the meeting of two or more streets*". Нашите асоцијации можат да се насочат и кон познатиот плоштад *Trafalgar Square* во Лондон. Значи *square* во англискиот јазик не значи *petit jardin public* или простор уреден со цвеќиња туку *place qui peut éventuellement avoir un jardin aménagé en son centre*. Или пак кога еден франкофон го употреби изразот *observer les stars* значи дека ги гледал фимските звезди, а не ги набљудувал ѕвездите на небото што се наметнува во главата врз основа на првобитното значење на *star* во англискиот јазик. И во овој случај земено е само едно од повеќето значења што ги дава речникот *Merriam-Webster* заедно со изразите.

[54] Овој феномен, се разбира, не се однесува на сите заемки од англискиот јазик зашто постојат именки кои опстојуваат во францускиот јазик во својата вообичаена форма како *cow-boy*, но постојат и еднослоѓни или двослоѓни заемки кои влегле од англиски: *spot*.

Со ова може да се побие тезата на недоволно информираните изучувачи на странските јазици дека позајмениот збор од еден јазик е само негово просто предавање во друг јазик и дека ако го научиме значењето на еден збор сосема слободно ќе можеме да го употребиме и во другиот јазик. Тоа е сосема погрешно зашто лексиката на еден јазик не е обична листа на зборови туку тие имаат свои закони на однесување.

Можат да се позајмат и еднозначни зборови од ЈД како што се *nylon, laser, sit-in* и други во францускиот јазик. Во овој случај се пренесува целиот јазичен знак од еден јазик во друг зашто не постои појдовна полисемија на позајмените зборови во ЈД.

Кај семантичката адаптација можеме да го издвоиме и случајот на позајмување на еден збор по два или повеќе пати од ист јазик. Во основа кога се позајмува по вторпат, повеќе не можеме да ја препознаеме првобитната форма или значење на зборот и имаме чувство дека се позајмува сосема нов збор. Ваквиот начин на позајмување особено се случува при преземање на поими во научната сфера.

Се позајмуваат и лични имиња и топоними коишто подоцна преминуваат во општи именки и како такви влегуваат во ЈП. Такви се *bristol, carter, colt, maryland, rugby, newton, sandwich, spencer, watt* итн.

Кога зборува за адаптацијата на заемката, Дероа го употребува терминот *јазична мимикрија* којшто го позајмува од природните науки. Тој смета дека адаптирањето не следи фиксни, определени правила коишто детално можат да се дефинираат како во природните науки, туку тоа зависи од ситуации, случајности, па дури и од фантазијата на човековиот дух којашто не може да биде контролирана.

Рудолф Филиповиќ[55] прави поделба на *примарна* и *секундарна адаптација* на заемката.

Примарната адаптација го опфаќа периодот од навлегувањето на заемката во ЈП сè до нејзината интеграција во него. Промените коишто настануваат во овој период не се постојани, односно, константни и се врзани за билингвизмот. Во тој момент се чувствува и влијанието на двата јазика врз

[55] Rudolf Filipović: *Teorija jezika u kontaktu*, JAZU, Zagreb, 1986.

позајмениот збор што овозможува појавување на повеќе форми на една иста заемка.

Секундарната адаптација се однесува на оние промени на заемката од моментот на најзината интеграција па понатаму. Траењето на овој период не е дефинирано. Оваа адаптација ја дава и крајната форма на заемката. Секоја понатамошна промена којашто ќе се јави врз позајмениот збор во оваа фаза нема никаква врска со влијанието на ЈД, туку со јазичните закони коишто владеат во ЈП зашто заемката започнува да се однесува како збор кој веќе припаѓа на домашната лексика.

Значи адаптирањето на еден туѓ елемент во еден јазик претставува континуиран процес. Клајн (Clyne)[56] предлага три главни етапи на приспособување на еден странски збор и тоа *Transfer*, *Fremdelement* и *Lehnelement* што можат да се преведат со *трансфер*, *туѓ елемент* и *позајмен елемент*.

Трансферот, како што гласи и самото име, е оној дел од заемањето кога употребата на една заемка поаѓа од поединечна кон колективна. Тој се случува кога еден билингвален говорител повремено употребува зборови кои припаѓаат на неговиот втор јазик и имаат само моментална, поединечна употреба во неговиот идиолект. Тоа е првата, идиолектна етапа на заемката кога таа има само спорадична употреба.

Туѓиот елемент веќе се употребува во повеќе ситуации во ЈП и се карактеризира со поголема стабилност во употребата отколку индивидуалните трансфери.

Позајмениот елемент е кодифициран и се употребува од страна на јазичната заедница и не може да биде заменет со ниеден друг јазичен елемент на таа заедница.

1. 8. Начини на позајмување

Еден збор или израз може да се позајми *усно* или *писмено*. Начинот на позајмување во голем степен влијае врз правописот или изговорот на еден

[56] Michael Clyne: "Zur Beschreibung des Gebrauchs von sprachlichem Lehngut unter Berücksichtigung der Kontaktbedingten Sprachforschung", *2t fur Mundartforschung*, 34, 1967, стр. 223.

збор. Кога заемката доаѓа по устен пат заедно со неа доаѓаат и гласовите коишто се типични за ЈД, а притоа се случува и фонетско приспособување на зборот (види 1. 3. *Критериуми за идентификација*, „Фонетски критериум“). Кога заемката доаѓа по писмен пат, таа може да добие различна писмена форма за разлика од онаа што ја имала во ЈД особено кога во тој јазик се употребува различно писмо од она во ЈП. Притоа, постои можност под дејство на графијата позајмениот збор да добие нов глас зашто говорителите во ЈП го изговараат него според тоа како е напишано, односно според правилата на ЈП. Исто така има и многу обиди да се „пофранцузи“ пишувањето на заемката *bifteck* < *beefsteak*, *boulingrin* < *bowling-green*, *chèque* < *check, comité* < *committee, dispensaire* < *dispensary*, *paquebot* < *packet-boat*, *redingot* < *riding-coat, rosbif* < *roast-beef* итн. Ова се однесува и на странските имиња и топоними.

Исто така јазикот може да позајмува *директно* или *индиректно* од друг јазик. Зборовите *chutney*, *hurricane*, *marina*, *rand* и други навлегле од други јазици индиректно преку англискиот јазик.

Пјер Гиро (Pierre Guiraud) во своето дело *Les mots étrangers*[57] наведува пет начини на позајмување:

1. *Позајмување на името и на предметот* - каде што истовремено се внесува и предметот и зборот којшто него го означува во неговата оригинална форма (англ. *basket-ball*),
2. *Позајмување на именката без позајмување на предметот* - во овој случај, зборот се презема целосно во својата странска, оригинална форма, а притоа не се позајмува означениот предмет или поим кои и понатаму останува туѓ (*izba, vizir*, *florin*, *christmas-pudding*),
3. *Позајмување на предметот без да се позјами именката* - се создаваат калки врз основа на туѓите елементи (итал.: *mont-de-piété* < *monte-di-pieta*, герм.: *quartier- maître* < *Quartiermeister*, шп.: *pot-pourri* < *olla protrida*),
4. *Пофранцузување на именката* - *Esplanade* (итал. *spianata*), *boulingrin* (англ. *bowling-green*), *contredanse* (англ. *country-danse*), *choucroute* (герм. *sauerkraut*), *hausse-col* (герм. *halskot*), *accélérine* (англ. *accelerin*), *adrénergique* (англ. *adrenergic*), *codeur* (англ. *coder*), *écosystème* (англ. *ecosystem*),

[57] Pierre Guiraud: *Les mots étrangers*, PUF, Paris, 1971, стр. 99-100.

5. *Пофранцузување на предметот* - навлегувајќи еден поим од еден во друг јазик, еден поим може да добие друго значење. Оваа појава особено се манифестира кога зборот од ЈД има иста форма како оној од ЈП. Така францускиот глагол *réaliser-rendre réel* добива ново значење „*se rendre compte*“. Лошо интегрираниот збор во ЈП е особено изложен на промени на формата и значењето.

1. 9. Природа на заемките

Природата на заемката игра важна улога во реакцијата на говорителите. Шантал Бушар[58] разликува *свесна заемка (emprunt conscient)* и *несвесна заемка (emprunt inconscient)* и прави споредба во однос на нивната прифатеност во Франција и во Квебек. *Свесната заемка* се уште во себе ја чува фонетската компонента на ЈД, а најчесто ја чува и нејзината оригинална графија, иако постои можност таа да претрпела мала фонетска адаптација во ЈП.

Во Франција, долго време свесните заемки трпеле толкава брза и силна фонетска асимилицаија со што ја изгубиле нивната туѓа црта и не се разликуваат од основниот француски вокабулар. Само специјалистите од оваа област можат да ги препознаат. Во последните 30 години од 20 век, со сè поголемото изучување на англискиот јазик во Франција и феноменот на глобализацијата, оваа појава во однос на свесните заемки започнува да се менува. Веќе не се врши фонетска асимилација на англицизмите во францускиот јазик, туку само одредено приспособување на одредени фонеми кои се специфични за англискиот јазик и се потешки за изговарање од страна на франкофонските говорители.

И во Квебек одамна започнале да се асимилираат англиските заемки, но најверојатно од почетокот на 20 век се престанува со пофранцузирање на нивниот изговор. Меѓу другото, тоа се објаснува со географската и општествена близина со англискиот јазик кој е официјален јазик на Канада. Бушар дава уште едно толкување и смета дека тоа е социолингвистички феномен зашто станува збор за извештаченост и имитирање од страна на

[58] *op. cit.*, стр. 24.

една одредена повисока општествена група Французи којашто знае добро како се изговара оригиналниот англиски збор. Обично, со текот на времето, заемката во Квебек се заменува со француски збор. Значи разликата е во тоа што заемките сè повеќе се прифаќаат во Франција во нивната оригинална форма отколку во Канада каде што се претпочита францускиот збор.

Во групата *несвесни заемки* Бушар ги става *семантичките заемки* и *калките*. *Семантичка заемка* е тогаш кога една постоечка лексичка форма во еден јазик прима ново значење што е приближно исто или слично со значењето на друга лексичка форма од друг јазик. Начинот на којшто навлегуваат овие заемки во еден јазик се разликува од свесните заемки зашто во најголем број случаи станува збор за несвесна контаминација на еден јазик врз друг која е последица на интерференцијата кај двојазичните говорители. За разлика од Франција, овој феномен во Квебек се јавува многу порано уште кај првите генерации кои живеат под англиска управа, особено кај двојазичното градско население. Во ширењето на овие замки особено влијание имаат новинарите, а подоцна и електронските медиуми. Како резултат на тоа се јавуваат многубројни семантички заемки кои се инволвираат и во руралните региони на франкофонска Канада каде што нема никаков допир со англискиот јазик. Од крајот на 19 век образованото население започнува со енергична кампања против ваквиот вид на заемки и покрај целосната невозможност за нивно истиснување зашто процентот на билингвално население во Квебек станува се поголем, а со тоа и бројот на овие заемки. Кампањата се изведува со постојана битка преку образовниот систем, а нивната употреба претставува знак за недоволна образованост на говорителот. Овој феномен во Франција е многу понов и се јавува во последните децении од 20 век. Пренесувачи на овие заемки се новинарите, преведувачите и мас-медиумите. Така се забележува употреба на *réaliser* наместо *se rendre compte*, *trafic* за *circulation*, *opportunité* за *occasion*, *administration* за *gouvernement*, *approche за approach*, *conventionnel за conventional* итн. Бушар забележува и поголема употреба на овој тип на заемки во преводот на книжевни дела од англиското говорно подрачје и препорачува да се обрнува поголемо внимание на образованието на преведувачите кои се едни од главните нивни пренесувачи. Од

социолингвистичка гледна точка овие заемки имаат неутрална вредност зашто најголемиот број говорители не се свесни за нивната присутност.

Друг вид на несвесни заемки се *калките*. *Petit Robert* нив ги дефинира како „*Буквален превод (на сложен израз или збор со фигуративно значење) од еден на друг јазик*“[59] Во Квебек се наоѓаат во голем број, особено кога се означува поим што навлегува со своето американско име. Постои и една мала категорија на калки кои ги заменуваат свесните заемки кои влегле преку францускиот јазик од Франција. Заради засилената хиперкорекција *fin de semaine* го заменува *week-end*, *magasinage* се користи за *shopping, stationnnement* за *parking* зашто во Квебек постои силно чувство на голем број на говорители дека со нивната употреба ја прекршуваат нормата на францускиот јазик кој има посебен статус во таа провинција. Мошне специфично е тоа што Французите најчесто ги отфрлаат овие квебешки форми и ги сметаат за вид на снобизам.

Несвесните заемки не се предмет на нашето истражување.

1. 10. Поимот *англицизам* наспрема *американизам* и *британизам*

Влијанието на англискиот врз францускиот јазик е исто толку старо колку што се стари и односите меѓу народите коишто ги зборуваат овие два јазика. Во францускиот јазик, тоа започнува со позајмување на зборовите кои ги означуваат четирите страни на светот (*est, nord, ouest, sud*) како и *bateau* кои по својот статус не се веќе заемки од англискиот јазик туку се дел од англосаксонскиот суперстрат.

Во шеесеттите години од 20 век во Франција, за првпат со толку голем интензитет се јавува силен алармен сигнал за преголемата употреба на зборови од американско или британско потекло. Етиамбл смета дека францускиот јазик е во опасност и е преплавен од странски, односно англиски примеси кои го обезличуваат и задушуваат. Овој став е засилен од канадските франкофони кои одлучно сакаат да стават ред во нивниот вокабулар којшто е многу контаминиран од англискиот јазик заради нивните секојдневни контакти со него. Исто така, тие се жалат дека францускиот јазик

[59] «*Traduction littérale (d'une expression complexe ou d'un mot en emploi figuré) dans une autre langue*» („calque“, во *Petit Robert*).

во Франција не може да им послужи како модел зашто и самиот тој е силно контаминиран од англискиот јазик и е преполн со англицизми.

Во Воведот на *Dictionnaire des anglicismes*, авторите на прашањето што е англицизам одговараат дека „*тоа е збор којшто припаѓа на англискиот јазик (од Англија или Америка) кој преминал во францускиот јазик каде што се употребува од страна на неколку луѓе на ист начин како и другите зборови, најпрвин срамежливо, со наводници, со курзивно писмо или со коментари, потоа се употребува без да внимаваат на него, повеќе или помалку масовно*“[60].

Форест (Forest) и Будро (Boudreau) во *Dictionnaire des anglicismes Le Colpron* сметаат дека „*англицизам е збор, израз или значење што оправдано или неоправдано се позајмува од англискиот јазик*“[61]. Тие разликуваат шест категории на англицизми: семантички, лексички, синтаксички, морфолошки, фонетски и графички. За нашето истражување е битна дефиницијата што тие ја даваат за лексичките англицизми: „*англиски збор или израз кој се позајмува непроменет (kick, flowchart) или на кој му се додава француска наставка (checker, timer)*“[62].

Џонсон (Johnson) во својата теза *Les mots anglais dans un magazine de jeunes (Hit-magazine 1972- 1979)*, каде што врши споредба меѓу присуството на англиските заемки во обата *Dictionnaire des Anglicismes* на Ре-Дебов и оној на Хефлер и нивната фрекфентност во определениот корпус, англиските лексички заемки ги дефинира како „*збир на лексеми, кратенки, определени членови, извици, изрази, сложени зборови (...) кои се „позајмуваат“ од англискиот јазик непроменети или со приспособени на француското писмо со чиешто навлегување во францускиот јазик може но и не мора да го поттикне феноменот на изведување на нови зборови како и семантички*

---

[60] «*C'est un mot qui appartient à la langue anglaise (d'Angleterre ou d'Amérique) et qui est passé en français, où il est employé au même titre que les autres mots, d'abord timidement, avec des guillemets, de l'italique ou des commentaires, par quelques personnes, puis sans précautions et plus ou moins massivement*», (*Dictionnaire des anglicismes*, стр. VII).

[61] «*Un anglicisme est un mot, une expression ou une acception que l'on emprunte, légitimement ou non, à la langue anglasie*», (Forest Constance & Boudreau, Denise: *Dictionnaire des anglicismes Le Colpron*, CB Beauchemin, 1999, стр. VII).

[62] «*Mot ou expression anglaise empruntés tels quels (kick, flowchart) ou auxquels on donne une terminaison française (checker, timer)*» (*ibid.*, стр. IX).

модификации“[63]. Под истиот термин тој ги опфаќа и псевдоанглицизмите кои претставуваат термини коишто според својата структура одговараат на критериумите на англискиот јазик, но не постојат во него зашто се создадени во Франција како и „хибридните сложенки“ кај кои само еден елемент припаѓа на англискиот јазик.

Интегрирањето на туѓиот збор или израз е одлучувачки фактор во енциклопедијата *Wikipédia*. За оваа енциклопедија, англицизам претставува „*збор или израз кои се позајмени од англискиот јазик кошшто се употребуваат во друг јазик без да бидат добро интегрирани во неговиот речник*“[64]. Според *Wikipédia*, добро интегрираниот англицизам веќе претставува заемка.

Petit Robert под заглавниот збор *anglicisme* објаснува дека тоа е „*израз којшто е својствен на англискиот јазик*“[65], а потоа објаснувањето на истиот заглавен збор продолжува дека тоа е „*заемка од англискиот јазик*“[66], или од англоамериканскиот. *Petit Robert* потоа упатува на терминот *américanisme* што подолу ќе го објасниме. Слично е и објаснувањето на *Trésor de la Langue Française* кој дава две објаснувања и тоа „*1-форма или израз својствен на англискиот јазик, 2-англиски збор, значење или синтаксички израз кој се воведува во речникот или во синтаксата на некој друг јазик*“[67]. Многу слично го објаснува и *Merriam-Webster* како „*Карактеристичен признак на англискиот јазик кој се среќава во друг јазик*“[68].

Мошне слична на горенаведените дефиниции е дефиницијата што ја дава *Le grand dictionnaire terminologique*. Според него англицизам е „*збор, значење или израз кои се позајмени од англискиот јазик и кои се користат,*

---

[63] «*Un ensemble de lexème, de sigles, d'articles définis, d'interjection, de locution, de composition (...) emprunté à l'anglais, à graphie inchangée ou francisée et dont la pénétration en français a déclenché ou non un phénomène dérivationnel ainsi que des modifications sémantiques*», (Micheline Johnson, *Les mots anglais dans un magazine de jeunes (Hit-magazine 1972- 1979)*, Peter Lang, Frankfurt, 1985, стр. 38-39).

[64] «*Un mot ou une locution emprunté(e) à la langue anglaise et utilisé(e) dans une autre langue, sans être encore bien intégré(e) dans le vocabulaire de celle-ci*», („Anglicisme“, во *Wikipédia, L'encyclopédie libre,* на сајтот: fr.wikipedia.org.wiki/Anglicisme).

[65] «*Locution propre à la langue anglaise*», („anglicisme“, во *Petit Robert*).

[66] «*Emprunt à l'anglais*», (*ibid.*).

[67] «*1. Idiotisme propre à la langue anglaise, 2 Mot, sens ou tour syntaxique anglais introduit dans le vocabulaire ou la syntaxe d'une autre langue*» („anglicisme“, во *Trésor de la Langue Française*).

[68] "*A characteristic feature of English occurring in another language"*, („anglicism“, во *Merriam-Webster).*

според одреден степен на интеграција, во друг јазик“[69]. Во забелешката дадена под заглавниот збор *англицизам*, речникот разликува *anglicisme lexical*, *syntaxique*, *sémantique* итн.

Dictionnaire historique de la langue française на *Le Robert*, поимот *англицизам* го објаснува најпрвин како „*начин на зборување којшто им е својствен на Англичаните*“[70], според датацијата од 1652 година, а потоа според значењето кое е регистрирано во 1704 година, тоа е „*заемка од англискиот јазик*“[71]. Во вториот случај се однесува на францускиот јазик како ЈП.

За Мелани Мизанчук (Melanie Misanchuk) англицизам е секој термин кој се употребува во францускиот јазик, а произлегува од англискиот. Тоа подразбира, секој збор кој целосно е позајмен од англискиот јазик како (*leader, tycoon, Kleenex*), збор кој е позајмен од англискиот јазик, но кој претрпел и правописни промени (*week-end, no-man's-land, looser*), француски термин којшто под влијание на англискиот јазик го проширил своето значење (*réaliser* > *se rendre compte, contrôler*), изведен збор кој е создаден во францускиот јазик врз основа на англиски збор (*médias* > *médiatique*; *kidnapper* > *kidnappeur*), термин којшто е создаден во францускиот јазик со англиски елементи (*brushing, recordman*) и збор кој е составен од француски елементи, но со збороред кој е својствен на англискиот јазик (*station-service, vidéo-club*). Оваа дефинирање на Мизанчук е многу пошироко од дефинициите на други лингвисти зашто таа ги опфаќа и псевдо-англицизмите, калките и изведенките што многумина не ги класифицираат како англицизми затоа што тие, во основа, се француски зборови. Нејзиното објаснување е дека и покрај тоа што тие се француски, зборови, сепак кај нив неоспорно се забележува влијанието на англискиот јазик. Таа смета дека зборовите коишто спаѓаат во класата на „pseudo-anglicismes“ или „faux-anglicismes“ сепак се англицизми затоа што се создадени врз основа на англиски елементи.

---

[69] «*Mot, sens ou locution emprunté à la langue anglaise et utilisé, selon un certain degré d'intégration, dans une autre langue*», („anglicisme“, во *Le grand dictionnaire terminologique*, на сајтот:
http://www.granddictionnaire.com

[70] «*Façon de parler propre aux Anglais*», („anglicisme“, во „*Dictionnaire historique de la langue française,* стр. 137).

[71] « Emprunt à l’anglais », (*ibid.*).

Катрин Меријy-Бифо (Catherine Merillou-Bouffault) во својата докторска теза *Anglicismes et traduction* (1997) ја дава дефиницијата на Бонафе (Bonnaffé)[72] според кого англицизмите се „*начини на зборување позајмени од англискиот јазик и пренесени во нашиот јазик*“[73]. Оваа дефиниција што ја пренесува Меријy-Буфо во себе крие одреден број на потешкотии при нејзиното толкување. Пред сè треба да се објасни изразот „начин на зборување“ којшто сосема се разликува од начинот на зборување во Франција или во Квебек или пак од останатиот дел од франкофонскиот свет каде што се среќаваат повеќе заемки од англискиот јазик. Во нејзината теза, авторката разликува два вида на англицизми. Првите се оние коишто се интегрирани во јазикот и коишто се пренесени во јазичната заедница и се производ на јазикот, а вторите повеќе имаат личен карактер и се одлика на оние говорители коишто индивидуално ги пренесуваат во францускиот јазик. Тоа се преведувачите, новинарите и стручњаците од другите области на делување кои заради недостаток на време или линија на помал отпор, пуштаат во употреба англиски зборови кои многу често се неразбирливи од страна на другите говорители. Вторите англицизми, кажано со сосировски речник, се производ на говорот.

Во својата докторска теза Џејмс Вокер (James Walker) во 1998 година пишува дека англицизам е „*секое заемање на еден англиски збор од страна на друг јазик, во случајов, францускиот јазик*“[74]. Понатаму, Вокер ја предава дефиницијата за англицизам којашто стои на страна XXIII во предговорот на *Petit Robert* од 1993 година каде пишува дека ознаката ANGL, ја стават пред англицизам кој е „*англиски збор [...] од какво и да е потекло, кој се употребува во францускиот јазик и се критикува како штетна или непотребна заемка (оваа ознака не стои пред англиските зборови коишто долго време и веќе вообичаено се употребуваат во францускиот јазик)*“[75].

---

[72] Edouard Bonnaffé: *L'anglicisme et l'anglo-américanisme dans la langue française: dictionnaire étymologique et historique des anglicismes*, Delagrave, Paris, 1920.

[73] «*…des façons de parler empruntées à la langue anglaise et transportées dans notre langue*», Bonnaffé, 1920, (цитирано според Catherine Merillou-Bouffault: *Anglicismes et traduction*, стр. 16).

[74] «*Tout emprunt d'un mot anglais par une autre langue, en l'occurrence le français*», (James Walker : *Les attitudes envers les anglicismes* [...], 1998, стр. 93-94).

[75] «*…mot anglais, de quelque provenance qu'il soit, employé en français et critiqué comme emprunt abusif ou inutile (les mots anglais employés depuis longtemps et*

Понатаму, во истата теза авторот на трудот го дава и цитатот од *Grand Robert* „*За една категорија заемки којашто е особено крајно и особено плодна како што се англицизмите, следевме (...) политика на објективност, едноставно правејќи разлика помеѓу добро интегрираните и често не забележливи заемки, како bifteck, rail, tunnel, или пак sentimental, збор „пронајден“ од генијалниот Стерн, кои се обработуваат без дополнителен коментар и многубројните неодамнешни или лошо интегрирани заемки кои се означени како „англицизми“. Оваа ознака значи дека тие зборови не се едногласно прифатени и понекогаш се цел на официјална одлука за нивно пофранцузување којашто е означена*“[76].

Перњие (Pergnier)[77] смета дека е тешко точно да се прецизира поимот англицизам затоа што постои тенка граница помеѓу она што може да се дефинира како англицизам и она што не е тоа и таа дефиниција зависи од фактите што ги дава лингвистот при определувањето на поимот и лингвистичките методи што тој ги употребува. Во неговиот маестрален труд *Anglicismes*, тој дава три дефиниции за истоимениот поим. Во првата тоа претставува „*англиски збор или израз што случајно се среќава во некој израз во францускиот јазик*“[78]. Оваа дефиниција не го ограничува и доволно не го прецизира корпусот на англиски зборови или изрази коишто свесно или несвесно влегле во францускиот јазик и се означени со курзивно писмо, наводници итн. Според втората дефиниција, англицизам е „*англиски термин или термин кој се употребува под влијание на англискиот јазик чија зачестеност на употреба е доволно голема за да може да се смета како добро или лошо интегриран во францускиот лексички фонд и кој може да се*

---

normalement en français ne sont pas précédés de cette marque)», (*Petit Robert*, 1993, стр. XXIII).

[76] «*Pour une catégorie d'emprunts particulièrement- excessivement-excessivement-abondante, les anglicismes, on a suivi [...] une politique d'objectivité en distinguant simplement les emprunts bien intégrés- et souvent inaperçus- tels bifteck, rail ou tunnel, ou bien sentimental, mot 'inventé' par le génial Sterne, qui sont traités sans autre commentaire, des innombrables emprunts récents ou mal intégrés qui sont qualifiés d'«anglicismes». Cette marque signifie que ces mots ne sont pas unanimement acceptés et font parfois l'objet d'une décision officielle de francisation- qui est signalée*», (*Grand Robert*, vol. I. стр. XXIV).

[77] Maurice Pergnier: *Les anglicismes*, PUF, Paris, 1989.

[78] «*Un mot anglais ou une tournure anglaise que l'on rencontre occasionnellement dans un énoncé en français*», (Pergnier, *op. cit.*, стр. 19).

најде вклучен во речниците и глосарите“[79]. Оваа дефиниција ја потврдува и оправдува употребата на англиските зборови во францускиот јазик.

Според третата дефиниција, англицизам е „*англиски збор (израз, употреба на збор итн.) којшто се употребува на погрешен начин наместо францускиот правилен збор (израз, употреба на збор итн.)*“[80]. Оваа последна дефиниција ги следи правилата на нормативноста и ја ограничува нивната употреба. Заземање став или стоење само зад една од овие дефиниции е заземање став за поимот англицизам, притоа манифестирајќи негово прифаќање или отфрлање од францускиот јазик заради фактот што не припаѓа на автохтониот француски речнички фонд и се чувствува како туѓ елемент.

Волас Шваб (Wallace Schwab) опишувајќи ги англицизмите во правниот сектор смета дека „*англицизам, особено кога станува збор за јазична заемка, е процес преку кој францускиот јазик се стекнува со еден или повеќе лексички, синтаксички или семантички елементи од англискиот јазик. Тие елементи можат да бидат целосно или делумно интегрирани или приспособени на јазичната примена на францускиот јазик. Понекогаш се јавува и феноменот на нивно отфрлање*“[81].

Паралелно со терминот англицизам се наоѓа и терминот ***американизам*** којшто меѓу другите значења во *Petit Robert* се објаснува како „*Заемка во францускиот јазик која доаѓа од англискиот јазик од Соединетите Американски Држави*“[82]. Ова значење *Petit Robert* го датира од 1970 година. *Petit Larousse* дава три значења за англицизам од кои само едното упатува на јазичен контекст и тоа „*израз или збор кои се својствени на*

---

[79] «*Un terme anglais, ou influencé par l'anglais, dont la fréquence d'utilisation est suffisamment élevée pour pouvoir être considéré comme étant intégré (bien ou mal) au lexique du français et donc être répertorié dans les dictionnaires et glossaires*», (сп. *ibid.*, стр. 20).

[80] «*Un mot (une tournure, un emploi d'un mot, etc.) anglais utilisé de manière* **fautive** *à la place du mot (de la tournure, de l'emploi d'un mot, etc.) français correct*», (*ibid.*, стр. 20).

[81] «*L'anglicisme, cas particulier de l'emprunt linguistique, est le processus par lequel le français acquiert de l'anglais un ou des éléments lexicaux, syntaxiques ou sémantiques. Ces éléments peuvent être intégrés ou adaptés en tout ou partie aux usages du français. Parfois, il y a phénomène de rejet*», (Wallace Schwab: *Les anglicismes dans le droit positif québécois*, стр. 7-8, на сајтот:
www.cslf.gouv.qc.ca/publications/PubB119/B119ch1.html)

[82] *«Emprunt du français à l'anglais des États-Unis»,* („américanisme“, во *Petit Robert*).

англискиот или шпанскиот јазик од Америка“[83]. Специфично е тоа што *Larousse* го проширува значењето и на шпанскиот јазик. *Trésor de la Langue Française*, значењето на истиот поим го упатува само на англискиот јазик од Америка „*Туѓ израз којшто е својствен на англискиот јазик од Северна Америка*“[84], а *Dictionnaires des Anglicismes* на Ре-Дебов и Гањон дава две значења, првото од 1866 година „*Збор, израз или конструкција која е создадена во Соединетите Американски Држави, наспроти оние создадени во Англија*“[85], а второто датира од XX век „*Заемка во францускиот јазик од американскиот (која е во опозиција со поимот англицизам)*“[86].

Слична на горенаведените е и дефиницијата на *Compact Oxford English Dictionary* „*збор или израз кој се користи и потекнува од Соединетите Американски Држави*“[87] и на *Merriam-Webster* „*Карактеристичен признак на американскиот англиски јазик кој особено се разликува од британскиот англиски јазик*“[88]

Наспроти терминот американизам, во *Dictionnaire des Anglicismes* на Ре-Дебов и Гањон го пронајдовме и терминот ***британизам*** *(britic*isme*)* кој претставува „*збор, израз, изразна форма на британскиот англиски јазик кој се разликува од остатокот на англофонскиот свет, особено од американскиот*“[89]. Овој термин не го пронајдовме во други речници[90], освен во *Merriam-Webster* кој го дефинира како „*Карактеристичен признак (кој потекнува) од британскиот англиски јазик*“[91].

---

[83] «*Tournure, mot propres à l'anglais ou à l'espagnol d'Amérique*», („américanisme“, во *Petit Larousse).*

[84] *«Idiotisme propre au parler anglais d'Amérique du Nord»,* („américanisme“, во *Trésor de la Langue Française).*

[85] «*Mot, expression, construction (par rapport à l'anglais d'Angleterre) né aux États-Unis*», („américanisme“, Rey-Debove & Gagnon, *op. cit.*, стр. 18).

[86] «*Emprunt du français à l'américain (opposé à anglicisme)*», (*ibid.*, стр. 18).

[87] “*A word or phrase used or originating in the US”*, („Americanism“, во *Compact Oxford English Dictionary*, на сајтот:
www.askoxford.com).

[88] *“A characteristic feature of American English especially as contrasted with British English*", („americanism“, во *Merriam-Webster*, на сајтот:
http://www.merriam-webster.com/dictionary/americanism).

[89] «*Mot, expression, tournure de l'anglais britannique, à l'exclusion du reste de l'anglophonie, notamment de l'américain*», („briticisme“, J.Rey-Debove& G. Gagnon, *op. cit.*, стр. 96).

[90] Поимот не го најдовме во *Petit Robert*, *Petit Larousse*, *Trésor de la Langue Française*, *Le grand dictionnaire terminologique*, *Oxford*, *Cambridge* и во енциклопедиите *Wikipédia*, *Hachette Multimédia*, *Agora*, *Universalis*, *Larousse*, *Encarta*, *Quid*, *Imago mundi*.

[91] "A *characteristic feature of British English"*, („Briticism“, во *Merriam-Webster*, на сајтот:

1. 11. Поимот *франгле*

Поимот *франгле (franglais)* е популаризиран од познатиот Етиамбл, а воведен е во весникот *France-Soir* во доцните педесетти години од 20 век. Повеќе извори различно го дефинираат овој поим. За *Petit Robert*, франгле е „*употреба, примена на францускиот јазик каде што силно се чувствува англиското влијание (во лексиката, синтаксата)*“[92]. Во истиот заглавен збор овој речник упатува на дополнителни објаснувања на поимите американизам и англицизам. *Petit Larousse* овој поим го дефинира „*Употреба, состојба на францускиот јазик која се карактеризира со прекумерно воведување на неологизми и синтаксички изрази од англиско потекло*“[93]. *Trésor de la Langue Française* истиот поим го објаснува како „*Збир на калки и заемки од американскиот англиски јазик кои се непотребни или лошо адаптирани и се јавуваат во голем број во јазиците на специјалноста или се во мода од ослободувањето па наваму*“[94]. Истиот речник го дава и поимот *franglicisme* кој е „*термин којшто припаѓа на франгле*“[95].

Поимот *franglais* го пронајдовме и во англиски речници. *Merriam-Webster* овој поим го датира од 1964 година и го дефинира „*француски јазик во којшто постојат / се употребуваат значителен број заемки од англискиот јазик*“[96], а *Oxford Dictionaries* истиот поим го дефинира „*Спој од француски и англиски јазик или пак француски јазик кој употребува прекумерен број англиски изрази или неидиоматски француски јазик во устата на еден Англичанец*“[97]. *Ultralingua* и *Longman Dictionary of*

---

http://www.merriam-webster.com/dictionary/briticism?show=0&t=1327279344).

[92] «*Emploi, usage de la langue française où l'influence anglaise (lexique, syntaxe) est très sensible*», („franglais“, во *Petit Robert*).

[93] «*Emploi, état de la langue française caractérisé par l'introduction excessive de néologismes et de tournures syntaxiques d'origine anglaise*», („franglais“, во *Petit Larousse*).

[94] «*Ensembles de calques et d'emprunts à l'anglais d'Amérique, superflus ou mal adaptés, qui ont proliféré dans les langues spéciales ou à la mode depuis la Libération*», („franglais“, во *Trésor de la Langue Française*).

[95] «T*erme appartenant au franglais*», (*ibid.*).

[96] "*French marked by a considerable number of borrowings from English*", („franglais“, во *Merriam-Webster*, на сајтот:
http://www.merriam-webster.com/dictionary/franglais).

[97] "A *blend of French and English, either French that makes excessive use of English expressions, or unidiomatic French spoken by an English person*", („franglais“, во *Oxford Dictionaries*, на сајтот:

Contemporary English поимот го дефинираат како „*Мешавина од француски и англиски јазик*“[98], а *Macmillan* како „*хумористичен јазик кој е мешавина од француски и англиски јазик*“[99].

За *Dictionnaire de linguistique* на Дибоа со неговите соработници, поимот франгле „*на еден пејоративен начин, означува збир на неологизми од англоамериканско потекло кои се воведуваат во францускиот јазик од педесеттите години на 20 век*“[100]. Според енциклопедијата *Wikipédia* овој поим означува „*прекумерна или несвојствена употреба на англицизми, т.е. термини од англосаксонско потекло или со англосаксонски призвук во писменото или усното изразување на француски јазик*“[101]. Сличен е и ставот на енциклопедијата *Hachette* кога истакнува дека терминот се употребува „*за означување на состојба на јазикот кој сè повеќе е изложен на влијанието од англискиот или американскиот јазик*“[102]. Според оваа енциклопедија терминот исто така ги опфаќа директните заемки (*merchandising* ou *fast food*) како и калките (*ce n'est pas ma tasse de thé*), што често се среќаваат во современиот француски јазик.

Книгата *Parlez-vous franglais* на Етиамбл во голема мера придонесува за поттикнување на голема дебата во однос на англицизмите коишто се присутни во францускиот јазик. Таа не претставува научна студија, туку во неа авторот се обидува да ги употреби англиските зборови коишто се присутни во францускиот јазик и со тоа до го прикаже силното англо-

---

http://oxforddictionaries.com/definition/franglais).

[98] “A mixture of French and English”(„ franglais“, во *Ultralingua*, на сајтот: http://www.ultralingua.com/onlinedictionary/index.html?nv=0&action=define&sub=1&searchtype=stemming&text=franglais&service=english2english
и „„a mixture of the French and English languages“, („Franglais“, во *Longman Dictionary of Contemporary English*, на сајтот:
http://www.ldoceonline.com/dictionary/Franglais

[99] „a humorous language that is a mixture of the French and English languages“ („franglais“, во *Macmillan Dictionaries*, на сајтот:
http://www.macmillandictionary.com/dictionary/british/franglais

[100] « [...] *désigne d'une manière péjorative l'ensemble des néologismes d'origine anglo-américaine introduits dans la langue française depuis les années 50*», (Dubois et alii, *op. cit.*, стр. 211).

[101] *« [...] l'utilisation excessive ou inappropriés d'anglicismes, c'est-à-dire de termes d'origines anglo-saxonne ou à consonance anglo-saxonne dans l'expression écrite ou orale du français*» ("Franglais", во *Wikipedia*).

[102] *« [...] pour désigner un état de langue de plus en plus livré à l'influence de la langue anglaise ou américaine»*, ("Franglais", во *Encyclopédie Hachette Multimédia*, на сајтот: www.ehmelhm.hachette-multimedia.fr).
Мошне е интересно што во овој случај, енциклопедијата прави разлика меѓу англиски и американски јазик што упатува на дополнителни објаснувања и разлики од културолошки контекст.

американско влијание коешто зема сè поголем замав, особено по Втората светска војна. Во неа е нагласен силниот ироничен тон на Етиамбл. За да го прикажеме верно тонот на писателот што провејува низ книгата ќе дадеме директно, без превод, дел од неговата книга, а англиското влијание ќе го прикажеме со задебелени букви:

« *Je vais d'abord vous conter une manière de* ***short story****. Elle advint à l'un de mes* ***pals****, un de mes potes, quoi, tantôt chargé d'enquêtes* ***full-time****, tantôt chargé de recherches* ***part-time*** *dans une institution mondialement connue, le C. N. R. S. Comme ce n'est ni un* ***businessman****, ni le fils naturel d'un* ***boss*** *de la* ***City*** *et de la plus* ***glamorous ballet-dancer in the world****, il n'a point pâti du* ***krach*** *qui naguère inquiétait* ***Wall Street****; mais il n'a non plus aucune chance de bénéficier du* ***boom*** *dont le* ***Stock Exchange*** *espère qu'il fera bientôt monter en flèche la cote des valeurs. Vous* ***réalisez*** *que ce n'est pas un* ***crack****, mon copain. J'ajouterai qu'il n'a rien moralement du* ***play-boy****, ni physiquement du* ***pin-up boy***». (Étiemble, 1991, стр. 25).

Скриената намера на Етиамбл е не само да го детектира феноменот *франгле*, туку и да го прикаже со потсмев којшто би ги натерал франкофоните да не ги употребуваат или барем да го осудат англо-американското влијание врз францускиот јазик. Големиот успех што го постигнува оваа книга покажува дека во одредени кругови таа и ја постигнала својата цел. Дури и во повеќе научни студии се употребува *франгле*. Тоди (Thody) во 1995 година го редефинира овој збор, обработува одредени теми на Етиамбл и го употребува поимот *франгле* во текот на целата своја студија. Исто така, овој поим го употребуваат и Перње во 1989 година, Занола (Zanola) во 1991 година и Пикон (Picone) во 1996 година. Некои лингвисти ја отфрлаат критиката на Етиамбл, други го поддржуваат, а некои и отворено го критикуваат.

1. 12. Контакт на јазиците и јазични интерференции

Јазичното позајмување не е чисто лингвистички феномен, па затоа мошне битен е пристапот кон прочувањето на овој проблем. Врз јазичното позајмување влијаат и политичките, културните, економските и општествените фактори, па според тоа, штом се започне со проучување на

овој проблем, заради посеопфатни резултати, може да се навлезе и во сферата на социолингвистиката, психолингвистиката и во други научни подрачја. Феноменот на јазичното поврзување се врзува за *контактната лингвистика*[103], релативно нова гранка на лингвистиката. Паралелно со ова име, во стручната литература може да се најдат и поимите *лингвистика на јазични допири* (Филиповиќ) или *лингвистика на јазичен судир-конфликт-конфронтација*[104].

Поимите *контакт* и *интерференции* се вообичаени поими во социолингвистиката, особено откако за првпат на систематски начин се претставени од страна на Вајнрајх (Weinreich)[105]. Според него „*поимот интерференција означува реорганизирање на структурите што резултира со воведување на туѓи елементи во најсилно структурираните области на јазикот како што е целокупниот фонетски систем, голем дел од морфологијата и синтаксата како и одредени области од речникот (сродност, боја, време итн.)*“[106]. Важноста на ова дело е дотолку поголема што тоа е прво од таков вид што на мошне јасен и содржински издржан начин, со голема интелектуална строгост зборува за проблемот на интерференциите и билингвизмот. Дефиниција на Вајнрајх што погоре ја предадовме се однесува на двојазичниот говорител и тој смета дека два јазика се наоѓаат во контакт кога тие наизменично се употребуваат од страна на ист говорител. Исто така, тој разликува три видови интерференции: фонетски интерференции, синтаксички интерференции и лексички интерференции. За нашето истражување важни се лексичките интерференции кои особено се чести кога двата јазика кои се во контакт не го организираат на ист начин доживеаното искуство. Лексичката интерференција може да ја произведе заемката. Наместо во еден јазик да се бара еквивалент на еден туѓ збор што на моменти е потешко да се најде, најчесто директно се позајмува истиот збор од туѓиот јазик притоа приспособувајќи го на сопствениот изговор и

[103] R. Filipovic: *Teorija jezika u kontaktu*, стр. 15.
[104] R. Djordjevic: *Uvod u kontrastiranje jezika*, стр. 6; B. Terzic: *O problemima slavistickih konfrontativnih studija*, стр. 38-39.
[105] Uriel Weinreich: *Languages in contact*, Mouton & CO., London, The Hague, Paris, 1964.
[106] *"The term* interference *implies the rearrangement of patterns that result from the introduction of foreign elements into the more highly structured domains of language, such as the bulk of the phonemic system, a large part of the morphology and syntax, and some areas of the vocabulary (kinship, color, weather, etc)".* (*ibid.*, стр. 1).

сопствениот фонетски систем. Наспроти интерференцијата која е индивидуален феномен, заемањето е колективен феномен: сите јазици позајмуваат од соседните или од јазиците со престиж.

Сепак употребата на поимите контакт и интерференции варира во зависност од авторот и понатаму во нашиот труд ќе предадеме и некои други гледишта во врска со овој јазичен феномен.

Перњие (1989) смета дека два јазика се во контакт кога еден или повеќе говорители се принудени истовремено да ги употребуваат двата јазика во дадени услови. Тие услови можат да бидат различни: сутуација при преведување, употреба на странски јазик при патување, примена на двојазичност во одредени институции итн. Контактот на јазиците претпоставува двојазичните говорители да можат истовремено да ги користат и двата јазика.

Според *Dictionnaire de linguistique* контактот на јазиците е состојба во која една индивидуа или група се принудени да употребуваат два или повеќе јазици. Значи, контактот на јазиците претставува конкретен настан кој доведува до појавување на двојазичност. Тој може да има *географски причини*: кога луѓето коишто живеат на границата на две јазични заедници постојано се во движење и комуникација во обете заедници и се принудени да го употребуваат или својот мајчин јазик или јазикот на соседната заедница. Исто така, во овие причини спаѓа и масовната преселба на пократок, подолг рок или засекогаш на една јазична заедница во друго географско подрачје кадешто се зборува јазикот на друга јазична заедница. Истиот речник како битен фактор ги наведува и *професионалните причини* кога еден член на една јазична заедница заради преселување во друга област каде што се зборува друг јазик од неговиот е принуден да го употребува јазикот на другата јазична заедница во определени моменти. Јазичните потешкотии кај единката или групата кои произлегуваат од постоењето на два или повеќе јазици се решаваат со целосна замена или наизменична употреба на еден од тие јазици или со јазичен амалгам т.е. меѓусебно воведување на дистинктивни признаци во јазиците кои се во контакт.

Според *Dictionnaire de la linguistique* на Мунен, два јазика се во контакт кога тие истовремено се зборуваат во една иста заедница од страна на исти говорители. Од тој контакт произлегуваат повеќе јазични феномени,

меѓу кои и интерференцијата, кои го изменуваат едниот од двата јазика или пак двата јазика истовремено доколку тие јазици опстојуваат еден покрај друг. Можно е да дојде и до мешање на одредени јазични црти од едниот во другиот јазик и обратно или пак дури и до бришење, односно исчезнување на одредени типични јазични карактеристики на јазикот под дејство на соседниот јазик. Во поглавјето контакт, овој речник ги предава и термините супстрат, суперстрат и адстрат. *Супстрат* е секој јазик кој се зборувал во одреден регион каде што, заради определени причини, бил заменет од страна на друг јазик во кој можат да се најдат јазични црти од првиот јазик. *Суперстрат* означува секој јазик кој се воведува на територијата на друг јазик, без да го замени него целосно и кој може да исчезне оставајќи неколку негови црти. *Адстрат* е странски елемент од друг соседен јазик или дијалект или јазик на престиж. Англискиот јазик е адстрат на францускиот јазик и обратно. Денеска заради развојот на средствата за комуникација, поимот адстрат не мора да упатува само на географската близина на јазиците, туку и на политичкиот, културниот и економскиот контакт на оддалечените земји.

Интерференциите не се задолжителен резултат од контактот меѓу јазиците. Теоретски, една личност може да биде двојазична без двата јазика што ги зборува да се во меѓусебна интерференција. Меѓутоа, искуството најчесто покажува дека интерференцијата е честа последица од контактот меѓу јазиците. Самите јазици како апстрактни ентитети, не се во контакт и не интерферираат меѓу себе. Интерференциите се производ на говорните акти кои ги произведуваат говорителите што значи дека контактот и интерференциите се јазичен феномен кој во сосировска смисла му припаѓа на говорот.

Она што е специфично за индивидуалната двојазичност е специфично или одлика и за колективната или институционална двојазичност. Дури и во ситуациите на географска кохабитација на два или повеќе јазици, т. е. билингвизам, контактот меѓу јазиците се извршува преку зачестената истовремена или наизменична употреба на двата јазика. Интерференцијата кој е психолингвистички процес поврзан со ситуации на специфичен социолингвистички контакт, произведува искази или зборови кои се појавуваат само еднаш (hapax) и се тесно поврзани со условите на нивното произведување и исчезнуваат заедно со нив. Но, кога тие услови на

произведување на тие искази или зборови се поволни, тогаш тие опстојуваат трајно во говорот на еден јазик т.е. стануваат негови трајни обележја на неговиот јазичен систем.

Она што се јавува како производ од интерференцијата од мајчиниот во странскиот јазик се јавува и како производ од интерференцијата од странскиот врз мајчиниот јазик. При интензивен јазичен контакт меѓу двата јазика, не се отфрла интерферираната форма од странскиот јазик, односно, заемката, туку напротив се намалува критичниот однос кон неа и започнува да се интензивира нејзината употреба во повеќе искази. Повторувањето на истата заемка опстојува заради нејзината јазична мимикрија која влијае врз говорителите кои немале никаков директен контакт со јазикот од каде произлегува заемката. Доколку се зачести нејзината употреба, тогаш заемката станува редовен елемент во јазикот на една јазична заедница.

Повремената и ограничена употреба на една заемка од страна на само еден мал дел од популацијата којашто зборува одреден јазик може да има трајни ефекти врз целокупниот јазик што го употребува целата популација. На тој начин многу заемки трајно навлегуваат во ЈП.

Во чисто механистичката теорија која се потврдува преку фактите кои се заклучуваат преку опсервација, колку поголем е интензитетот и зачестеноста на контактите толку поголеми се интерференциите меѓу јазиците во контакт како и хибридните форми од двата јазика во контакт кои настојуваат да се внесат во јазичниот систем на ЈП.

Перњие го употребува терминот *интерференција* во *процесот* на воспоставување на контакт (преку преведување, двојазична комуникација итн.) во мозокот на говорителот (дури и кога бројот на индивидуи кај кои се произведуваат истите интерференции е толкав што тој зема пропорции на колективен феномен). *Производот* на тие интерференции генерички се вика *интерферентна форма* или уште поконкретно *заемка* (лексичка, фонетска) и *калка* (лексичка, морфолошка итн.).

Можеме да резимираме дека интерференциите се јазични факти кои се однесуваат согласно со внатрешните закони на јазичните системи кои се во интерференција. Нивните карактеристики се повторливи и предвидливи. Нив ги опишува општата лингвистика. Нивните конкретни својства (зачестеност, области кои се зафатени итн.) и резултати од контактот на јазиците

произлегуваат од *социолингвистичките параметри* (услови за контакт на јазиците, причини за често појавување на двојазичност, степен на двојазичност на говорителите кои ги произведуваат интерференциите, број на говорителите на една јазична заедница кои се во состојба да создаваат интерференции помеѓу јазиците, политичкиот и идеолошкиот статус на јазиците итн.). Обединувањето на сите овие фактори и нивната интерсекција доведуваат до појавување на конкретни резултати, односно до произведување на интерферентни форми, меѓу кои се и заемките кои се предмет на нашето истражување.

ГЛАВА 2:

ЗАЕМКАТА КАКО СОЦИОКУЛТУРЕН ФЕНОМЕН

2. 1. Дефинирање на поимот *култура*

За подобро да го дефинираме поимот *култура*, ќе предадеме неколку дефиниции од повеќе познати речници и автори. Сите тие покажуваат дека овој поим доаѓа од латинскиот збор *cultura* којшто во латинскиот јазик, според *Речник латинско-српско-хрватски* од Јован Д. Чолиќ, значи „*обработување, одгледување, земјоделие, образование, почитување*“[107]. Цицерон филозофијата ја нарекува *animi cultura*. Франсис Бекон го презема од него овој израз давајќи му значење на интелектуална активност и книжевност. Во 17 век, германскиот правник Самуел вон Пуфендорф (Samuel von Pufendorf) поимот култура го спротивставува на поимот природа. Најголема прецизност овој поим добива кај Кант кој културата ја дефинира како процес за создавање на човечкото суштество на цели кои нему му се допаѓаат и според тоа ѝ се допаѓаат на неговата слобода. Оваа концепција се наоѓа и кај Хегел кој го употребува зборот *bildung* (образование, едукација) со цел да го означи образовниот процес и преобразувањето на духот. Иако Хегел секогаш ѝ дава еден универзален карактер на културата, тој сепак смета дека таа ја насочува сликата за светот на секоја определена општествена група. Таа нијанса меѓу универзалистичката концепција и посебниот пристап се наоѓа кај првите дефиниции што ги даваат антрополозите на крајот на 19 и почетокот на 20 век.

Le Petit Robert дава повеќе значења, а со првото значење поимот култура го дефинира „*Постапка за обработување на земјата, севкупност на операции кои се својствени за одгледување на растенија корисни за човекот и домашните животни*“[108], притоа упатувајќи на помот *agriculture*. И другите значења коишто ги дава *Le Petit Robert* се однесуваат на земјоделието (*agrumiculture, arboriculture, céréaliculture, floriculture, horticulture, oléiculture, sylviculture, viticulture*) и одгледувањето на животни, микроорганизми, клетки и ткива во областа на исхраната и од областа на биологијата. *Le Petit Larousse* покрај значењата коишто ги обработува *Le Petit*

---

[107] „Обрађивање, гајење, земљорадња, образовање, поштовање“ („cultura“, Јован Д. Чолић: *Речник латинско-српско-хрватски*, Графички атеље „Дерета“, Београд, 1991 (1 издание 1936), стр. 123.

[108] «*Action de cultiver la terre; ensemble des opérations propres à tirer du sol les végétaux utiles à l'homme et aux animaux domestiques*», („culture“, во *Petit Robert*).

Robert дава и други дефиниции за истиот поим. Тој културата ја дефинира како „*Збир на обичаи, навики, уметнички, религиозни и интелектуални изразувања кои ја определуваат и ѝ даваат одраз на една група или општество*“[109]. Понатаму речникот го објаснува поимот како „*Збир на поделени убедувања, гледишта или делувања кои го насочуваат повеќе или помалку свесно однесувањето на индивидуата или групата*“[110]. Покрај дефиницијата за однесувањето во економијата и претпријатијата, *Le Petit Larousse* културата ја дефинира и како „*Збир на знаења стекнати во една или повеќе области*“[111]. Сметаме дека овој речник дава поцелосни и поопфатни дефиниции за поимот култура зашто вклучува и аспекти коишто *Le Petit Robert* не ги забележал.

Trésor de la Langue Française дава слични, но продлабочени објаснувања за поимот култура. Притоа, тој ги проширува своите дефиници дообјаснувајќи дека културата опфаќа основни познавања кои треба да ги поседува човекот во одредени области за да може да оди кон понатамошна специјализација. Исто така овој речник истакнува дека културата претставува поседување на знаења на една индивидуа во одредена област, за на крај да ја додаде социолошката дефиниција за поимот *масовна култура* која претставува „*...збир на митови, поими, слики и основни културни модели кои се прошируваат преку сите тие органи и средства за комуникација (телевизија, радио, кино, списанија и реклами)*“[112].

Dictionnaire historique de la langue française на *Le Robert* истакнува дека во 20 век, овој поим е под взаемно влијание на германскиот јазик со значењето коешто му го дава Кант како *интелектуален напредок* и англискиот јазик според значењето на американските етнолози меѓу кои и Малиновски (Malinowski). Така, поимот култура се здобива со своето ново етнолошко и антрополошко значење како: „*збир на стекнати форми во*

---

[109] «*Ensemble des usages, des coutumes, des manifestations artistiques, religieuses, intellectuelles qui définissent et distinguent un groupe, une société*», („culture“, во *Le Petit Larousse*).
[110] «*Ensemble de convictions partagées, de manières de voir et de faire qui orientent plus ou moins consciemment le comportement d'un individu, d'un groupe*», (*ibid.*).
[111] «*Ensemble des connaissances acquises dans un ou plusieurs domaines*», (*ibid.*).
[112] *«...ensemble de mythes, de notions, d'images, de modèles culturels assez rudimentaires qui sont répandus par tous ces organes et moyens de diffusion (la télévision, la radio, le cinéma, les magazines, la publicité*)», („Culture“, во *Trésor de la Langue Française*).

однесувањето во човековите општества“[113] и делумно се спротивставува на нормативното и хиерархиско значење на поимот *цивилизација*. Ова значење на поимот култура е основа на модерното антрополошко значење на истиот поим и од таму произлегува и синтагмата *судир на културите (choc des cultures).*

И *Dictionnaire ses synonymes, nuances et contraires* на *Le Robert*, дава свои објаснувања на тематскиот поим. Под заглавниот збор *culture* прво тој упатува на синонимите *civilisation, connaissances, éducation, formation, instruction, savoir, science*, а потоа и на *agruculture, exploitation (d'une terre)*, *plantation* за на крај да упати на изразот *culture physique* и да го објасни со *éducation physique*, со англиската заемка *bodybuilding* и со француските синоними *culturisme*, *musculation*, *gonflette*.

Според *Dictionnaire de linguistique* „*културата претставува збир на претстави, идеолошки ставови и чувства кои се пренесуваат во една заедница*“[114]. Според тоа значење зборот *култура* ги опфаќа концептите од книжевноста и другите уметности како и научните знаења на една личност кои се означуваат со „научна култура“ и се само еден дел од културата во социолошкото значење на зборот. Исто така, културата ги опфаќа и сите начини на претставување на надворешниот свет, односите меѓу човечките суштества, со другите народи итн. Во овој поим влегува и секој експлицитен и имплицитен став кој се изнесува преку јазикот, потоа религијата, табуата, суеверието, предрасудите, расизмот итн. Јазичното проучување подразбира воспоставување на односи меѓу јазикот и културата. Јазикот содржи серија избори за начинот на претставување на светот. На пример, граматичкиот род со постоењето на опозицијата еднина/ множина или системот на три, четири, пет или повеќе лица зборува за одредена организација на светот. Сепак, тоа не значи дека содржаната имплицитна или експлицитна претстава во еден јазик ја заситува културата на народот којшто него го зборува и a fortiori тоа преставува единствената реалност што тој народ ја познава.

---

[113] «*Ensemble des formes acquises de comportement dans les sociétés humaine*", („culture“, во *Le Robert, Dictionnaire historique de la langue française*, Dictionnaires Le Robert, 1998, стр. 974).

[114] *«La culture est l'ensemble des représentations, des jugements idéologiques, et des sentiments qui se transmettent à l'intérieur d'une communauté»,* („culture“, *op. cit.*, стр. 128).

Merriam-Webster Dictionary Online дава повеќе значења на поимот култура меѓу кои „*чин на развивање на интелетуалните и моралните способности особено преку образование*“[115], потоа „*стручна нега и тренинг*“[116] итн.

Современиот лексикон на странски зборови и изрази од Љубо Миќуновиќ дава пет објаснувања на поимот култура. Првото ги опфаќа „*сите достигања на човечкото општество во стопанскиот, општествениот и духовниот живот (во науката, уметноста итн.)*“, второто е „*степен на општествениот, духовниот развиток на поединецот, на образованието, просветеноста, однесувањето, воспитувањето*“, третото е „*одгледано растение*“, четвртото е „*бактерии одгледани во лабораторија*“ и петтото е „*развивање, негување на нешто (односот, гласот, телото и др.)*“[117].

Речникот на македонскиот јазик (PMJ) дава три дефиниции за поимот култура. Првата е иста како и *Современиот лексикон на странски зборови и изрази* од Миќуновиќ „*сите постигања на човечкото општество*“, втората значење е „*образованост, воспитание, владеење*“, а третата се однесува на земјоделството и значи „*одгледувано растение*“ (стр. 372).

Во антрополошка смисла поимот култура е дефиниран во 1871 година од Едвард Тејлор (Edward Tylor) како „комплексна целина којашто ги опфаќа знаењата, верувањата, уметноста, моралот, правото, традицијата и сите други одредби и навики што човекот ги стекнува како член на една заедница“[118]. Според него поимот култура повеќе ги опфаќа сите оние човекови елементи кои можат повеќе да се пренесат општествено и интелектуално отколку биолошки. Дефиницијата и концептот на Тејлор ја спротивставува културата наспроти природата. Сметајќи ја културата како синоним на цивилизацијата, Тејлор смета дека разликите во знаењата, обичаите и верувањата сведочат за разликите во степенот на напредок на општествата.

---

[115] "*The act of developing the intellectual and moral faculties especially by education*", („culture“, во *Merriam-Webster Dictionary Online на сајтот*: http://www.merriam-webster.com/dictionary/culture).

[116] *"Expert care and training*", (*ibid.*).

[117] Љубо Миќуновиќ, *Современ лексикон на странски зборови и изрази*, Наша Книга, Скопје, 1990, стр. 323.

[118] «*un tout complexe qui englobe les connaissances, les croyances, l'art, la morale, la loi, la tradition et toutes autres dispositions et habitudes acquises par l'homme en tant que membre d'une société* », („culture (anthropologie)“, во *Encarta*, на сајтот: http://fr.encarta.msn.com/ text_761561730___0/culture_(anthropologie).html).

Антропологијата се обидува да ги класира разните видови култури според еден континуум кој поаѓа од наједноставната до најсложената.

Доминик Волтон (Dominique Wolton) смета дека поимот култура има три значења. Првото и најшироко е англиското, антрополошко значење кое ги опфаќа творештвото, начинот на живеење, стиловите и вештините. Второто е германското значење кое е најблиско до поимот цивилизација, а третото е француското значење кое упатува на поимот создавање, творење, наследство и постоење на критериуми за разликување на она што се произведува, се разменува и произлегува од културата. Волтон смета дека „*Франција е земја која со својата активна државна политика одамна сака да ја дефинира и валоризира културата воопшто, а не само француската култура*“ [119].

Социологот Едгар Морен (Edgar Morin) смета дека зборот култура има англиско и германско значење. Нејзиното општо значење е сè што не е природа, сè што е научено, знаењето, вештините, митовите итн., односно, сè што се пренесува од генерација во генерација. Во своето потесно значење, овој поим ги означува различните култури, нивните посебни форми, секоја со своите обичаи, техники итн. Всушност, културата постои само низ културите. „*Не постои култура по себе која е одвоена од другите култури коишто различно се изразуваат. Да додадеме дека културата е составен дел од поимот татковина*“[120].

Ѓорѓевиќ (Djordjević) ја дефинира културата како „*начин на живеење, однесување и мислење, сфаќање на вредностите и конвенциите кои се создадени во едно општество*“[121], а Бугарски неа ја сфаќа во антрополошка смисла која ги опфаќа „*материјалните и духовните добра на одредена*

---

[119] «*La France est probablement le pays qui, par la politique culturelle active de l'État, souhaite, depuis longtemps, définir et valoriser la culture, et pas seulement, la culture française*», (Dominique Wolton, *L'identité culturelle française face à la mondialisation de la communication*, communication à l'Académie des sciences morales et politiques, 28 mai 2001, на сајтот:
http://agora.qc.ca/mot.nsf/Dossiers/Culture).

[120] «*La culture en soi, séparée des cultures qui se manifestent diversement, n'existe pas. Ajoutons que la culture est un ingrédient de la notion de patrie.»,* (Edgar Morin, «Le monde comme notion sociologique», in Daniel Mercure (dir.), *Une société-monde? Les dynamiques sociales de la mondialisation*, Presses de l'Université Laval, De Boeck, 2001. стр. 195).

[121] „Način života, ponašanja i mišljenja, shvatanja vrednosti i konvencije koje su u tom društvu stvorene“, (R. Djordjević: *Kultura kao faktor u nastavi engleskog jezika kao stranog*, Izdavačko informativni centar studenata, Beograd, 1975, стр. 24).

јазична заедница, нејзините институции и моделите на однесување, вредносните системи како и нејзиниот севкупен поглед на светот и начинот на живеење“[122]

Од дефинициите може да се заклучи дека зборот култура има повеќе значења и дека дефинициите на антрополозите се подетални, дефинициите на лингвистите опфаќаат повеќе аспекти на културата со кои таа е поврзана со јазикот, а дефинициите на применетите лингвисти ги опфаќаат оние аспекти од културата кои се поврзани со учењето на одреден јазик. Културата на еден народ не е постојана и утврдена еднаш за секогаш. Таа се менува во согласност со промените на општеството низ кое тоа поминува. Сето тоа пак се одразува во јазикот којшто се менува истовремено со промената на општеството и културата.

2. 2. Поврзаност на јазикот и културата

Јазиците што ги зборуваме, преку кои твориме, го водиме нашиот секојдневен живот, пееме, пренесуваат информации за нашиот идентитет, идеологија, за нашата лична или колективна историја. На тој начин јазикот и културата взаемно си влијаат. Граматиката и лексичките структури го отсликуваат светот како што и нашето разбирање за светот се отсликува преку нашиот говор. Јазикот и идеологијата се испреплетуваат дефинирајќи го не само нашето разбирање на начинот на кој зборуваме туку и начинот на којшто го разбираме значењето на тоа што го зборуваме. Тврдењето на Вилијамс (Williams) дека „*дефинирањето на јазикот, имплицитно или експлицитно, секогаш претставува дефинирање на човековите суштества во светот*“[123] претставува дополнителна поткрепа на погоре кажаното.

Дуранти (Duranti)[124] идентификува три истражувачки парадигми кои се однесуваат на врската меѓу јазикот и културата. Првата се однесува на

---

[122] "*…materijalna i duhovna dobra određene jezičke zajednice, njene institucije i obrasce ponašanja, sisteme vrednosti, kao i njen sveukupni pogled na svet i način života*", (Ranko Bugarski, *Lingvistika u primeni*, Čigoja štampa, Beograd, 1996, стр. 162).

[123] *«Définition du langage est toujours, implicitement ou explicitement, une définition des être humains dans le monde»*, (Raymond Williams: *Marxisme and Literature*, Oxford University Press, Oxford, 1977, стр. 21).

[124] Alesandro Duranti: "Language as Culture in U.S. Anthropology", во *Current Anthropology*, 44 (3), 2003, 323-347, на сајтот:
http://w3.coh.arizona.edu/classes/ariew/slat596/Duranti.pdf

односот меѓу граматиката и погледот на светот и ги поврзува Боас (Boas), Сапир (Sapir) и Ворф (Whorf) чии корени се протегаат до германскиот идеализам и романтизмот. Втората се однесува на етнографијата на комуникацијата и се темели врз делата на Гамперс (Gumperz) и Хајмз (Hymes). Третата ја истражува улогата на јазикот како фактор во формирањето на идентитетот. Таа се заснова на работата на Батлер (Butler) за терминот *performativity*, истражувањето на Вулард (Woolerd) и Шифелин (Schieffelin) за идеологијата на јазикот и на анализата на Тректер (Trechter) и Баколц (Bucholtz) за хегемонијата и расата. Според Дуранти парадигмите не умираат и истражувачите во оваа област немаат никаква потешкотија да преминат од една во друга парадигма. По својата природа, третата парадигма реално ги надминува границите меѓу граматиката и имплицитната прагматика на двете други парадигми.

Идејата за поврзаноста на јазикот и културата во Европа се јавува уште во 18 век кога започнува проучувањето на неиндоевроските јазици. Јазикот kawi од островот Јава го привлекува вниманието на европскиот лингвист Хумболт (Humboldt), а американските индијански јазици стануваат предмет на истражување на американските антрополози и лингвисти Боас, Сапир и други. Средбата со јазиците со поинакви структури од структурите на индоевропските јазици се повод за размислување на лингвистите за природата на јазикот и неговата поврзаност со човековото општество, животот на човекот, неговото размислување и однесување. Тогаш започнува да се наметнува потребата од запознавање на туѓите културни традиции заради разбирање на јазичните категории.

Антрополошката лингвистика го проучува односот меѓу јазикот и културата и го поставува прашањето дали и во која мера постои условеност меѓу нив. Исто така таа се запрашува од што зависат конкретните облици на културата, каков е нејзиниот однос кон индивидуалната психологија, дали може да се создаде една општа теорија за културата итн. Поаѓајќи од бихејвиористичките позиции, американските научници во центарот на својот интерес го поставуваат „јазичното однесување“ кое директно ја разоткрива личноста која е носител на одреден културен тип и е најдостапна за научен опит. За да се дојде до одредени резултати во истражувањата се започнува со собирање на лексички фонд преку чие истражување би се открил типот на

култура. За ефикасно да се изврши собирањето и објаснувањето на речничкиот фонд, потребно е да се има претходно знаење за животот и обичаите на дадената етничка заедница. Токму затоа американските лингвисти започнуваат да го зголемуваат интересот за другите научни дисциплини, а интересот и резултатите се зголемуваат особено со проучувањето на индијанските јазици.

Проучувањето на јазикот kawi го наведува Хумболт на заклучокот дека јазикот открива одреден поглед на светот и дека категориите на јазикот ги предодредруваат категориите на мислата, што е основа на неговата теорија. Тој свој став Хумболт го докажува со фактот дека луѓето меѓу себе тешко се разбираат бидејќи имаат различен поглед на светот. Според него јазикот не е само средство за комуникација туку го реконструира и човековото искуство. Неговиот јазичен релативитет и сите тие негови ставови отскокнуваат од сфаќањата на лингвистите во времето во коешто тој живее. Затоа тој се нарекува и зачетник на општата лингвистика.

Франц Боас (Franz Boas) го воведува во антропологијата концептот на *културен релативизам* и *историска посебност*. Проучувајќи ги ескимската и културите на индијанците тој заклучува дека секоја култура е производ на историјата и дека ниедна култура не е поразвиена и подобра од другите култури. Секоја култура тој ја третира како оригинална синтеза со посебен стил којашто се изразува преку јазикот, верувањата, обичаите, уметноста кои сочинуваат една целина. Боас тврди дека јазиците имаат своја внатрешна логика која ги насочува менталните активности на одредена јазична заедница во одреден правец. Свесноста и јасноста на мислите на еден народ во голема мера зависат од јасноста на јазикот што го употребуваат. Доколку во еден јазик не постојат одредени форми на изразување коишто постојат во други јазици, тоа не значи дека тој јазик е неспособен да ги создаде. Напротив, тоа покажува дека начинот на живеење на народот што го употребува јазикот е таков што тој немал ни потреба да создаде други форми на изразување од оние коишто и биле потребни за функционирање на групата која го употребува јазикот. Доколку таа група би имала потреба од други форми на изразување јазикот би ги развил. Состојбата во културата на еден народ го моделира јазикот, но не во толкава мера морфолошките особини на некој јазик да ја условуваат состојбата на културата. Придонесот и значењето на

Боас е во тоа што тој секој јазик го третира како одвоен и потполн систем на комуницирање во рамките на една култура или група која го користи тој јазик. Исто така, тој смета дека формите и начинот на живеење на луѓето не се развиваат според одреден линеарен модел кој зависи од нивниот ментален развој туку дека тие се производ од локалните историски процеси. Тие процеси се детерминирани не само од околните услови во кои живее една определена заедница, туку и од нејзините контакти со соседните заедници. Според Боас, подобро е да се анализираат елементите на една култура во рамките на нејзиното општество, отколку да се споредуваат општествените институции на разните општества.

Инспирирајќи се од работата на Боас во однос на јазикот, Едвард Сапир (Edward Sapir) му пристапува на проучувањето на јазикот многу широко, со еден многудисциплинарен пристап кој се темели врз антропологијата и културната историја, социологијата, психологијата и филозофијата. Проучувајќи ги индијанските јазици и културата на индијанските племиња, Сапир доаѓа до заклучок дека јазикот е повеќе од обичен инструмент за комуникација и претставува посебна културна целина. Јазикот го насочува погледот што една јазична заедница го има врз реалноста: тој делува како еден вид огледало или призма која го насочува човековото битие кон одреден вид на интерпретација на светот. За него јазикот е културен и општествен производ и претставува важен дел од културата на одреден народ кој живее во одредено време и простор. Луѓето не живеат само во објективниот свет на општествената активност, туку се препуштени и на милоста и немилоста на нивниот јазик кој преставува средство за изразување на нивното општество. Тој смета дека е бесмислено да се помисли дека човекот се приспособува на реалноста без употреба на јазикот и дека јазикот е само случајно средство за решавање на специфичните проблеми на комуникацијата и мислењето. Никогаш два јазика не се доволно слични за да може да се смета дека тие претставуваат иста јазична стварност. Световите во кои живеат две различни општества се два различни светови. Своето тврдење Сапир го темели врз проучувањето на лексичките елементи на јазикот. Според него културните потреби се задоволуваат со создавање на нови зборови од стар лингвистички материјал како и со позајмување на зборови од друг јазик, односно култура како резултат на меѓукултурниот

контакт „*зашто јазиците како и цивилизациите ретко си се додолни сами на себе*“[125]. Сапир смета дека ниедно проучување на културата историски не е потполно без детално испитување на обемот и природата на неговиот речник.

Големо влијание за развој на антрополошките идеи во лингвистиката има Бенџамин Ли Ворф (Benjamin Lee Whorf) кој е ученик на Сапир. Проучувајќи ги мошне успешно индијанските јазици, Ворф смета дека идејниот свет на човекот е најтесно поврзан со јазичната структура. Според него не постојат примитивни јазици и секој јазик може сè да искаже. Но сепак, еден определен јазик сам по себе поттикнува еден одреден начин на гледање на светот, притоа занемарувајќи ги другите можни погледи на истата појава. Психолошките рамки на човекот во кои се мешаат впечатоците од надворешниот свет, всушност се обликувани од неговиот јазик. Тие рамки се пошироки или потесни во зависност од јазичната структура која дозволува најпрецизно одредување на односите меѓу појавите. Неоспорен е првиот дел од тезата на Ворф дека културата влијае врз јазикот. Меѓутоа се уште не е докажан вториот дел од неговото тврдење дека јазикот ја условува културата, влијаејќи директно на сознајниот процес. Тој повеќе се задржува на граматичкото, а помалку на лексичкото ниво на јазикот и смета дека референтната вредност на зборовите е релативно фиксирана и врз неа влијаат речениците и граматичките структури во кои зборовите се јавуваат. За него граматиката на еден јазик не е само инструмент за обликување на идеите туку и таа самата ги обликува идеите, таа е програма и водич на менталните активности на индивидуата. Тој смета дека луѓето ја сегментираат природата на начин како што го утврдува мајчиниот јазик зашто категориите и видовите кои ги изолира еден говорител на еден јазик не се такви какви што паѓаат во очи на секој набљудувач туку, напротив, светот се претставува во калеидоскопски сноп на импресии кои човековиот ум мора да ги организира, во голем дел со помош на лингвистичкиот систем на јазикот што го употребува една личност.

Во литературата за јазикот познато е дека Ворф заедно со Сапир работи на познатата Сапир-Ворфова хипотеза за јазична релативност или

[125] «*Les langues, comme les civilisations, se suffisent rarement à elles-mêmes*», (Edward Sapir: *Le langage, Introduction à l'étude de la parole*, Payot & Rivages, Paris, 2001, стр. 233).

хипотеза за лингвистичкиот детерминизам која се однесува на (не)варијабилноста на претставите и категоризацијата на светот која се пренесува преку јазиците. Оваа хипотеза се побива со тоа што всушност не станува збор за хипотеза туку за набљудување на еден јазичен факт кој претходно бил веќе набљудуван од страна на Сапир. Исто така вториот аргумент е дека Ворф не е коавтор на тезата на Сапир туку тој ја превзема од него и ја проширува. Значи, според оваа хипотеза, не постои објективна, универзална реалност и претставувањето на светот е определено несвесно од јазикот што го употребува една јазична заедница кој делува како призма низ која се прекршуваат толку различни перцепции за светот колку што има и јазици. Оваа хипотеза ќе го поттикне појавувањето на една школа лингвисти „ворфисти“ кои ќе го следат правецот на нивниот учител.

Со својата хипотеза, Сапир и Ворф поттикнуваат многу други размислувања за односот меѓу јазикот и културата. Тие имаат голема заслуга за развивањето на интердисциплинарната соработка меѓу лингвистите, антрополозите, филозофите и психолозите. Потоа, цела плејада лингвисти како Фриз (Fries), Хокит (Hockett), Мартине (Martinet), Најда (Nida) и други зборуваат дека јазикот не може да се проучува одделно од културата на народот којшто се проучува. Исто така, многу антрополози ја проучуваат поврзаноста на културата со јазикот како Малиновски (Malinowski), Хојџер (Hoijer), Линтон (Linton), Хајмз (Hymes), Лендар (Landar) итн. И социолингвистите и психолингвистите ја проучуваат врската меѓу јазикот и културата, како на пример Фишман (Fishman), Керол (Caroll) итн. И филозофите логичари зборуваат за јазичниот релативитет како Витгенштајн (Wittgenstein), Касирер (Cassirer) и др. Сапир и Ворф влијаат и врз други лингвисти кои понатаму ќе развијат нови лингвистички гранки и нови теории како Ферт (Firth) кој зборува за културниот контекст (context of culture) и ситуацијата, потоа Триер, Пајков (Paikov) кој зборува за теоријата на семантичкото поле, Гринберг (Greenberg) и други.

Во изнаоѓање на многу решенија кои произлегуваат од поврзаноста на јазикот и културата, се вклучуваат повеќе науки психологија, семантика, филозофија, антропологија и други, што му даваат еден мултидисциплинарен приод во решавањето на проблемот, а во исто време придонесуваат за забрзан развој и напредок на лингвистиката.

2. 3. Поврзаност на јазикот и општеството

Јазикот како систем на знаци се употребува во одредена јазична заедница и како социјална институција, подлежи на промени и развој коишто се условени од таа заедница. Термините социолингвистика, социологија на јазикот, социјална лингвистика започнуваат да се применуваат кај јазичните проучувања кои имаат изразено интердисциплинарен карактер и за нив, покрај лингвистиката, се интересираат и други науки како социологијата, психологијата и антропологијата. Релацијата на јазикот и општеството е главна тема на социолингвистичките истражувања. Околу создавањето на новата јазична дисциплина најмногу се ангажираат претставниците на антрополошката лингвистика како и на психолингвистиката. Многумина дури и тврдат дека не може да се повлече граница меѓу овие две постари науки и социолингвистиката. Иако несомнено оваа наука настанува со комбинирање на знаењето, искуството и интересот кои призлегуваат од темите на антрополошката лингвистика и психолингвистиката, сепак таа стекнува потполна самостојност со својот разработен научен став.

Францускиот лингвист Антоан Меје (Antoine Meillet) во многу наврати зборува за социјалниот карактер на јазикот, односно него го дефинира како социјален факт. Потврдувајќи ја неговата поврзаност со социологот Емил Диркем (Emile Durkheim), Меје истакнува дека социјалниот карактер на јазикот се огледува преку тоа што границите на многу јазици соодветствуваат со нациите, иако јазикот постои независно од секоја индивидуа којашто го зборува. Иако често го претставуваат како ученик на Сосир (Saussure), Меје се дистанцира од него истакнувајќи дека со издвојување на јазичните промени од надворешните услови од кои јазикот зависи, Сосир го доведува јазикот до апстракција која е необјаснива. Додека Сосир настојува јасно да одреди апстрактен модел на јазик, Меје го објаснува јазикот како социјален факт и систем којшто се одржува. За него, ниеден јазичен факт не може да се објасни без да се води сметка за социјалната компонента, односно дијахронијата или историјата. Наспроти прецизноста со која Меје го дефинира поимот социјален факт, за Сосир фактот дека јазикот е социјална институција е само општ принцип, еден вид на повик или

препорака до другите лингвисти да започнат со истражување во таа област без да даде доволно докази за прифаќање на ова тврдење. За Меје, напротив, ова тврдење бара методолошки импликации и тоа треба да биде во центарот на јазичната теорија. Ваквиот став тој го применува во анализирањето на лексичкиот материјал или во проучувањето на ширењето на јазиците. Бидејќи јазикот е социјален факт произлегува дека и лингвистиката е општествена наука и единствениот променлив елемент за кој треба постојано да се води сметка е општествената промена. Овој тоналитет е многу сличен до оној на Вилијам Лабов за којшто подоцна ќе зборуваме.

Иако Сосир и Меје ја користат скоро истата формула, сепак тие не даваат исто значење. Според Сосир, јазикот е образуван од јазична заедница и токму поради тоа претставува општествен феномен, додека Меје на поимот општествен факт му дава попрецизна и социолошка содржина. Ако Сосир прави разлика меѓу структура и историја, Меје нив ги поврзува. Иако се смета за ученик на Сосир, сепак во прашањето за јазикот како општествен факт се чувствува длабоко антисосировско расположение.

Развојот на структуралната лингвистика доведува до оддалечување од расправата за поврзаноста на јазикот и општеството. Со основањето на модерната лингвистика особено се става акцент од една страна врз формата на јазикот, а од друга врз социјалните функции. Овие два правци се развиваат на паралелен начин без меѓу себе да се сретнат.

Истовремено се раѓа еден друг социјален пристап на јазикот, а тоа е марксистичката струја. Во 1984 година Пол Лафарг (Paul Lafargue) во својата студија[126] која го проучува вокабуларот во францускиот јазик пред и по револуцијата, покажува дека јазикот значително се променил во тој период како последица на политичките настани. Тоа е првиот обид да се примени одредена социолошка анализа врз проучувањето на јазикот.

Во Советскиот сојуз Николај Мар ја елаборира јафетска теорија за јазикот во која се обидува да го примени марксизмот. Тој смета дека сите јазици во светот имаат исто потекло, комуникацијата била најпрвин гестикулативна, потоа се појавиле четири фонетски елементи, т.е. четири

[126] Paul Lafargue: *La langue française avant et après la révolution*, *L'Ere nouvelle*, janvier-février 1894, преиздадена во L.- J. Calvet : *Marxisme et linguistique*, Payot, Paris, 1977, стр. 144.

слога кои го сочинувале јазикот на владеачката каста. Со тоа Мар тврди дека јазикот уште од своето потекло бил инструмент на власта. Преку комбинирање на тие четири слога доаѓа до четири стадиуми во развојот на јазиците кои одговараат на различни социоекономски состојби и произлегуваат од марксистичкото толкување на работите. Секој стадиум претставува напредок и од анализата на тие стадиуми може да се заклучи дека постојат траги на расизам и евроцентризам. Мар смета дека светското движење кон социјализам ќе доведе до создавање на еден јазик што е во склад со неговата идеја дека јазиците ја отсликуваат борбата на класите. Бидејќи теориите на Мар имаат статус на официјални теории на државата, се гледа дека промовирањето на „еднојазичноста“ во Советскиот Сојуз има особен успех преку ширењето на вештачкиот јазик есперанто. Според неговата нова јазична теорија која се наметнува во таа земја до почетокот на педесеттите години од XX век, јазикот има класен карактер, тој претставува суперструктура итн.

Во истата земја за односот меѓу јазикот и општеството зборуваат и Михаил Бахтин, Валентин Николаевич Волошинов и други. Во 1950 година во весникот *Правда* започнува дебата околу новата јазична теорија во којашто директно се вклучува и Сталин којшто со малку научни аргументи ја заклучува дебатата чиј став може да се резимира на две точки според кои јазикот не е суперструктура која е целосно детерминирана од економската и општествената инфраструктура и дека јазикот нема класен карактер. Оваа интервенција на Сталин има одгласи и во Франција каде што Марсел Коан (Marcel Cohen) ја поздравува оваа интервенција и објавува едно дело[127] каде што јазичните факти ги проучува преку една марксистичка социолошка призма.

Во 1974 година во Кина се среќаваат група кинески и американски лингвисти, меѓу кои се наоѓаат Чарлс Фергусон (Charles Ferguson) и Вилијам Лабов (Willliam Labov) и ги анализираат проблемите поврзани со јазикот и општеството. По тој повод, се издава труд[128] каде главна референца се горенаведените текстови на Сталин и го застапуваат ставот дека

[127] Marcel Cohen: *Pour une sociologie du langage*, Albin Michel, Paris, 1956.
[128] Winfred P. Lehmann (ed), *Language and Linguistics in the People's Republic of China*, University of Texas Presse, Austin, 1975.

лингвистиката како и другите науки треба да му служи на пролетеријатот и дека вокабуларот на еден јазик се менува побрзо од синтаксата. Зад превезот на колективната редакција на трудот каде што ниту една глава не е потпишана, може да се заклучи дека постои отсуство на критичка димензија во неа и таа е производ на компромис.

Базил Бернстајн (Basil Bernstein) е прв којшто ќе го земе во предвид реалното јазично производство, што не е случај кај авторите кои се инспирираат од марксизмот и општествената позиција на говорителите. Во својата работа која заради попрецизни и поверодостојни резултати постојано ја поткрепува преку сознанијата од логиката и семантиката, Бернстајн поаѓа од тезата дека семејството во кое децата се одгледани остава длабока трага врз учењето и социјализацијата и дека социјалната структура на единката го детерминира и јазичното однесување што исто така многу се потенцира од страна на Емил Диркем. Неговите трудови се широко прифатени зашто за првпат постои обид за опишување на јазичната разлика поаѓајќи од социјалната разлика. По многубројните критики упатени врз него особено од страна на Вилијам Лабов којшто му противречи со тврдењето дека и говорителите од средната класа се во можност јасно да ги изразат своите идеи без разлика што употребуваат одредени ограничени јазични форми, Бернстајн, се разбира, одговара на тие критики, но неговите тези имаат сè помалку влијание и тој е се помалку цитиран и користен. Без разлика на тоа, тој претставува еден вид на катализатор и забрзувач на бавниот напредок на социјалната концепција на јазикот. Иако неговите тези подоцна се отфрлени, тоа не ја намалува воопшто неговата улога во однос на разјаснувањето на релациите меѓу јазикот и општеството.

Во воведот на публикацијата на трудовите[129] којашто е плод на конференцијата за социолингвистика која се одржала во 1964 година Вилијам Брајт (William Bright) се обидува да ги обедини сите трудови и научни придонеси од одржувањето на конференцијата и истакнува дека не е лесно прецизно да се дефинира социолингвистиката. Неговиот научен интерес е насочен кон поврзаноста на јазикот и општеството и смета дека една од главните задачи на социолингвистиката е да покаже дека јазичните феномени

[129] William Bright (ed), *Sociolinguistics, Proceedings of the UCLA Sociolinguistics Conference*, Mouton, La Haye, Paris, 1966, стр. 11.

не се случајни, ниту слободни, туку директно се поврзани со општествените состојби. Тој предлага да се состави листа на „димензии“ на социолингвистиката и местото каде што ќе се пресекуваат тие димензии да биде предмет на проучување на оваа наука. Тој смета дека веројатно социолингвистиката влегува во ера на забрзан развој и се надева дека лингвистиката, социологијата и антропологијата ќе имаат корист од тоа. Тоа покажува дека Брајт ја замислува социолингвистиката како дополнителен пристап до јазичните факти на претходно спомнатите науки. Потчинетоста на оваа наука ќе се загуби со современите концепции на Лабов кој се смета за основоположник на модерната социолингвистика. Врз основа на фонолошките проучувања што ги извршил во Њујорк, Лабов заклучува дека неправилноста и неизвесноста на јазичните промени се наоѓа во промената на социјалната структура на јазичната заедница. Неговата студија за социјалната стратификација на гласот /r/ во големите њујоршки продавници претставува манифест во кој тој ги презема идеите на Меје за проучување на јазикот во неговиот социјален контекст. Неговата цел е проучување на структурата и еволуцијата на јазикот во рамките на определен социјален контекст што е образуван од страна на една јазична заедница. Тој работи на конкретни современи ситуации и темите на неговото проучување произлегуваат од „општата лингвистика“. Анри Боје (Henri Boyer)[130] смета дека Лабов го потврдува принципот според кој не постои разлика меѓу општа лингвистика која ги проучува јазиците и социолингвистика која при проучувањето го зема во предвид социјалниот аспект на јазиците, односно, кажано со други зборови, социолингвистиката е лингвистика.

Седумдесеттите години претставуваат пресврт во проучувањето на односот меѓу јазикот и општеството. Во тој временски период се појавуваат многубројни списанија и статии кои се однесуваат на оваа тема и ги соборуваат дотогашните ставови во однос на разните лингвистички прашања и проблеми. Во 1972 година се појавува *Language and Social Context*[131] каде што свои трудови објавуваат познати имиња кои ја проучуваат оваа област како Фишман (Fishman), Гофман (Goffman), Бернстајн, Лабов, Гамперз

[130] Henri Boyer: *Élément de sociolinguistique*, Dunod, Paris, 1991, стр. 5.
[131] Pier Paolo Giglioli: *Language and Social Context,* Penguin Books, Harmondsworth, Midd, 1972.

(Gumperz), Фергусон (Fergusson) и други. Истата година, се појавува друга збирка на статии[132] каде како автор, освен горенаведените, се појавува и Ејнар Хауген кои дава значаен придонес во оваа област. Во 1974 година, се објавуваат многубројни анкети, проучувања и трудови значајни за оваа област, меѓу кои е и *Introduction à la sociolinguistique*[133] каде се презентираат различни теоретски пристапи на оваа област и во некои од нив се дава марксистички пристап во проучувањето на јазикот. Исто така, во 1972 година започнува издавањето на списанието *Language in Society*, а во 1974 година започнува да излегува и списанието *International Journal od the Sociology of Language*. Сите овие активности се непобитен показател за промената која се случува во лингвистиката и доказ дека е извојувана битката за социјалната концепција за јазикот. Со тоа, се расчистува и отвора двонасочниот пат за истражување на општеството преку јазикот и истражување на јазикот преку општеството.

Значи, сите јазични факти можат да се сметаат и како општествени факти. Речникот на еден јазик мошне јасно го изразува односот меѓу јазикот и сите аспекти на цивилизацијата. Во таа насока, направени се повеќе обиди за креирање на нови методи на истражување кои ќе бидат темел на една нова лексикологија замислена како социолошка дисциплина.

Што се однесува на односот меѓу јазикот и општеството во *Dictionnaire de linguistique* го пронајдовме поимот *социологија на јазикот* (sociologie du langage). Овој речник истакнува дека станува збор за социолошка дисциплина која ги употребува јазичните факти како показатели за општествените раздвојувања. Со овој поим, Фишман ја означува социолингвистиката која се набљудува од социолошки агол и се интегрира во социологијата. Овој збор се употребува понекогаш и како синоним за социолингвистика.

Под *социолингвистика* истиот речник објаснува дека тоа е дел од лингвистиката чиј домен се совпаѓа со областите на етнолингвистиката, социологијата на јазикот, јазичната географија и дијалектологијата. Нејзина задача е колку што е можно повеќе да ја покаже променливоста на јазичните

---

[132] J. B. Pride, J. Holmes: *Sociolinguistics*, Penguin Books, Harmondsworth, Midd, 1972.
[133] Jean-Baptiste Marcellesi & Bernard Gardin: *Introduction à la sociolinguistique, la linguistique sociale*, Larousse, Paris, 1974.

и општествените феномени и евентуално да воспостави однос меѓу причината и последицата. За разлика од социологијата на јазикот, социолингвистиката нема за цел да ги покаже или да ги употреби јазичните факти како показатели на општествените раздвојувања. Таа воспоставува паралелни описи на јазикот и општеството кои се независни едни од други каде од една страна се социолошките, а од друга јазичните структури. Штом еднаш тие описи завршат, тогаш можат да се спротивстават фактите од паралените описи на јазикот и општеството т.е. групата што се истражува, а со цел да се покажат соодветни резултати.

Dictionnaire de la linguistique на Мунен ја дефинира социолингвистиката како „*проучување на односите меѓу јазикот и општеството. Не е сигурно дека социолингвистиката е чиста дисциплина која има свои принципи и специфични методи или дека тоа е област во која социологијата и лингвистиката мораат да соработуваат: основите сè уште се слабо дефинирани и крајно различни*“[134].

The Penguin Dictionary of Language ја дефинира социолингвистиката како „*Гранка на лингвистиката која ги проучува начините на кој јазикот се интегрира во човековото општество (особено се однесува на некои поими како раса, етнос, класа, пол и општествени институции. Предметот често се разликува од* ***социологија на јазикот*** *која поаѓа од гледиштата на социологијата и (особено во Европа) од* ***социолошката лингвистика*** *која јазикот го гледа како составен дел од социолошката теорија*“[135]. На крајот истиот поим упатува на поимите *интерактивна социолингвистика*, *лингвистика*, *прагмалингвистика*, *социјална дијалектологија*, *социоисториска лингвистика*, *варијабла*.

Новите сознанија за социјалните диференцијации на јазичен план доведуваат до создавање на нови толкувања за настанувањето на јазичните

---

[134] «*…études des relations entre langage et société. Il n'est pas certain que la sociolinguistique soit une discipline propre, ayant ses principes et ses méthodes spécifiques, ou qu'elle soit un domaine dans lequel sociologie et linguistique sont appelées à collaborer: les bases en sont encore mal définies et extrêmement diverses*» („Sociolinguistique“, во *Dictionnaire de la linguistique*, стр. 302).

[135] “*A branch of linguistics which studies the ways in which language is integrated with human society (specifically, with reference to such notions as race, ethnicity, class, sex, and social institutions). The subject is often distinguished from the* ***sociology of language****, which tends to operate from the viewpoint of sociology, and (especially in Europe) from* ***sociological linguistics****, which aims to see language as an integral part of sociological theory”*, („sociolinguistics“, во *The Penguin Dictionary of* Language, стр. 311).

промени и го истакнуваат значењето на општествениот фактор. Освежена со овој нов социолингвистички пристап, старата општолингвистичка тема за факторите кои ги условуваат промените во јазикот повторно го привлекува вниманието на некои еминентни лингвисти и излегува надвор од стриктно социолингвистичките кругови.

2. 4. Англискиот како јазик-давател

Од јазик којшто примал многу заемки од другите јазици, англискиот јазик прераснува во најголем давател на заемки во многу јазици во светот. За неговата особина на ЈП напишани се доста книги кои ги обработуваат заемките од другите јазици. Некои автори како Хауген[136] сметаат дека неговото засилено присуство во други јазици започнува околу 1900 година, додека пред тоа тој давал скромен придонес. Во 1582 година Ричард Малкастер (Richard Mulcaster) пишува дека "*англискиот јазик има мал опсег, се простира само на нашиот остров, дури и не на целиот*"[137]. Логан Пирсал Смит (Logan Pearsall Smith)[138] истакнува дека Англија немала придонес во големиот лексички фонд на европската цивилизација скоро до крајот на 17 век. Во Средниот век, само неколку зборови од областа на трговијата и поморската терминологија влегле од англискиот во францускиот јазик. Единствениот збор којшто е позајмен во 16 век и станал општ европски термин е *dog*. Кон крајот на 17 век и во првата половина на 18 век се случуваат значителни промени на ова поле. Врз основа на развојот на англиското општество, туѓите нации започнуваат да позајмуваат сè поголем број зборови од англискиот јазик. Некои аналитичари овој феномен го нарекуваат „*откривање на Англија* (*discovery of England*)", (*ibid*., стр. 44). Тие заемки се застапени во областите мода, спортови и игри, во англискиот начин на живеење итн. Најпрвин навлегуваат во Франција и оттаму, набрзо се прошируваат во остатокот на Европа, особено во Италија каде што цел тој

---

[136] E. Haugen: "The influence of English: A transatlantic perspective", во *Folia Lingvistica* XXII, 1988, стр. 1-2 : 3-9.
[137] "…*the English tongue is of small reach, stretching no further than this island of ours, nay not there over all*", (O. Jespersen: *Groth and Structure of the English Language*, Blackwell, Oxford, 9th edn, 1945, стр. 232.
[138] L. P. Smith: *Words and Idioms*, Constable, London, 5th edn, 1948.

занес по англиски зборови се нарекува *англоманија*[139]. Навлегувањето на англиски зборови во францускиот во време кога тој се смета за универзален, светски јазик, преставува виза за навлегување на англиските зборови во другите европски јазици. Италијанците први ги позајмуваат истите зборови од францускиот јазик, а потоа, англиските зборови навлегуваат и во германскиот јазик. Во 19 век замките од англискиот јазик навлегуваат во скоро сите европски јазици.

Во 20 век контактот на англискиот јазик со другите јазици станува сè посилен, а тоа се должи пред сè на новите средства за комуникација. Сега, улогата е обратна, европските јазици сè повеќе позајмуваат од него. Степенот на влијанието врз другите јазици зависи од многу фактори за кои подолу ќе зборуваме. Најдобар резултат и производ од јазичниот контакт на англискиот со другите европски јазици се многубројните зборови што навлегле во нив. Тие јазици зборовите ги преземаат директно или индиректно. *Директното пренесување* на зборовите е кога зборовите преминуваат од англискиот јазик во ЈП како плод на географската близина, културната соработка како и социјалните и политичките контакти меѓу двете земји каде се пренесуваат предмети, идеи, поими итн. *Индиректното пренесување* е кога постојат повеќе јазици-посредници кои ги пренесуваат заемките од англискиот јазик.

Рудолф Филиповиќ работејќи на проектот *The English Element in the European Languages*[140] анализира околу 20 европски јазици кои позајмиле зборови од англискиот јазик и заклучува дека тие припаѓаат во повеќе области од човековото знаење. Бројот на заемките варира во секој јазик посебно, а тие зависат од видот и интензитетот на контактот меѓу англиската култура и цивилизација и ЈП. Просечниот број на заемки во сите јазици се движи од 1500 до 2000. Меѓутоа и во овој случај бројот не може точно да се определи и тој варира во зависност од структурата на ЈП и неговата способност да ги интегрира во неговиот јазичен систем кој може да ги направи, на прв поглед непрепознатливи и потешки за идентификација при истражувањето. За бројот и видот на англицизмите сведочат и многубројните речници на англицизми коишто постојат во повеќе јазици.

---

[139] A. L. Graf: *Anglomania e l'influsso inglese in Italia nel secolo XVIII*, Torino, 1911.
[140] R, Filipovic: *The English Element in European Languages*, Institute of Linguistics, University of Zagreb, 1991.

2. 5. Фактори за ширење на англицизмите во другите јазици

Според Клод Тришо (Claude Truchot)[141] постојат неколку фактори кои директно влијаат и го поттикнуваат ширењето на англискиот јазик.

Во првата група тој ги набројува *економските фактори*. Имено, по Втората светска војна следи длабока трансформација на капиталистичкиот систем и истиот, во овој период, започнува забрзано да се шири во многу земји. Врз тоа се додава и светската криза што ја трпат националните економии во периодот од 70-те до 90-те години од XX век која се должи на заситувањето на пазарите, зголемувањето на цената на производство, стареењето на машините за производство итн. Единствен излез за одржување на растот на производството и стабилноста на животниот стандард е насочување на економиите кон другите надворешни пазари кога започнува вистинска економска битка за пазари од страна на најразвиените економии проследена со забрзан развој на науката и техниката.

Соединетите Американски Држави имаат доминантна улога во целиот тој процес заради нивната политичка, економска и финансиска моќ што им овозможува да ги одредуваат правилата за игра, да профитираат од целата ситуација, притоа контролирајќи ги во голем дел изворите за профит. Таквата економска состојба генерира многу консеквенци кои се однесуваат на јазичната примена. Во прв ред, од тоа произлегува сè поголемата употреба на неколку јазици за меѓународна комуникација. Употребата на одреден јазик на меѓународно ниво зависи од присуството на странски мултинационални претпријатија во една земја, од присуството на домашните претпријатија на меѓународниот пазар, од нивниот степен на модернизација како и од развојот на националниот потенцијал на една земја во научните истражувања. Сите тие фактори го наметнуваат англискиот далеку пред другите јазици. Наспроти тоа, автархичните економии кои се насочени кон внатрешните пазари, а малку се отворени кон надворешните пазари фаворизираат употреба на локалниот јазик на односната држава во којашто постои таквиот тип на економија. Исто така, примената на нови производи, машини и технологии

[141] Claude Truchot: *L'anglais dans le monde contemporain*, Le Robert, Collection « L'ordre des mots », Paris, 1990, стр. 32-46.

како и нивното ширење и развој, бара употреба на англискиот јазик зашто најголем дел од нив доаѓаат од англофонското говорно подрачје. Во 20 век француската економија се карактеризира со релативно сложен, мешан тип на економија. Таа чува елементи од минатото, автархична е и малку е ориентирана кон другите земји, освен кон своите колонијални и постколонијални области. На почетокот на 21 век некои нејзини сектори значително се модернизираат и се насочуваат кон странство со што компаниите се прнудени да го употребуваат англискиот јазик на меѓународните пазари.

Културните фактори се исто така мошне значајни за ширењето на англискиот јазик. Ширењето на културата зависи од моќта и капацитетот на „индустриите за култура“ да ги произведат или да ги продадат своите производи. Во оваа област САД имаат главна позиција. Јазичните ефекти од оваа доминација не се еднакви во сите места во светот, а ширењето на културата е директно поврзана со средствата кои се користат за нејзиното ширење. Улогата што ја има англискиот јазик во научните истражувања се должи, меѓу другото и на богатството на информации на американските банки за податоци. Развојот на најсовремените технологии за комуникација му овозможува на англискиот јазик доминантна улога. Тука, пред сè, е кабелското пренесување на медиумите, сателитските канали како и забрзаниот развој на интернетот. Преку нив се пренесуваат и американските вредности, модата, така што американскиот модел за живеење се наметнува во секоја култура. Сето тоа се забележува кај брендовите (*Coca-Cola, Marlboro, Mac Donald's*), музиката (*rock, folk, jazz*), некои специфични производи (*chewing-gum, jeans*), локации (*Hollywood, San Francisco*) итн. Од американското присуство произлегуваат многу јазични ситуации кои се разликуваат во секоја земја во зависност од нејзиното јазично (не)уредување. Калве (Calvet) смета дека „*еден јазик не се проширува само затоа што на него се пишува книжевноста, културниот фактор има мала тежина (важност) во однос на економските и политичките фактори*“[142].

[142] «…une langue ne se répand pas seulement parce qu'elle est le support d'une littérature, ce facteur culturel est de peu de poids face aux facteurs économiques et politiques », (L.-J. Calvet: *La Guerre des langues et les politiques linguistique*, Hachette Littérature, Paris, 1999, стр. 270.

Политички фактори се едни од најсилните кои влијаат врз ширењето на англискиот јазик. Дури и во земјите од поранешниот источен блок каде што постоеше најголем отпор кон тој јазик, по неговото распаѓање, англискиот јазик започнува сè повеќе да навлегува. Во Кина, со новата политичка и економска ориентација на земјата кон надвор, сè поголем број високо образовани кадри, инженери и технолози, коишто перманентно професионално се усовршуваат, го изучуваат англискиот јазик. Слична е и состојбата во Југоисточна Азија каде што земјите од овој регион започнуваат сè почесто и во поголем број области да го воведуваат англискиот јазик. Во тој регион, неговото влијание најслабо се чувствува во Виетнам и во Камбоџа.

Во политичките фактори се наоѓаат и интервенциите од страна на англофонските земји за ширење на англискиот јазик што добро можат да се определат со поимот *јазичен империјализам (Linguistic Imperealism)*[143] којшто се дефинира како „*културна доминација преку јазикот*“[144]. Теоријата на Филипсон за културен империјализам влегува во рамките на теоријата на империјализмот на Јохан Галтунг (Johan Galtung) и поимот културна хегемонија на Антонио Грамши (Antonio Gramsci). Филипсон го критикува историското ширење на англискиот како меѓународен јазик кој продолжува да ја одржува својата доминација во постколонијаните англофонски земји како и „неоколонијлните“ притоа мислејќи на континентална Европа. Тој констатира дека во земјите каде што англискиот не е мајчин јазик, тој станува јазик на „елитата“ зашто оние коишто него го зборуваат имаат пристап до одговорни и влијателни позиции во Обединетите нации, Светската банка, Европската централна банка итн. Покрај тоа што Филипсон е поранешен член на *British Council*[145], тој објективно ги анализира и политичките стратегии на САД кои се јасни уште во четириесеттите години од XX век. Исто така,

[143] За популаризирање на овој термин особено во областа на лингвистиката, значаен придонес има книгата *Linguistic Imperialism* на Британецот Роберт Филипсон (Robert Philipson) кој предава на универзитетот од Роскилде во Данска.

[144] «La domination culturelle au moyen de la langue», (« La superpuissance et l’expansion de l’anglais », во *Histoire sociolinguistique des États-Unis*, на сајтот: http://www.tlfq.ulaval.ca/axl/amnord/usa_6-8histoire.htm

[145] *British Council* е владина иституција на Велика Британија. Нејзина цел е воспоставување на културни врски меѓу неа и другите земји и во рамките на тоа, нејзина особена мисија е промовирање на англискиот јазик, негово ширење и зацврстување на неговата позиција во светот. Нејзиното седиште се наоѓа во Лондон, а филијали на оваа институција има во 110 земји во светот.

масовни субвенции доаѓаат и од американската влада која ги засилува своите мисии во Третиот свет, Јужна Америка и африканските франкофонски земји, а во тоа се вклучува и приватниот сектор[146]. Филипсон ги презема зборовите од еден доверлив извештај од една англоамериканска конференција која се одржува во 1961 година за дефинирање на стратегијата за ширење на англискиот јазик: „*Англискиот треба да стане доминантен јазик кој ќе ги замени другите јазици и нивната визија за светот: хронолошки, мајчиниот јазик ќе се изучува прв, но англискиот јазик е јазикот кој преку моќта на својата употреба и неговите функции ќе стане основен јазик*“[147]. Авторот прецизира дека овој извештај е напишан за интерна употреба во *British Council* и не е наменет за широка употреба што се забележува по стилот и доверливоста како е напишан истиот. Изучувањето на англискиот јазик е дополнителна компонента на секоја преземена акција од страна на овие две држави. Сето тоа се спроведува во програмите за хуманитарна и воена помош, во доменот на комуникациите, ширењето на нови технологии итн.

Големо индиректно влијание во распространувањето на англискиот јазик има и пристапувањето на западните земји во системот за заедничка одбрана НАТО. Со оддалечувањето од страна на Франција од оваа организација во 1966 година заради фактот, како што одговара генерал де Гол, дека под интеграција во Алијансата се подразбира субординација и автоматизам[148], во таа земја започнува периодот на нејзината современа јазична политика во однос на францускиот јазик. Таа политика се карактеризира со засилено негување на свеста за францускиот јазик и негова заштита во повеќе фундаментални области на делување во кои се врши директен атак на јазикот[149].

Исто така и *јазичните фактори* се едни од факторите кои влијаат врз ширењето на англискиот јазик и ги опфаќаат *предрасудите* во однос на

---

[146] Фондацијата *Ford* финансира проекти за зацврстување на англискиот јазик во 38 земји во светот.

[147] «*L'anglais doit devenir la langue dominante remplaçant les autres langues et leurs visions du monde : chronologiquement, la langue maternelle sera étudiée la première, mais l'anglais est la langue qui par la vertu de son emploi et de ses fonctions deviendra la langue fondamentale* », (« La superpuissance et l'expansion de l'anglais », *op. cit.*).

[148] Paul-Marie de la Gorce : « Retour honteux de la France dans l'OTAN », во *Le Monde diplomatique*, janvier, 1996, стр. 7, http://www.monde-diplomatique.fr/1996/01/DE_LA_GORCE/2285.html

[149] З. Николовски, *op. cit.*, стр. 47-80.

ширењето на јазиците. Уште кога во 1784 година Берлинската академија го поставува прашањето за универзалноста на францускиот јазик, Риварол својот одговор го заснова врз неговата јасност како основна негова карактеристика, притоа истакнувајќи дека она што не е јасно не е на француски јазик и дека сè што не е јасно е на англиски, италијански, грчки и латински. Друг пример за субјективизам можеме да пронајдеме и кај Хорас Валпол (Horace Walpole) кој смета дека францускиот е „*најсиромашен и најнехармоничен од сите јазици*“[150]. За среќа во 18 и 19 век заради развојот на знаењата во сите полиња на човековото живеење, многу помалку субјективно се пристапува кон односите меѓу јазичните факти и јазикот. Во 1905 година Јесперсен сè уште зборува дека успехот на англискиот јазик се должи пред сè на јазичните квалитети, меѓутоа исто така констатира дека неговата експанзија во светот се должи поради политичката надмоќност на британското кралство.

И денес и покрај развојот на науката за јазикот и на другите науки преку кои можат да се објаснат многу феномени, сепак, можеме да чуеме многу предрасуди и субјективни ставови во однос на многу прашања поврзани со ширењето на еден јазик. Во *The Story of English*[151] авторите истакнуваат дека граматичката едноставност на англискиот јазик, притоа мислејќи на системот на родот кој е одреден од значењето на лексемата, поедноставената суфиксација, конверзијата на зборовите, односно промената на граматичката категорија на зборот без промена на неговата форма, се едни од одлучувачките фактори за негово ширење.

Исто така, познат е и ставот дека англискиот јазик *нема граматика,* на кој Сапир во 1931 година приговара и смета дека станува збор за лажна едноставност, односно за маскирана сложеност. Едноставноста на еден јазик доаѓа од поедноставувањето на истиот од страна на говорителите коишто го употребуваат. Таа појава на поедноставување е присутна во говорната интеркомуникација и кај другите јазици.

Отсуството на јазична норма исто така е една од предрасудите за англискиот јазик. За разлика од франкофонските земји каде што долго време

[150] “*the most meagre and inharmonious of all languages*”, (цитирано според Cl. Truchot: *L’anglais dans le monde contemporain*, 1990, стр. 39).
[151] Robert Mc Crum et al.: *The Story of English*, Faber and Faber, London, 1986.

била наметнувана нормата на францускиот јазик, во англофонскиот свет сè уште нема заедничка норма. Отсуството на норма не претставува квалитет за одреден јазик, ниту пак за неговите говорители. Тоа се должи како последица од брзото ширење на англискиот јазик во светски рамки и како резултат на појавувањето на одредени регионални специфични стандарди. Оваа појава сè почесто се забележува и во франкофонскиот јазичен ареал.

Аргументот за *јазична близина* е посериозен, но дава само ограничено објаснување. Англискиот може да се појави како јазик-посредник за говорителите на германската група на јазици во којашто и припаѓа, но и за говорителите на романските јазици, иако логично од оваа теза може да се заклучи дека и францускиот јазик би бил јазик-посредник. Значи, припадноста на одредено јазично семејство, не ги спречува неговите говорители да употребуваат јазик-посредник од друго јазично семејство во меѓународната комуникација. Денес, целосно може да се потврди дека англискиот јазик навлегол во сите јазици, јазични групи и јазични типови.

Два јазични фактора можат да го забават навлегувањето на англискиот јазик: *јазичната кохезија* на една јазична заедница и *демографската основа* за *ширење на нејзиниот јазик*.

За разлика од времето на колонијализмот кога националниот идентитет на многу нации сè уште не е издиференциран, од 19 век па наваму европските нации својата целовитост и идентитет ги обезбедуваат преку нивните национални јазици. Но, сите европски нации не поседуваат иста јазична кохезија и секој национален јазик не поседува иста сила за национална идентификација, што од друга страна, претставува плодна почва за навлегување на англискиот јазик.

За разлика од другите европски земји каде што состојбата на национален, односно јазичен план значително варира, Франција е земја која се одликува со најстабилна и најсилна јазична кохезија. Сето тоа се должи на долгата историја на градење државност и централизација. Според Калве[152], францускиот е единствен доминантен и официјален национален јазик, а малцинските јазици не се во можност да ја загрозат неговата хегемонија. Во голем дел, Французите се идентификуваат со францускиот јазик, иако во

[152] Louis-Jean Calvet, *op. cit.*

многу француски региони сè уште постојат јазични барања. Сепак, иако се смета дека Французите се затворени од надворешни јазични влијанија, многубројните истражувања во текот на историјата и сегашноста го докажуваат спротивното. Во поново време, особено се манифестира влијанието од англискиот јазик што е цел на нашето истражување.

Демографската основа е една од факторите кои придонесуваат за ширење на англискиот јазик. Во земјите каде што навлегува овој јазик, постои нееднакво ниво на јазична кохезија и различна бројност на говорителите на локалните јазици. Во Европа каде што постои поголем степен на јазична кохезија во однос на другите земји во светот, постојат официјални национални јазици со традиционална, стандардизирана норма која се применува во одредени ситуации и има посебни функции. Демографската основа на европските држави е различна. Тришо смета дека позицијата што ја зазема англискиот јазик во една јазична заедница зависи и од демографската основа, односно, од бројот на говорители на официјалниот јазик или јазици.

Во Франција последните два фактори за ширење на англискиот јазик, немаат толку силен ефект. Демографската основа е релативно стабилна, па според Националниот институт за статистика и економски проучувања (Institut National de la Statistique et des Études Économiques), бројот на жителите само на територијата на Франција заедно со прекоморските департмани на 1 јануари 2008 година изнесува 63, 8 милиони жители[153]. Важноста на овој јазик е дотолку поголема што тој преставува официјално средство за комуникација во четириесеттина земји во светот што е споредливо со англофонската јазична зона. Холквист (Hollqvist) смета дека „*Само францускиот јазик е во состојба да биде ривал за освојување на позицијата прв светски јазик што моментално ја зазема англискиот јазик заради традиционалната употреба на францускиот јазик во дипломатијата, литературата и науката и заради неговата денешна економска, културна и политичка важност*“[154].

---

[153] *Résultats nationaux des enquêtes de recensement de 2004 à 2007*, Institut National de la Statistique et des Études Économiques, на сајтот:
http://www.insee.fr/fr/recensement/ nouv_recens/resultats/france.htm

[154] “*French appears to be the only viable competitor for the position of the world language now occupied by English because of traditional use of French in diplomacy, literature and*

Овој став може да се потврди со тоа што постои голема културна продукција на француски јазик во областите каде што постои и голема конкуренција на американски производи : музика, кино, телевизија. Меѓутоа, јасно е дека и покрај тоа што францускиот може да има паралелно место покрај англискиот јазик, сепак тој него не може да го замени. Англискиот навлегува и во францускиот јазик, но помалку во однос на другите јазици.

Значи, навлегувањето на англискиот јазик е различно во секоја јазична заедница врз основа на ставот и односот на таа заедница кон националниот или кон англискиот јазик како средство за меѓународна комуникација. Ставот и односот на една заедница директно влијаат врз навлегувањето на англискиот јазик во неа и неговото распространување низ светот.

2. 6. Француското општество од 1945 до 2005 година

По Втората светска војна во Франција започнува нова ера полна со промени и забрзан развој во сите области од живеењето[155].

И покрај тоа што со напуштањето на колонизираните територии Франција се сведува скоро само на територијата од европскиот дел и прекуморските департмани и територии, нејзиното население постојано се зголемува. Во вкупниот број на жители влегуваат и бегалците од Алжир кои во 1962 година доаѓаат во Франција, заедно со нивниот акцент и другите јазични навики. Истовремено, избирачкото тело значително се зголемува, а порастот се должи, покрај зголемувањето на населението и на спуштањето на возрасната граница на правото на глас од 21 на 18 години.

Заради потребата од работна рака, а и заради брзата индустријализација и реконструкција на земјата, во педесеттите години, во Франција доаѓаат доселеници од повеќе земји во светот. Нивното пристигнување создава многу административни и политички проблеми кои подоцна мораат да се решаваат. Големата концентрација на имигранти во

---

science and because of its economic, cultural and political importance to-day."(Håkan Hollqvist: "The Use of English in three large Swedish companies", во *Studia Anglistica Uppsaliensa*, vol. 55., 1984, стр. 15).

[155] „Panorama historique", во Gérald ANTOINE & Bernard CERQUIGLINI (sous la direction de): *Histoire de la langue française 1945 - 2000*, CNRS Éditions, Paris, 2000, стр. 13-21.

предградијата и нивната невработеност ја прави сè потешка нивната интеграција во француското општество. Школскиот систем којшто претходно нуди добри услови за нивно образование и приспособување во новата средина, се покажува неспособен и не успева добро да ги интегрира децата од втората и третата генерација доселеници. Исто така, се создаваат и јадра кои се отпорни на социјална интеграција и добро ги чуваат обичаите на земјата од којашто доаѓаат, што, секако, има последици и врз францускиот јазик. Така, постои сè поголема разлика меѓу писмениот француски јазик во книжевноста и печатот и усниот француски јазик кој се употребува во секојдневните социјални односи.

Прераспределбата на населението во големите стопански сектори, исто така, влијае врз *односот на населението во градовите и селата*. По Втората светска војна населението е рамномерно распределено во градовите и во селата, а на крајот од 20 век, само една четвртина од него живее во селата, а другиот дел во градовите. Тоа е една од последиците на индустриската револуција која од корен го трансформира француското земјоделие. На крајот на векот бројот на земјоделците значително се намалува и, за разлика од претходно кога живеат на мали земјоделски поседи кои ги задоволуваат нивните потреби, тие се сопственици на земјоделски претпријатија кои се отворени и кон надворешните пазари. Современото земјоделство нема многу заеднички точки со поранешното што покажува дека селската средина се менува повеќе од градската.

По развојот на *индустријата* во шеесеттите години, во оваа област сè повеќе се намалуваат работните места. Бројот на имигрантите се зголемува и во овој сектор, а најголем дел од нив работат во градежништвото и јавните служби. Намалувањето на работните места во индустријата како и замената на француската работна рака со странска е поврзана со ослабувањето на работничкото движење и на влијанието на комунистичката партија која во последните две децении од 20 век губи голем дел од своите избирачи.

За разлика од индустријата, *терцијалниот сектор* доживува голема експанзија и вработеност. Неговиот развој се должи пред сè на појавувањето на нови професии и зголемените побарувања во информатиката, образованието и судството. Во трговијата постои развој на големите трговски

центри и намалување на бројот на малите трговски дуќани што доведува до длабоки промени во навиките за исхранување.

По војната, се случува и нова *прераспределба на половата структура на вработените*. Сè повеќе се зголемува бројот на вработените жени, иако нивниот однос со машката популација на крајот на 20 век не е изедначен. Жените се присутни на сите работни места и покрај тоа што се забележува полова разлика во однос на примањето на личен доход. Заради присуството на сè поголем број жени на различни работни места во општеството, произлегуваат и многу дискусии за односите меѓу половите и се засилува феминистичкото движење кое е поттикнато од принципот на полова еднаквост. Тоа се рефлектира и врз јазикот, каде што се забележува и засилена употреба на посебни форми на именки во женски род кои означуваат професии, функции, чинови или титули.[156].

Највидливи се промените во *технологијата*. По Втората светска војна состојбата во Франција во оваа област е лоша што се должи на економската криза во триесеттите години, на германската окупација и големите штети од војната. Една од главните цели на повоените влади е забрзана обнова на земјата во сите сфери на живеењето и враќање на сјајот и позицијата на Франција како голема светска сила. За таа цел, се преземаат акции за национализирање на повеќе индустриски сектори, се изработуваат четиригодишни планови за развој и модернизација, се реализира големиот проект на Жорж Помпиду за индустријализација на земјата. Исто така, се започнува со реализација на нуклерната политика што доведува до голем успех и развој во сите области од општеството, Франција станува нуклеарна сила, а нуклеарната енергија ѝ обезбедува голем дел од потребите за електрична енергија. Сама или во соработка со своите европски партнери, Франција ги создава ракетата Аријана, авионот Ербас, возот со голема брзина - TGV, итн. На почетокот на XXI век таа е четврта земја – извозник во светот.

Во овој период значително се подобруваат и *животните услови* на Французите. Откако се зголемува нивната куповна моќ, се подобрува состојбата и опремувањето на домаќинствата, потрошувачката се насочува кон слободните домашни активности, забавата и културата. Во шеесетите

[156] Види З. Николовски, *op. cit.,* стр. 57 и 74-75.

години силен развој бележи и телевизијата, а во седумдесеттите години значително се развива и телефонијата. На почетокот на 21 век, Французите во значителна мера употребуваат Минител, банкомати, платежни картички, а мобилната телефонија и интернетот доживуваат вистинска експлозија.

Во овој период *се намалува и работното време* на Французите. Заради обновата на земјата и нејзината недоволна опременост во повоениот период, работното време изнесува 60 часа неделно што овозможува брза реконструкција на земјата. Зголеменото производство овозможува постепено намалување на работната недела на 35 работни часа и зголемување на деновите за одмор. Тоа доведува до зголемување на слободното време и патувањата во земјата и странство, зголемување на потребата од превозни средства, како и на интересот за сите видови спортови. Зголемувањето на просечната возраст на населението и подобрувањето на животните услови на пензионерите овозможува нивно поголемо вклучување во секојдневниот живот.

Промената на животните услови ги менува и *обичаите и традиционалните норми на однесување*. Постепено, доаѓа до промена на менталитетот и на однесувањето како и до поголемо искажување на личните ставови и мислења. Исто така, се воспоставува еднаквост на родителството од страна на двата родители, законски се дозволува употребата на контрацепција што доведува до зголемена употреба на пилули за контрацепција и се легализира абортусот. Истовремено, зголемен е бројот на вонбрачни заедници и вонбрачни деца, значително расте и бројот на разводите, а голем е бројот на деца кои живеат во семејства со само еден родител или пак еден од родителите не им е биолошки предок. Овие промени кои се извршуваат за релативно кратко време длабоко го променуваат ликот на традиционалното француско општество.

Општествените промени доведуваат и до промена на односот кон *религијата* и нејзиното место во општеството. Иако бројот на католичката популација која редовно ја посетува неделната богослужба постепено се намалува, тоа не означува дека Французите ја губат нивната религиозна припадност и опстојуваат многу религиозни бракови, крштевките и религиозните закопи. Меѓутоа, автономијата и слободата на личноста доведува до ослабување на врските со црквата и ослабување на религиозните

стеги што не означува дека црквата како институција го намалува своето влијание во општеството. Во овој период, заради доселениците од другите земји во светот, во Франција се појавуваат и други религии како исламот, источните религии и други. Губењето на религиозната култура има влијание врз јазикот зашто со тоа помалку се употребува и паѓа во заборав цела една област од лексиката којашто е дел од француското културно наследство.

Силно влијание врз јазикот има *образованието* кои се карактеризира со значајни промени во овој период. Најпрвин, во 50-те години, тоа се соочува со проблемот *baby-boom* т.е. силно зголемување на наталитетот. Петтата Република одлучува да ја зголеми возрасната граница за задолжително образование од 14 на 16 години, што соодветствува на сè поголемата желба на семејствата нивните деца да стекнат професионална квалификација. Економската криза од 1974 година како и недостатокот на работни места, придонесуваат цели генерации студенти да го продолжат времето на нивното образование. Бројот на матуранти и студенти значително се зголемува, со што, се менува и општествената структура на образованата популација зашто пред Втората светска војна средното и високото образование претставуваат привилегија само на елитните класи. Врз основа на новонастанатите потреби и напредокот на знаењето и техниката, од седумдесеттите години од 20 век се воведува обврската на континуирано образование на работниците со која започнува периодот на доживотно учење во Франција.

Улогата на *медиумите* е мошне битна во ширењето на јазикот. Со појавувањето на телевизијата и со нејзиното забрзано навлегување во сите домаќинства таа претставува главно средство за комуникација и информирање и придонесува за обединување и изедначување на менталитетот на нацијата и за фиксирање на вокабуларот и изговорот. Исто така и другите медиуми како радиото и печатот, имаат силно влијание во оформувањето на менталитетот.

По Втората светска војна цел на сите влади е и *намалување на нееднаковостите* меѓу населението зашто се смета дека демократијата во себе го носи чувството за еднаквост. Токму затоа, по војната, се развива социјалната заштита на населението и заштитата на сиромашните социјални слоеви со што се подобрува нивната состојба. Но напредокот во борбата

против нееднаквостите доведува до влошување на состојбата во други сектори. Влошувањето на економската состојба по 1974 година доведува до зголемување на невработеноста којашто исчезна по војната и која се сметаше дека нема повторно да се појави. На крајот на 20 век се зголемува невработеноста во земјата која ги опфаќа сите старосни и социјални категории, но најмногу се однесува на младите и на работниците кои останале без работа меѓу 45 и 50 година. Невработеноста е еден од најголемите проблеми во француското општество и повлекува други проблеми како преголемото задолжување, намалување на важноста на институцијата семејство, социјалната фрактура итн.

На *глобално ниво*, францускиот јазик ги губи позициите на универзален, светски јазик. Поразот на Франција во 1940 година има трајни последици за иднината на нејзиниот јазик. Со прогласувањето на независност на француските колонии, во Обединетите нации влегуваат дваесеттина земји чиј официјален јазик е францускиот со што се засилува неговата позиција во меѓународните организации. Исто така, се засилуваат и врските на Франција со франкофонските земји и институции каде што таа е главен координатор на сите акции кои се насочени кон ширење на франкофонијата во светот. Франција води политика на соработка со меѓународните франкофонски организации, предлага мерки и ги поттикнува и ги дефинира акциите кои се преземаат за развој на франкофонијата и на францускиот јазик[157].

Французите се свесни дека нивниот национален идентитет е тесно поврзан со нивниот јазик кој е израз и отсјај на промените коишто се случуваат во нивното општеството и претставува социјална врска и суштински фактор за национално единство.

[157] Décret nº 93- 797 du 16 avril 1993 relatif aux attributions du ministre de la culture et de la francophonie, Journal officiel nº 92 du 20 avril 1993, art. 5, 6, 7 ; Décret nº 91-1094 du 21 octobre 1991 relatif aux attributions du ministre délégué à la francophonie, Journal officiel du 22 octobre 1991 ; Décret nº 92-1231 du 24 novembre 1992 relatif aux attributions du secrétaire d'Etat à la francophonie et aux relations culturelles extérieures, Journal officiel du 25 novembre 1992.

ВТОР ДЕЛ

АНАЛИЗА НА АНГЛИСКИТЕ ЛЕКСИЧКИ ЗАЕМКИ ВО ФРАНЦУСКИОТ ЈАЗИК

ГЛАВА 3:

ОБЛАСТИ НА АНАЛИЗА НА АНГЛИСКИТЕ ЛЕКСИЧКИ ЗАЕМКИ ВО ФРАНЦУСКИОТ ЈАЗИК

"*Оставете ги Французите да се фалат со сегашната експанзија на нивниот јазик. Нашите колонии во Америка кои се добро поставени и во полн развој, му ветуваат на англискиот јазик стабилност и долготрајност*".[158]

Hume, 1767.

Во првата глава *Заемката како јазичен феномен* од првиот дел *Заемката како јазичен и социокултурен феномен* зборувавме за теориските и методолошките одредби на истражувањето, дадовме краток историски преглед на истражувањата на заемките, го дефиниравме поимот заемка и ја опишавме природата на заемките, потоа ги прикажавме критериумите за идентификација, причините за позајмување, факторите кои го поттикнуваат позајмувањето, посредниците во позајмувањето, зборувавме за адаптацијата на заемките и за начините на позајмување. Исто така, ги дефиниравме поимите англицизам, неговите синоними американизам и британизам, зборувавме за поимот франгле, за контактната лингвистика и јазичните интерференции.

Во втората глава *Заемката како социокултурен феномен* наша цел беше да го дефинираме поимот култура и да ја објасниме поврзаноста на јазикот со културата и општеството, да ја прикажеме состојбата со англискиот како јазик-давател на зборови на глобално ниво, да ги прикажеме факторите за ширење на англицизмите во другите јазици, да ја опишеме состојбата на францускиот јазик во периодот на нашето истражување од 1945 до 2005 година и да дадеме преглед на француското општество во тој временски интервал.

Во вториот дел *Анализа на англиските лексички заемки во францускиот јазик* ќе извршиме анализа на англиските лексички заемки во повеќе области.

---

[158] « *Laissez les Français tirer vanité de l'expansion actuelle se leur langue. Nos établissements d'Amérique, solides et en pleine croissance, promettent à la langue anglaise une stabilité et une durée supérieures* », (цитирано според Claude Hagège: *Le français, histoire d'un combat*, стр. 106).

3. А. Области на анализа на англиските лексички заемки во францускиот јазик

Анализата на англиските лексички заемки во францускиот јазик ќе ја извршиме врз основа на поделбата на Жан Турние во неговиот труд *Les mots anglais du français*[159] кој позајмениот културен елемент во францускиот јазик систематизирано го класифицира во повеќе области или како што тој ги нарекува центри на интерес (centres d'intérêt)[160]. Заради поголема прегледност и опфатност на корпусот, Турние оваа поделба ја врши врз основа на анализата на културниот елемент и трудовите на повеќе научници како Леви-Строс (Levi-Strauss), Сапир, Ворф, Мунен, Бенвенист итн. Тој особено се потпира врз трудовите на американскиот антрополог Хол (Hall) кој во своето дело *The Silent Language* кое е посветено на културата, дава карта на културата (map of culture) каде што културата е поделена на 100 рубрики кои даваат приказ на сите нејзини подобласти. Турние ја претставува истата карта во неговата книга *Introduction descriptive à la lexicogénétique de l'anglais contemporain*[161] каде врши поделба на 6 области, односно лексички полиња коишто целосно ги опфаќаат заемките од англискиот јазик и тоа **Општествени и хуманитарни области**, **Природни и технички области**, **Уметност, Секојдневен живот**, **Спортови и слободни активности** и **Разно**.

Општествените и хуманитарни области се составени од 4 подобласти: 1. ***Лингвистика, литература, издаваштво и образование***, 2.***Антропологија, историја, социологија, општество, право, политика, правни и политички институции, култура, религија***, 3. ***Психологија и филозофија*** и 4. ***Економските подобласти***. Подобласта ***Лингвистика, литература, издаваштво и образование*** ја сочинуваат 3 подобласти[2]: 1.*Лингвистика*, 2. *Литература и издаваштво* и 3. *Образование*, а ***Економските подобласти*** се составени од 2 подобласти[2]: 1. *Економија, берзанско работење, финансии* и 2. *Трговија и огласување и рекламирање*.

Потоа следуваат **Природните и технички области** кои се составени од 9 подобласти: 1. ***Технологија, индустрија, вооружување***, 2. ***Транспорт***,

[159] Jean Tournier: *Les mots anglais du français*, Belin, Paris, 1998.
[160] *idem*., стр. 7.
[161] Jean Tournier: *Introduction descriptive à la lexicogénétique de l'anglais contemporain,* Slatkine Érudition, Genève, 2007, стр. 410.

3.***Медицински науки (биологија, здравје, фармакологија, дрога)***, 4. ***Физички науки, електроника, хемија, астрономија, статистика и математика***, 5.***Информатика***, 6. ***Науки за земјата, метеорологија и океанографија***, 7.***Земјоделство, растенија***, 8. ***Зоологија*** и 9. ***Мерни единици***. Првата подобласт ***Технологија, индустрија, вооружување*** е составена од 4 подобласти[2]: 1. *Машинство, материјали, алатки, јавни изведби, рудници*, 2.*Тешка индустрија (нафта, металургија)*, 3. *Текстилна индустрија, лесна индустрија* и 4. *Вооружување, армија*. Втората подобласт ***Транспорт*** е составена од 5 подобласти[2]: 1. *Пловидба*, 2. *Железници*, 3. *Автомобилизам*, 4.*Аеронаутика и астронаутика* и 5. *Други превозни средства*.

Областа **Уметност** е составена од 3 подобласти: 1. ***Музика и танц***, 2.***Кино и фотографија*** и 3. ***Уметност, спектакли, театар***. Подобласта ***Музика и танц*** ја сочинуваат 3 подобласти[2]: 1. *Музика и танци*, 2. *Џез* и 3.*Репродукција на звуци*.

Областа **Секојдневен живот** ја сочинуваат 5 подобласти: 1. ***Исхрана***, 2.***Живеалиште, покуќнина, урбанизам и хоби***, 3. ***Облека***, 4. ***Нега на тело (козметика, разубавување), фризура, хигиена*** и 5. ***Медиуми, комуникации***. Подобласта ***Исхрана*** е составена од две подобласти[2]: 1. *Храна* и 2. *Пијалаци*.

Областа **Спортови и слободни активности** е составена од три подобласти: 1. ***Спортови***, 2. ***Игри*** и 3. ***Туризам и риболов***. Подобласта ***Спортови*** ја сочинуваат 4 подобласти[2]: 1. *Спортови-општо*, 2. *Спортови со топка*, 3. *Спортови со топче* и 4. *Други спортови*. Подобласта[2] ***Други спортови*** ја сочинуваат 5 Подобласти[3]: 1. *Атлетика*, 2. *Боречки спортови*, 3. *Механички спортови*, 4. *Спортови на вода* и 5. *Спортови-разно*. Подобласта ***Игри*** ја сочинуваат 2 подобласти[2]: 1. *Игри со карти* и 2. *Други игри*. Последната област **Разно** ја сочинуваат единици коишто тешко можат да се класифицираат во претходните области бидејќи имаат општо значење или премногу специфична употреба и не припаѓаат на некоја одредена област. Во неа се наоѓаат и единици кои се однесуваат на *Именување на лица*, единици кои се однесуваат на *Сексуалност и сексологија*, *Пцости*, *Безбедност на информации и шпионажа* и други единици кои припаѓаат истовремено на повеќе области.

3. Б. Признаци на единиците

Секоја единица во корпусот претставува засебна целина составена од повеќе извори и делови. На почетокот од секоја единица, ја даваме графиската форма односно, името на единицата, потоа следи нејзиниот изговор заснован на релевантните речници од корпусот и граматичката категорија на единицата. Во продолжение ја прикажуваме годината на навлегување во францускиот јазик, евентуално годината на регистрирање во англискиот јазик, потеклото и составните елементи кои ја сочинуваат лексичката единица, а потоа, следуваат нејзините дефиниции и значења. Најчесто, настојувавме секоја единица да ја поткрепиме со примери за нејзината употреба од речниците во корпусот или од актуелен француски весник или списание. На крајот, се наоѓаат предлозите на JO, GDT или друг релевантен речник на францускиот јазик за замена на позајмената единица од англискиот јазик, потоа, евентуалните постоечки зборови во францускиот јазик и изворите од кои е составена таа единица.

Врз основа на овој распоред, секоја единица ја сочинуваат повеќе признаци кои го обликуваат нејзиниот изглед.

Со признакот **ГРАФИЈА** ја прикажуваме графиската форма на единицата. Доколку се појавуваат две или повеќе графиски форми ги предаваме сите варијанти забележани во корпусот. Со овој признак се регистрира и адаптираната графиска форма преку која се открива и одредува степенот на графиска адаптација на заемката во францускиот јазик. Признакот ГРАФИЈА е присутен кај 77 единици или 6, 58% од вкупниот број единици во проектот. Најмногу единици со овој признак или 20 има во Општествените и хуманитарни области, на второ место со 19 единици се наоѓаат Природните и технички области, на трето место со 16 единици е областа Секојдневен живот, на четврто место со 10 единици е областа Уметност, на петто место со 8 единици е областа Спортови и слободни активности и на последното шесто место според бројот на графиски форми е областа Разно со 4 единици.

Признакот **ИЗГОВОР** е составен од два признаци[2] **ИЗГОВОР 2 ИЛИ +** и **ИЗГОВОР0.** Со овој признак се регистрира фонетската состојба на единиците на корпусот. Со признакот[2] **ИЗГОВОР 2 ИЛИ +** се регистрираат

и се презентираат сите забележани варијанти на изговор на единиците во корпусот и се прикажува фонетската адаптација на заемката во францускиот јазик. Значи, во проектот ги претставуваме сите пронајдени форми на изговор во корпусот. Признакот[2] **ИЗГОВОР0** ги опфаќа само оние единици од корпусот кај коишто не постои запишан изговор на позајмените лексички заемки во францускиот јазик.

Признакот[2] **ИЗГОВОР 2 ИЛИ +** е присутен кај вкупно 122 единици или 10, 43% од вкупниот број единици во проектот. Најмногу единици со овој признак[2] се наоѓаат во Природните и технички области, со 40 единици, на второ место со 27 единици се наоѓа областа Секојдневен живот, на трето место со 25 единици се наоѓаат Општествените и хуманитарни области, а потоа следуваат областа Уметност со 14 единици, Спортови и слободни активности со 10 единици и областа Разно со 6 единици.

Признакот[2] **ИЗГОВОР0** е присутен кај 10 единици или 0, 85% од вкупниот број единици во проектот. На првото место според овој признак[2] се наоѓаат Природните и технички области со 7 единици, на второ место се наоѓаат Општествените и хуманитарни области со 2 единици, а на трето и последно место се наоѓа областа Спортови и слободни активности со 1 единица. Во областите Уметност, Секојдневен живот и Разно не забележавме единици без регистриран изговор.

Признакот **ВЗГК** ги опфаќа видовите зборови и нивната граматичка категорија. Тој е составен од други признаци[2] како **ИМ** кој се однесува на именките, потоа признакот[2] **ИМ(МН)** кој се однесува на именките кои се појавуваат исклучиво во множина и немаат варијанта во еднина (plurale tantum) и признакот[2] **РОД2** којшто ги опфаќа сите именки кои имаат два рода. Исто така, со признакот[2] **ПР** се опфаќаат придавките, признакот[2] **ИМ+ПР** се однесува на единиците кои истовремено се именки и придавки, признакот[2] **ПР+ГЛ** се однесува на единиците кои истовремено се придавка и глагол, признакот[2] **ПР+ПРИЛ** се однесува на оние единици кои истовремено се придавка и прилог, потоа признакот[2] **ГЛ** ги опфаќа глаголите, признакот[2] **ИЗРАЗ** ги опфаќа изразите, признакот[2] **ИЗВИК** се однесува на извиците, признакот[2] **ПРЕФ** со кој се опфаќаат префиските и признакот[2] **СУФ** кој се однесува на суфиските.

Признакот[2] **ИМ** е застапен во **1068** единици или **91, 28%** од вкупниот број единици во корпусот. Најголем број или 467 единици со овој признак[2] се наоѓаат во Природните и технички области, 210 единици се наоѓаат во Општествените и хуманитарни области, 151 именка се наоѓа во областа Секојдневен живот, 115 именки се наоѓаат во областа Уметност, 87 единици се наоѓаат во областа Спортови и слободни активности и 38 единици се наоѓаат во областа Разно.

Признакот[2] **ИМ(МН)** е присутен кај 18 единици или 1, 54% од вкупниот број единици во корпусот. Општествените и хуманитарни области и областа Секојдневен живот имаат по 6 единици со овој признак[2], Природните и технички области имаат 4 единици, а областите Спортови и слободни активности и Разно имаат по 1 единица со овој признак[2]. Не забележавме ниту една единица со овој признак[2] во областа Уметност.

Признакот[2] **ПР** е присутен кај **129** единици или **11, 03%** од вкупниот број единици во корпусот. 36 единици со овој признак[2] се наоѓаат во Природните и технички области, 28 единици се во Општествените и хуманитарни области, 27 единици се наоѓаат во областа Уметност, 18 единици се во областа Секојдневен живот, 17 единици се во областа Разно и 3 единици се наоѓаат во областите Спортови и слободни активности.

Признакот[2] **ИМ+ПР** е застапен кај 74 единици од корпусот кои се истовремено именки и придавки. 22 единици од нив се наоѓаат во Природните и технички области, по 16 единици се наоѓаат во Општествените и хуманитарни области и во областа Уметност, 11 единици се наоѓаат во областа Секојдневен живот, 8 единици се наоѓаат во областа Разно и 1 единица се наоѓа во областа Спортови и слободни активности.

Признакот[2] **ГЛ** е застапен кај **23** единици или **1, 97%** од вкупниот број единици во корпусот. 11 единици од нив им припаѓаат на Природните и технички области, 6 единици припаѓаат на областа Разно, 5 единици на Општествените и хуманитарни области и 1 единица на областа Секојдневен живот. Не забележавме единици со овој признак[2] во областите Уметност и Спортови и слободни активности.

Признакот[2] **РОД2** е присутен кај 17 единици или 1, 45% од вкупниот број единици во проектот. 6 единици од нив се наоѓаат во областа Уметност, по 3 единици со овој признак[2] имаат Општествените и хуманитарни области,

Природните и технички области и областа Спортови и слободни активности. 2 единици со овој признак[2] има во областа Секојдневен живот, а во областа Разно не забележавме единици со овој признак[2].

Со признакот **SA** се бележат оние единици од корпусот кај кои не постои забележана година на навлегување во францускиот јазик. Значи, тоа се оние единици коишто не се датирани, и, често, периодот на нивното појавување го определуваме врз основа на дополнителни консултации со други извори или по аналогија со настаните кои се случиле во тој период. Овој признак е присутен кај 35 единици или 2, 99% од вкупниот број единици во проектот. На првото место според овој признак се Природните и технички области со 14 единици, на второ место се наоѓаат Општествените и хуманитарни области со 8 единици, а потоа следува областа Спортови и слободни активности со 5 единици, областа Разно со 4 единици, областа Уметност со 3 единици и на последното шесто место се наоѓа областа Секојдневен живот со 1 единица.

Во однос на **дефинирањето** на единиците, настојувавме да ги одбереме најопсежните дефиниции од корпусот коишто даваат најширок приказ и најдобро го објаснуваат односниот поим. Во однос на **примерите** наша цел беше, дури и во случај кога со електронското пребарување наидувавме на голем број, да го одбереме примерот којшто дава најголемо дообјаснување на дефиницијата и најмногу го дополнува објаснувањето на поимот.

Признакот **З/Д** ги опфаќа единиците коишто имаат две или повеќе значења или дефиниции или припаѓаат на две или повеќе области. Единицата ја распределуваме во одредена област врз основа на значењето при нејзиното прво појавување или употреба во францускиот јазик. Овој признак е присутен кај **152** единици или **12, 91%** од вкупниот број единици во корпусот. На првото место се наоѓаат Природните и технички области со 47 единици, на второто место се наоѓаат Општествените и хуманитарни области со 44 единици, а потоа следуваат областите Уметност со 22 единици, Секојдневен живот со 18 единици, Разно со 11 единици, а последното шесто место го зазема областа Спортови и слободни активности со 10 единици.

Признакот **FF** се однесува на адаптираните, приспособени пофранцузени форми во францускиот јазик. Тој е присутен кај 224 единици

или 19, 15% од вкупниот број единици во корпусот. 136 единици со овој признак има во Природните и технички области, 44 единици има во Општествените и хуманитарни области, 18 единици во областа Секојдневен живот, 12 единици во областа Разно, 10 единици во областа Уметност и 4 единици со овој признак се наоѓаат во областа Спортови и слободни активности.

Признакот **ND** ги опфаќа брендовите односно, трговските марки кои претставуваат знак, симбол, име, број, услуга, личност или производ преку кој претпријатијата ги означуваат своите производи и се различни од оние на другите продавачи. Овој признак е присутен кај **45** единици или **3, 85%** од вкупниот број единици во корпусот. Најмногу брендови има во Природните и технички области со 21 единица, на второ место е областа Секојдневен живот со 10 единици, а потоа следуваат областите Уметност и Спортови и слободни активности со 6 единици и на петто место се наоѓа областа Разно со 2 единици. Не забележавме брендови во Општествените и хуманитарни области.

Признакот **NPR** се однесува на сопствените именки кои служат како име на човек, животно, географски поим, држава, град, река, планина, регион итн. Овој признак е присутен кај **19** единици или **1, 62%** од вкупниот број единици во корпусот. По 5 единици со овој признак има во Природните и технички области и во областа Секојдневен живот, 4 единици има во Општествените и хуманитарни области, 3 единици има во областа Уметност и 2 единици има во областа Спортови и слободни активности. Не забележавме присуство на овој признак во областа Разно.

Признакот **ИЗ** ги опфаќа изведенките, односно, изведените зборови кои настанале од постоечкиот збор во англискиот јазик или пак изведените зборови во францускиот јазик кои се образуваат врз основа на англиските лексички заемки. Во корпусот во проектот забележавме **180** единици со овој признак или **15, 38%** од вкупниот број единици во корпусот кои произвеле 193 именки, 65 глаголи, 50 придавки, 2 прилози, 1 израз и 1 извик. Најголем број изведенки или 76 единици се наоѓаат во Природните и технички области, 36 изведенки се наоѓаат во Општествените и хуманитарни области, 22 изведенки се наоѓаат во областа Уметност, 21 изведенка се наоѓа во

областа Секојдневен живот, 18 изведенки се наоѓаат во областа Спортови и слободни активности и 7 изведенки се наоѓаат во областа Разно.

Признакот **ПЗ** се однесува на зборовите коишто веќе постојат во францускиот јазик или се образувани како неологизми непосредно по навлегувањето на заемките и по значење се еквивалентни или мошне блиски на позајмените англиски лексички заемки. Овој признак е присутен кај **157** единици или **13, 42%** од вкупниот број единици во корпусот. На првото место, според овој признак, се наоѓа областа Секојдневен живот со 40 единици, на второ место Природните и технички области со 36 единици, на трето место Општествените и хуманитарни области со 31 единица, на четврто место областа Спортови и слободни активности со 25 единици, на петто место областа Уметност со 17 единици и на последното шесто место се наоѓа областа Разно со 8 единици.

Признакот **ЈО** ги опфаќа предлозите и решенијата на Commission générale de terminologie et de néologie објавени во Journal Officiel de la République française. Со него може да се утврди реакцијата на Франција во однос на новодојдените позајмени зборови.

Commission générale de terminologie et de néologie[162] има за цел да придонесе за терминолошко збогатување и поттикнување на употребата на францускиот јазик, особено во научните, правните, техничките и економските области и да учествува во развојот на Франкофонијата. Оваа Комисија е одговорна, во соработка со Француската академија, за одобрување на новите термини предложени од страна на специјализираните комисии на терминологија и неологија кои се наоѓаат во различни министерства. Усвоените терминолошки листи задолжително и редовно се објавуваат во Службен весник на Република Франција.

Признакот **ЈО** е присутен во **281** единица или **24, 01%** од вкупниот број единици во корпусот. Најмногу предлози или 146 единици има во Природните и технички области, следуваат Општествените и хуманитарни области со 53 единици. На трето место се наоѓа областа Секојдневен живот со 32 единици, на четврто место областа Уметност со 23 единици, на петто

[162] Décret n°96-602 du 3 juillet 1996 relatif à l'enrichissement de la langue française, на сајтот: http://www.legifrance.gouv.fr/affichTexte.do?cidTexte=LEGITEXT000005621310&dateTexte=vig

место областа Спортови и слободни активности со 22 единици и на шесто место областа Разно со 5 единици.

Со признакот **GDT** се опфаќаат предлозите на Office québécois de la langue française[163] кои се објавуваат во Grand dictionnaire terminologique и се различни од предлозите на Journal Officiel de la République française. Со него може да се утврди реакцијата на Квебек во однос на англиските лексички заемки. Мисија на Office québécois de la langue française е да ја дефинира и да ја води јазичната политиката на Квебек во сите области во општеството, да потврди дека францускиот е работен јазик и се употребува редовно во деловниот живот, трговијата и во секојдневната комуникација. Исто така, задача на оваа институција е да обезбеди почитување на Повелбата за француски јазик, да реагира во однос на жалбите за нејзино прекршување и да ја следи јазичната состојба во Квебек.

Признакот **GDT** е присутен во **305** единици или **26, 07%** од вкупниот број единици во корпусот. Најмногу единици со овој признак или 137 има во Природните и технички области, на второ место е областа Секојдневен живот со 61 единица, на трето место се Општествените и хуманитарни области со 38 единици, потоа следува областа Спортови и слободни активности со 31 единица, на петто место е областа Уметност со 29 единици и на последно место се наоѓа областа Разно со 9 единици.

Со признаците **DAC**, **TLF**, **PL**, **ASF**, **AA**, **CETTF** (види Библиографија на корпусот), се опфаќаат предлозите од другите извори на корпусот коишто се релевантни и се различни од оние на JO и GDT.

а) Вкупниот број единици во корпусот на овој проект изнесува **1170**. **232** единици се однесуваат на *Општествени и хуманитарни области*, **498** единици на *Природни и технички области*, **127** единици на *Уметности*, **159** единици припаѓаат на *Секојдневен живот*, **89** единици на *Спортови и слободни активности* и **65** единици се однесуваат на областа *Разно*.

Во корпусот забележавме 77 единици со две или повеќе графиски форми, 113 единици имаат два или повеќе изговори, 10 единици немаат забележан изговор, а 35 единици се без забележана година на навлегување во францускиот јазик. Забележавме исто така и 17 единици со два рода, потоа

[163] *Office québécois de la langue française*, на сајтот: http://oqlf.gouv.qc.ca/

224 пофранцузени форми или 19, 15 % од единиците во корпусот во проектот, 45 бренда и 19 лични имиња. Од вкупниот број единици во корпусот, 1068 се именки од кои 18 единици се именки во множина, потоа 27 единици се придавки од кои 16 единици се истовремено именки и придавки, 4 единици се именки и извици и 1 единица е именка и прилог. 129 единици од корпусот се придавки од кои 74 се истовремено именки и придавки, 6 единици се придавки и прилози, 1 единица е именка, придавка и прилог, а 1 единица е именка, придавка, прилог и извик. Забележавме и 23 глаголи од кои 1 единица е глагол и придавка, 4 прилози, 12 извици, 9 изрази, 1 предлог, 5 префикси и 3 суфикси. Забележавме 180 изведенки кои произвеле 193 именки, 65 глаголи, 50 придавки, потоа 2 прилози, 1 израз и 1 извик. Регистриравме и 152 единици со две или повеќе значења или дефиниции и 157 постоечки збора. JO дал свои предлози во 281 единица или 24, 01 %, GDT во 305 единици, DAC во 12 единици, ASF во 3 единици, TLF во 2 единици, AA, исто така, во 2 единици и PL во 1 единица.

3. 1. Општествени и хуманитарни области

а) Вкупниот број единици во оваа област изнесува **232** што претставува **19, 83%** од вкупниот број единици во корпусот кој изнесува 1170. 39 единици се однесуваат на *Лингвистика, литература, издаваштво и образование*, 91 единица на *Антропологија, историја, социологија, општество, право, политика, правни и политички институции, култура, религија*, 23 единици на *Филозофија и психологија* и 79 единици се однесуваат на *Економски области*.

Во корпусот на оваа област забележавме 20 единици со две или повеќе графиски форми, 25 единици имаат два или повеќе изговори, 2 единици се без забележан изговор, 3 единици се со два рода, а 8 единици се без година на навлегување во францускиот јазик. Забележавме исто така и 44 пофранцузени форми или 18, 97 % од единиците во корпусот во оваа област и 4 лични имиња. Од вкупниот број единици во оваа област, 210 се именки од кои 6 единици се именки во множина, потоа 28 единици се придавки од кои 16 единици се истовремено именки и придавки, 5 единици се глаголи, 2 единици се изрази и 1 единица е суфикс. Забележавме 36 изведенки кои

произвеле 40 именки, 11 придавки, 5 глаголи, 1 прилог и 1 израз. Регистриравме и 44 единици со две или повеќе значења или дефиниции и 31 постоечки збор. JO дал свои предлози во 53 единици или 22, 84%, GDT во 38 единици, DAC во 2 единици, ASF во 1 единица, а AA во 1 единица. Не регистриравме единици од другите граматички категории, ниту брендови.

3. 1. 1. Лингвистика, литература, издаваштво и образование

а) Оваа подобласт ја сочинуваат **39** единици или **16, 81%** од вкупниот број единици во *Општествените и хуманитарни области* или **3, 33%** од вкупниот број единици во корпусот кој изнесува 1170. 20 единици од подобласта припаѓаат на подобласта[2] *Лингвистика*, 16 единици припаѓаат на подобласта[2] *Литература и издаваштво*, а 3 единици припаѓаат на подобласта[2] *Образование*.

Од вкупниот број единици во оваа подобласт, 3 единици имаат две или повеќе графиски форми, 1 единица поседува два изговори, а само 1 единица е без година на навлегување во францускиот јазик. Забележавме 14 пофранцузени форми или 35, 89% од вкупниот број единици во оваа подобласт која е составена од 31 именка, 6 придавки, од кои 2 единици се истовремено именки и придавки и 3 глаголи. Регистриравме исто така и 9 изведенки кои произвеле 9 именки, 4 придавки и 1 глагол, потоа 11 единици кои поседуваат две или повеќе значења или дефиниции и 5 постоечки збора. JO дал предлог во 1 единица или 2, 56% од вкупниот број единици во оваа подобласт што укажува на мошне ниска стапка на реакција на државата, а GDT во 4 единици.

3. 1. 1. 1. Лингвистика

а) Оваа подобласт[2] ја сочинуваат **20** единици или **51, 28%** од вкупно 39 единици што припаѓаат на подобласта *Лингвистика, литература, издаваштво и образование* или **1, 70 %** од вкупниот број единици во корпусот кој изнесува 1170. 3 единици се однесуваат на *Лингвистика и информатика* (сп. 5. 8 и 9), 1 единица на *Лингвистика, логика, математика и информатика* (сп. 15), а 1 единица припаѓа на *Јазикот на знаците на*

глувонемите (сп. 2). Забележавме 2 единици со две графиски форми (сп. 4 и 9) и 11 пофранцузени форми или 55% од вкупниот број единици во оваа подобласт[2] која е составена од 12 именки од кои 1 единица е истовремено именка и придавка, 5 придавки, 3 глаголи и 1 предлог. Во оваа подобласт[2] забележавме 7 изведувања на зборови кои произвеле 7 именки и 4 придавки (сп. 4, 7, 10, 12, 15, 16 и 18) и 6 единици со 2 или повеќе значења или дефиниции. JO дал предлог само во 1 единица т.е. 5% од вкупниот број единици во оваа подобласт[2] што укажува на мошне ниска стапка на реакција на државата (сп. 9), а и GDT дава исто така предлог во 1 единица (сп. 20). Во оваа подобласт[2] не забележавме единици со два или повеќе изговори.

б) Во педесеттите години од 20 век, во САД, се јавува *генеративната лингвистика* која се темели врз дистрибуционализмот и ги соединува теориите на Ноам Чомски (Noam Chomsky). Од генеративната лингвистика која се спротивставува на бихејвиоризмот и структурализмот, произлегува генеративната и трансформациона граматика која се развива од 1957 година и се обидува да го опише познавањето на јазикот. Цел на генеративната граматика е утврдување на правилата по кои се генерираат реченициите. Во своето дело *Аспекти на синктаксичката теорија (Aspects of the Theory of Syntax)*, Чомски смета дека генеративната граматика настојува да ја разбере организацијата на когнитивниот систем овозможувајќи му на говорителот и слушателот да образуваат безграничен број на реченици.

Во периодот по 1945 година забележителен е и развојот на *социолингвистиката* чиишто најмаркантни претставници се Вилијам Лабов, Базил Бернштајн (Basil Bernstein), Питер Традгил (Peter Trudgill) итн.

1. **acronyme** [akʀɔnim] **n. m.**, 1970 (PR), 1943 en anglo-américain (MW, DADG), forme francisé de *acronym* « mot formé d'initiales ou de syllabes de plusieurs mots », de *acro-* du grec *akros* « qui est à l'extrémité » et *-onym* du grec *-ônumos,* de *onoma* « nom », d'après *homonym*, 1. Linguistique. Sigle prononcé comme un mot ordinaire (PR), *« Ovni » et « sida » sont des acronymes* (PR). 2. Mot formé de syllabes de mots différents (PR), Acronymes *anglais utilisés en français (ex. sonar)* (PR), (PR, RDHLF, DADG, MAF, GDA, GDT, PL, TLF).

2. **ameslan** [amɛslslɑ̃] **n. m.**, 1979 (DA), 1972 en anglo-américain (MW, OED), mot-valise créé à partir de *American Sign Language* « langage américain des signes », créé par le sémioticien W. Stockoe en 1960, Langage des sourds-muets des États-Unis, qui est une gestuelle mimétique, aussi appelé ASL (DA), *La langue des signes américaine (ASL ou* Ameslan *: American Sign*

Language) est la langue des signes principale aux États-Unis, dans le Canada anglais (le LSQ étant dominante au Québec) et dans une partie du Mexique (*Langue des signes américaine*, WIKIPÉDIA), (DADG, WIKIPÉDIA).

3. **basique** [bɑzik] **adj.**, 1949 (PR), 1923 en anglo-américain (DADG), forme francisé de *basic*, sigle de ***B**ritish **A**merican **S**cientific **I**nternational **C**ommercial*, 1. (Anglicisme critiqué) De base, fondamental (PR), *L'anglais, le français basique* 2. Par extension. *« toutes les injures basiques qui formaient l'élément du vocabulaire de cet officier »* (J. Laurent) (PR), Cet emprunt est remplacé par *de base*, *fondamental*, (PR, DAC, DADG, MAF, PL, RDHLF, TLF).

4. **cooccurrence** ou **co-occurrence** [kɔɔkyʀɑ̃s] **n. f.**, vers 1960 (PR), de *co-* du latin *co*, variante de *cum* « avec » (réunion, adjonction, simultanéité) et *occurrence*, Linguistique. Présence simultanée de deux ou plusieurs éléments ou classes d'éléments dans le même énoncé (PR), *La* cooccurrence *est la présence simultanée de deux ou de plusieurs mots dans le même énoncé* (*Cooccurrence*, WIKIPÉDIA). D'où **cooccurent** ou **co-occurrent**, **ente adj.** et **n.**, Linguistique. Qui apparaît simultanément avec un ou plusieurs autres éléments dans le même discours (TLF), *Les résolutions générales CGT et CFDT nous fournissent une seconde constatation, encore plus inattendue; de nombreux couples très enchevêtrés ne sont pas le moins du monde issus de formes* co-occurrentes *(au sens de fonctionnant ensemble)* (P. Lafon, M. Tournier, *Une Nouvelle approche lexicométrique des* cooccurrences *dans un texte* ds *Travaux de lexicométrie et de lexicol. pol.*, nov. 1978, p.144) (TLF), (PR, DADG, GDT, PL, TLF, WIKIPÉDIA).

5. **décoder** [dekɔde] **v. tr.**, 1959 (PR, DADG, MAF), 1896 en anglais (MW, OED, DADG), de *dé-* du latin *dis-,* qui indique l'éloignement, la séparation, la privation et *code,* d'après l'anglais *to decode,* 1. Didactique. Traduire dans un autre code, en langage clair (un message formulé en code) (PR), 2. Analyser le contenu de (un message) selon le code partagé par l'émetteur et le récepteur (PR) 3. Spécialement, linguistique. Percevoir et comprendre (un message formé de signes) *Ce poème est difficile à* décoder (PR), Réemprunt partiel intégré. 4. Informatique. Traduire (une suite binaire) en sa valeur numérique ou alphanumérique (PR, DADG, MAF, DMOE, GDT, PL, RDHLF, TLF).

6. **descriptivisme** [dɛskʀiptivism] **n. m.**, milieu 20^{e} siècle (PR), forme francisée de l'anglo-américain *descriptivism* (Bloomfield, 1926), Linguistique. Linguistique descriptive (*par exemple* distributionnelle) (PR), *Russell y révolutionne la philosophie du langage en introduisant sa célèbre théorie des descriptions définies et indéfinies, il formule sa thèse du* descriptivisme *vis à vis des noms propres, et caractérise ceux ci de descriptions définies « déguisées » ou « abrégées »* (*De la dénotation*, WIKIPÉDIA), (PR, LA, Reverso, Dicos, WIKIPÉDIA).

7. **distributionnel, le** [distʀibysjɔnɛl] **adj.**, vers 1960 (PR, DADG), forme francisée de *distributional*, de même origine latine que la français *distribution*, Méthode descriptive et inductive d'analyse linguistique, issue de

l'enseignement de L. Bloomfield et développée aux États Unis par Z. S. Harris (d'où aussi le nom de *méthode harrissienne*), qui consiste dans l'étude systématique de distributions. Les éléments à distribution identique ou comparable forment des classes distributionnelles, à partir desquelles se définissent, indépendamment du sens et de la situation, les règles de composition de la langue (TLF), ... *il est peu probable que, même dans un avenir éloigné, une analyse* distributionnelle *exécutée à l'aide de puissants ordinateurs parvienne à reconstituer les listes sélectives de synonymes dont les locuteurs disposent* (Coyaud, *Introd. à l'ét. des lang. documentaires,* 1966, p. 77) (TLF), Réemprunt partiel intégré. D'où **distributionnalisme** [distʀibysjɔnalism] **n. m.**, vers 1960 (PR), d'après l'anglais *distributionalism*, Théorie linguistique fondée sur l'analyse distributionnelle et qui représente la langue au moyen d'un « modèle à états finis » (ou chaînes de Markov) et qui peut être enrichi d'un « modèle de constituants » (ou « analyse en constituants immédiats ») reposant sur le principe que toute phrase est segmentable en deux éléments, ses constituants immédiats (syntagme nominal et syntagme verbal), eux-mêmes fragmentables en syntagmes, et ainsi de proche en proche jusqu'à arriver aux morphèmes (TLF), *L. Bloomfield et Z. Harris furent les principaux théoriciens de l'école américaine de linguistique connue sous le nom de* distributionnalisme (*DISTRIBUTIONNALISME*, UNIVERSALIS) ; **distributionnaliste** ou **distributionnaliste adj.** et **n.**, vers 1960 (PR), Relatif au distributionnalisme ; partisan du distributionnalisme (LA), *Nanti de son matériau, le linguiste* distributionnaliste *induira, par l'intermédiaire d'une formalisation des contextes et en s'appuyant sur l'hypothèse des deux axes de fonctionnement (paradigmatique et syntagmatique), les lois du code* (*LINGUISTIQUE - CORPUS*, UNIVERSALIS), (PR, DADG, MAF, PL, TLF, LA, UNIVERSALIS).

8. **encoder** [ɑ̃kɔde] **v. tr.**, vers 1960 (PR, DADG), adaptation de *to encode* (1919, 1955 dans le domaine d'informatique-MW, OED), de *en-* « en », du latin *in-* et *im-,* de *in* « dans », servant, avec le radical substantif qu'il précède, à la formation de verbes composés et *to code* « coder », Constituer, produire selon un code (PR), *Elle permettait à son cerveau, comme un ordinateur, d'*encoder *les informations, de les stocker pendant quelques heures, puis de les restituer fidèlement.»* (*Un véritable petit prodige, 19 décembre 2005, L'Express*), 2. Linguistique. Produire (un discours, un message) selon les règles d'un code (langue, etc.) (PR), *Il faut donc faire des trous dans la langue pour toucher la vérité. Depuis A Number 2002, […] les mots ne sont convoqués que pour* encoder *imparfaitement un univers condamné à se perdre en se disant* (*Caryl Churc*hil, UNIVERSALIS), 3. Informatique. Coder (une information) au moment de la saisie (PR), *L'asynchronisme supprimant tout point de repère, la seule méthode d'identification du lien va consister à* encoder *explicitement, dans chaque paquet, un index caractéristique du canal de communication* (*TÉLÉCOMMUNICATIONS - Transfert d'information par paquets dans les réseaux*, UNIVERSALIS), (PR, DADG, GDT, PL, TLF, L'Express, UNIVERSALIS).

9. **icône** ou **icone** [ikon] **n. m.**, vers 1970 (PR), forme francisée de l'anglais *icon*, du grec εἰκών « ressemblance, image, reflet, portrait », Linguistique. « Dans la classification de Peirce : type de signe qui opère par similitude de fait entre deux éléments; p. ex. : le dessin représentant une maison et la

maison représentée » (*Media* 1971) (TLF), *À l'*icône *s'opposent l'indice (sans rapport de ressemblance, mais avec un rapport de contiguïté) et le symbole (où le rapport est purement conventionnel)* (*Ling.* 1972) (TLF), Emprunt intégré, 2. Informatique. n. m. ou n. f., vers 1989 (PR), 1982 en anglais (OED), Symbole graphique affiché sur un écran d'ordinateur, qui représente et permet d'activer une fonction du logiciel (PR), *En informatique, une* icône *est un petit pictogramme représentant une action, un objet, un logiciel, un type de fichier, etc.* (*Icône (informatique)*, WIKIPÉDIA), Le *Journal Officiel de la République française* du 10 octobre 1998 recommande *icône*, n. f. et note que *icone*, n. m., ne doit pas être utilisé, (PR, MAF, GDT, PL, TLF, WIKIPÉDIA).

10. **idiolecte** [idjɔlɛkt] **n. m.**, vers 1960 (PR), 1948 en anglais (MW, OED), forme francisée de *idiolect,* de *idio-* du grec *idios* « propre, spécial, particulier » et *(dia)lect* « Forme régionale d'une langue considérée comme un système linguistique en soi », Linguistique. Utilisation personnelle d'une langue par un sujet parlant (PR), *Tous les* idiolectes *sont différents* (PR), D'où **idiolectal**, **-ale**, **-aux**, **adj.**, Relatif à l'idiolecte (TLF), *Il s'agit, en fait, de modalités plus ou moins volontaires de la communication, d'aspects qui, en raison des variations* idiolectales*, de la diversité des intentions des usagers, des situations etc., sont constamment et nécessairement présents dans tout message* (A. Martinet, *La Ling.,* Paris, Denoël, 1969, p. 108) (TLF), (PR, GDT, PL, TLF).

11. **interlingual, ale, aux** [ɛ̃tɛʀlɛ̃gwal, o] **adj.**, milieu 20e siècle (PR), 1854 en anglais *interlingual* (MW, DADG), de *inter-* du latin *inter* « entre », exprimant l'espacement, la répartition ou une relation réciproque et *lingual* « de la langue, qui concerne une langue », Linguistique. Qui se fait entre langues différentes (PR), *Un jeu de mots* interlingual *(ex.: sur anglais sherry et français chéri)* (MAF), Emprunt intégré, (PR, DADG, MAF).

12. **lemmatiser** [lematize] **v. tr.**, vers 1970 (PR, MAF), d'après *to lemmatise*, Linguistique. Donner à (un mot variable [accord, conjugaison, etc.] du discours) une forme canonique servant d'entrée de dictionnaire (PR), *Le vocabulaire de notre auteur entièrement* lemmatisé (G. Roques et N. Musso ds *Ét. de synt. du Moy. Fr.,* Paris, Klincksieck, 1978, p. 191) (TLF), Emprunt spécialisé intégré. D'où **lemmatisation** [lematizasjõ] **n. f.**, vers 1970 (MAF), « Opération consistant à regrouper les formes occurrentes d'un texte ou d'une liste sous des adresses lexicales » (Mounin 1974) (TLF), *Une* lemmatisation *artisanale ayant pour base un listage de toutes les occurrences des mots rencontrés* (G. Roques et N. Musso ds *Ét. de synt. du Moy. Fr.,* Paris, Klincksieck, 1978, p. 191) (TLF), (PR, MAF, GDT, TLF).

13. **performatif** [pɛʀfɔʀmatif] **n. m.**, 1962 (PR, TLF), 1955 en anglais (MW, OED, TLF), forme francisée de *performative,* de *to perform* « accomplir, exécuter, réaliser », attesté depuis 1955, en particulier chez le philosophe anglais J. L. Austin, Linguistique. Se dit d'un verbe, d'un énoncé qui constitue simultanément l'action qu'il exprime (PL), Énoncés performatifs (ex. : je promets, je jure) (PL), *Les verbes* performatifs *seraient ceux qui non seulement décrivent l'action de celui qui les utilise, mais aussi, et en même temps, qui impliqueraient cette action elle-même. Ainsi, les formules « Je te conseille de... », « Je jure que... », « Je t'ordonne de...», réaliseraient l'action qu'elles expriment au*

moment même de l'énonciation (Greimas-Courtés 1979) (TLF), Réemprunt partiel intégré, (PR, DADG, MAF, PL, DAH, TLF).

14. **quantifieur** [kɑ̃tifjœʀ] **n. m.**, vers 1973 (DADG, MAF) forme francisée de *quantifier*, de *to quantify* « quantifier, déterminer la quantité de », du latin médiéval *quantificare*, même sens, Terme de linguistique désignant un déterminant du nom qui en indique la quantité (MAF), *On appelle* quantifieurs *les déterminants qui indiquent la quantité par laquelle le nom est défini (tout, deux, chaque, un, etc., sont des* quantifieurs) (*Ling.* 1972) (TLF), Emprunt intégré, (MAF, DADG, TLF).

15. récursif, ive [ʀekyʀsif, iv] **adj.**, vers 1968 (PR), 1790 en anglais, depuis 1924 comme terme de phonétique (TLF, OED), forme francisée de *recursive* « répété indéfiniment », formé sur le supin *recursum* de *recurrere* « courir en arrière », de *currere* « courir », 1. Linguistique. Qui peut être répété de façon indéfinie (PL), *Est dit* récursif*, dans la linguistique générative, tout élément qui présente la propriété de se reproduire dans l'algorithme d'une structure de phrase à la fois comme constituant et comme constitué, c'est-à-dire à droite et à gauche de la flèche de réécriture* (*LINGUISTIQUE - RÉCURSIVITÉ*, UNIVERSALIS), 2. Logique, Mathématiques. *Fonction récursive*: fonction d'entiers à valeurs entières effectivement calculable par un algorithme (PL), 3. Informatique. *Programme récursif,* qui peut demander sa propre exécution au cours de son déroulement (PR), *C'est un phénomène général : il y a des façons canoniques pour transformer un programme* récursif *en programme itératif* (*Programmation*, UNIVERSALIS), GDT recommande aussi le synonyme *récurrent*, adj. D'où **récursivité** [ʀekyʀsivite] **n. f.**, 1968 (PR), 1. Propriété de ce qui est récursif (PL), *La grammaire du sanskrit de Pānini utilise déjà la* récursivité *au Ve siècle av. J.-C. tandis que les constructions des langues sont essentiellement récursives, par exemple, la construction des groupes nominaux: la clé de la serrure de la porte d'entrée de la maison de la rue du bout du village* (*Récursivité, Récursivité en linguistique*, WIKIPÉDIA), 2. Répétition continue d'une opération ou d'un groupe d'opérations (*Informat.* 1972) (TLF), *La* récursivité *est employée comme méthode de programmation qui consiste à utiliser une procédure par l'évaluation de ses propres arguments* (LE GARFF 1975) (TLF), GDT recommande aussi *récursion*, n. f., PR, PL, GDT, TLF, UNIVERSALIS, WIKIPÉDIA).

16. **référent** [ʀefeʀɑ̃] **n. m.**, 1955 (PR), forme francisée de *referent* de *to refer* « se référer », de l'ancien français *referer*, Linguistique. Être ou objet, réel ou imaginaire, auquel renvoie un signe linguistique (PL), *Mots dont les* référents *sont extérieurs au langage; intérieurs au langage* (PR), Réemprunt partiel spécialisé intégré. D'où **référence** [ʀefeʀɑ̃s] **n. f.**, après 1960 (PR), Fonction par laquelle un signe linguistique renvoie à un objet du monde extra-linguistique, réel ou imaginaire (TLF), *« Alors que les signes n'ont de rapport qu'entre eux […], le discours se rapporte aux choses d'une manière spécifique, qu'on peut appeler dénotation ou* référence *» (Ricœur)* (PR), D'où **référentiel, ielle** [ʀefeʀɑ̃sjɛl] **adj.**, 1963 (PR), en anglais *referential*, 1. Qui concerne une référence (TLF), *Sens* référentiel *(dénotatif) et sens connotatif* (PR), 2. *Fonction référentielle du langage :* fonction qui permet de renvoyer à un objet du

monde, à toute réalité, situation décrite (PR), (PR, RDHLF, MAF, GDT, PL, TLF).

17. **sémème** [sɛmɛm] **n. m.**, 1949 (PR, MAF), 1913 en anglais (MW, TLF), forme francisée de *sememe* « unité de signification » et « la plus petite unité de signification », du grec *sêmeion* « signe », Ensemble des sèmes d'un lexème constituant son sens ou l'un de ses sens (TLF), *Nous considérons le mot, ou plus exactement le lexème (unité minimale du discours) comme une collection de sèmes (unités minimales de sens), dont les uns sont nucléaires, les autres contextuels, le tout produisant un effet de sens ou* sémème (*Rhét. gén.*, Paris, Larousse, 1970, p. 94) (TLF), Emprunt spécialisé intégré, (PR, MAF, PL, TLF).

18. **sociolinguistique** [sɔsjolɛ̃gɥistik] **n. f.** et **adj.**, vers 1950 (PR, MAF), 1938 en anglais (MW), forme francisée de *sociolinguistics*, n. et *sociolinguistic*, adj., de *socio-* du radical de *social, société* et *linguistique*, 1. n. f. Partie de la linguistique qui traite des relations entre langue, culture et société (PR), *Si la langue est chose éminemment sociale, n'est-on pas en droit d'estimer après Labov qu'il n'y a pas de véritable* linguistique *sans* sociolinguistique *et que de ce fait la* sociolinguistique *est la linguistique véritable* (J.-B. Marcellesi, *Caractères de la socioling. fr.* ds *C.I.S.L.*, 1981-82, n° 3, p. 66) (TLF), 2. adj. Relatif à la sociolinguistique (PL) *Toutes les études* sociolinguistiques *de détail amènent des petites découvertes de toutes sortes (M. Cohen, Matériaux pour une sociol. du lang., t. 1, 1971, p. 14).* (TLF), Emprunt intégré. D'où **sociolinguiste**, **n.**, Spécialiste de sociolinguistique (TLF), *On peut être tenté de dire que la sociolinguistique comble le manque de la linguistique face aux faits de norme. Il y a chez Fishman (1971) et les* sociolinguistes *américains une approche du phénomène qui mérite l'attention* (*La Pensée*, janv. 1980, n° 209, p. 54) (TLF), (PR, MAF, GDT, PL, TLF).

19. **understatement** [œndœrstɛtmɛnt] **n. m.**, vers 1960 (DADG, MAF), 1799 en anglais (OED, DADG), littéralement « sous-déclaration », de *under* « sous, en-dessous de » et *statement* « déclaration, affirmation », Litote, expression typique de l'humour anglais (Reverso), *«Moi qui étais sensible aux Marx Brothers et à Mel Brooks, j'ai retrouvé chez Allen cette même forme d'humour et cette façon d'utiliser à merveille l'*understatement*: en dire beaucoup avec peu.»* (*Woody et tout le reste*, 23 octobre 2003, *L' Express*), Emprunt culturel, (DADG, MAF, Reverso).

